**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# ПОЛОЖБАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1944-1963 ГОДИНА

**- МАГИСТЕРСКА РАБОТА -**

**Ментор:**
**проф. д-р Виолета Ачкоска**

**Магистрант:**
**Марјан Иваноски**

**Скопје 2010**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД....................................................................................................3

ГЛАВА ПРВА

1. ПОЛОЖБАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА СПОРЕД НОРМАТИВНИТЕ АКТИ НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА/НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА..........................8

1.1. АСНОМ и правата на малцинствата..............................................8

1.2. Малцинствата според уставите од 1946 година и 1963 година................14

1.2.1. Извештајот на Пол Скадегард..........................................................16

ВТОРА ГЛАВА

2. АЛБАНСКОТО МАЛЦИНСТВО.........................................................17

2.1. Кус историски преглед на доселувањето на Албанците на територијата на денешна Р. Македонија до крајот на Втората светска војна....................................................................................................17

2.2. Промените во бројната состојба на Албанците и територијалната распределеност по Втората светска војна.................................................22

2.3. Појава на албански сепаратизам ..........................................................38

2.4. Развиток на културата и просветата кај албанското малцинство во НРМ.........................................................................................................52

ТРЕТА ГЛАВА

3. ТУРСКОТО МАЛЦИНСТВО.................................................................62

3.1. Иселувањето на Турците од НРМ.........................................................62

3.2. Бројната состојба на турското малцинство и промена на националниот идентитет на дел од муслиманското население заради полесно иселување во Турција.......................................................................................................72

3.3. Развиток на културата и просветата кај турското малцинство во НРМ.........................................................................................................76

ГЛАВА ЧЕТВРТА

4. ДРУГИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО НРМ....83

4.1. Бројната застапеност на другите малцинства во НРМ ....83

4.2. Решавање на проблемот со бившите српски колонисти....87

ПЕТТА ГЛАВА

5. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ СТАТУС НА МАЛЦИНСТВАТА....93

ЗАКЛУЧОК....106

Користени извори и литература....112

# ВОВЕД

До Балканските војни (1912-1913), Македонија претставувала една целина во рамките на Османлиската империја. По завршувањето на балканските војни, Османлиската империја била протерана од Балканскиот полуостров, а Македонија поделена на четири дела помеѓу Балканските држави. Таа поделба, со мали измени, била потврдена по завршувањето на Првата светска војна (1914-1918), така што Вардарскиот дел од Македонија и припаднал на Србија, односно Кралството на Србите Хрватите и Словенците, пиринскиот дел на Бугарија, егејскиот на Грција и еден помал дел на новоформираната албанска држава. Со оваа поделба била извршена голема неправда врз македонскиот народ, со која што без да биде прашан бил приклучен кон соседните балкански држави. На тој начин вештачката поделба на Македонија го оневозможил демографскиот, културниот и економскиот развиток на македонскиот народ. Но уште потежок бил развитокот на единствена национално-ослободителна борба на македонскиот народ за формирање на национална држава.

Во сите окупирани делови, врз македонскиот народ била вршена најгруба денационализација и асимилација од постојните режими. Во најголемиот дел од Македонија што припаднал на Грција, македонскиот народ бил крајно деградиран. Врз него се вршеле најжестоките методи на дискриминација и асимилација. Грчките власти спроведувале насилна политика на менување на етничкиот состав на населението во полза на грчкиот национален елемент. Македонците, кои биле најмногубројни со околу 35%, биле третирани како “Славофони” или “Бугари”, се со цел полесно да бидат протерани во Бугарија преку т.н. доброволни размени на населението. Па така со помош на тие конвенции за размена на населението потпишани со Бугарија во Неј 1919 и со Турција во Лозана 1923 година, од

Егејскиот дел на Македонија биле протерани повеќе од 80.000 Македонци во Бугарија, околу 350.000 Муслимани во Турција, а во Македонија од Мала Азија биле доселени повеќе од 600.000 Грци како и Ерменци, Туркофони (Караманлии), Кавкасци и Евреи кои биле главно прогрчки ориентирани. На македонското и останатото негрчко население што останало во рамките на грчката држава не им биле дадени никакви национални и културни права. Македонскиот јазик бил строго забранет да се користи јавно со закон донесен во 1926 година, а по 1938 година и во домовите. Топонимите и личните имиња биле променувани во грчка верзија.

Положбата на македонскиот народ во пиринскиот дел на Македонија кој бил под бугарска власт во некои сегменти се разликувала од онаа во другите делови на Македонија. Македонците во Бугарија биле убедувани дека се “дел од бугарскиот народ” и дека не се национално обесправени. Македонскиот јазик бил третиран како дијалект на бугарскиот, македонската историја била прикажувана како бугарска, македонската култура како дел од бугарската и сл. На Македонците им било дозволено право на легално организирање но само ако тоа одговарало на политиката на бугарската држава спрема Македонија, во спротивно биле изложувани на прогони. Бугарската политика одела дотаму што ги прифаќала бегалците од вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, се со цел Бугарија да се прикаже како “мајка-матица” на сите Македонци и дека има право на целата територија на Македонија.

Вардарскиот дел на Македонија кој влегол во Кралството СХС, српските власти го именувале како “Јужна Србија” или “новоослободени краеви”, а по 1929 година како Вардарска бановина, а Македонците како “Јужносрбијанци” или само Срби. Се со цел да се разбие македонската етничка компактност, властите колонизирале Срби и Црногорци од Србија и од другите краеви на Кралството. Единствен дозволен јазик бил српскиот. На

Македонците не им било дозволувано формирање на било какви друштва, организации и политички партии на национална основа.

Другите националности на територијата од окупираните делови на Македонија се нашле во слична положба со македонскиот народ, освен ако не биле дел од онаа нација што била окупатор во Македонија. Меѓутоа за издвојување се муслиманските малцинства во делот што потпаднал во Крлаството СХС, имено на нив им биле дадени верски слободи како и право на формирање на верска политичка партија која што ги претставувала сите муслимани во законодавниот дом.

Во текот на Втората светска војна, Македонија претрпела нова поделба, а положбата на македонскиот народ уште повеќе се влошила. Со германска помош, Бугарија приграбила најголем дел од етничката територија на Македонија. Покрај тоа што го задржала пиринскиот дел, нејзе и припаднал најголемиот дел од Вардарска Македонија, а од егејскиот дел и припаднала територијата источно од р. Струма. Централниот дел од егејска Македонија бил германско окупационо подрачје, а Италија го окупирала западниот дел од егејска и вардарска Македонија.

Македонскиот народ под сите окупациони зони и натака бил дискриминиран и асимилиран. Во егејскиот дел од Македонија, германското и италијанското окупационо подрачје потпаднало под јурисдикција на грчката квислиншка влада. Врз македонскиот народ од овој дел, продолжила грчката политика на негирање на македонската самобитност, асимилација и терор. Истото се случувало и во делот од Македонија што потпаднал под бугарска окупација. Заземањето на тие територии бугарската влада настојувала да го прикаже како природно проширување на бугарската територија и ослободување на “бугарските краеви”.

Особено била силна пропагандата во делот од Вардарска Македонија што припаднал на Бугарија. Пропагандната машинерија на негирање на

македонската националност започнала со самата окупација. Македонците и натака биле нарекувани "Бугари" или "Македонски Бугари", а јавното изјаснување на македонската самобитност било најжестоко санкционирано. Денационализаторката политика главно била спроведувана преку образовниот систем, а исто така биле користени и културно-пропагандни и други установи, како и младинските големобугарски и профашистички организации. Западниот дел од Вардарска Македонија што бил окупиран од Италија бил приклучен кон квислиншката творба "Голема Албанија". Македонскиот народ и во овој дел од Македонија морал да ги претрпува најгрубите форми на денационализација, дискриминација, етничко чистење и терор од страна на албанските квислинзи.

Положбата на другите националности на територијата на Македонија генерално не била многу поразлична од онаа на Македонците, освен ако не припаѓале на онаа националност којашто била окупаторска во дадената област. Па така оние Грци што биле затекнати на територијата што била под јурисдикција на грчката марионетска држава, биле привилегиран елемент, односно "владечка нација". Истото било и со оние што манифестирале етничка "бугарска свест" во делот окупиран од Бугарија и што целосно се ставиле во служба на окупаторскиот режим. Во делот што влегол во составот на "Голема Албанија", албанското население под автоматизам припаѓало на "владеачката нација". Врз другите национални малцинства, во сите окупирани делови на Македонија, биле вршени најразлични методи на дискриминација и асимилирање. Така врз најголем дел од Србите, кои биле колонизирани за време на Кралството Југославија во Вардарска Македонија, бугарскиот окупаторски режим презел мерки на нивно протерување во Србија. На останатите Срби не им била признаена националноста. Исто така и врз турската популација се вршела дискриминација врз етничка и верска основа. Турците се нашле во незавидна положба и во делот што влегол во

"Голема Албанија". Имено, албанските квислинзи ја користеле исламската религија за да ги присилат Турците да се инкорпорираат во албанскиот етнички корпус, за да би се реализирала желбата за создавање на етнички и верски хомогена држава. Исто така голем притисок и терор бил вршен и врз исламизираните Македонци како и врз Ромите.

Токму поради ваквата положба на Македонскиот народ и другите националности, уште од првите денови на окупацијата се започнало со организирање против окупацијата, кое што во наредните месеци и години добило карактер на вооружено востание против окупаторите. Борби против окупаторите се воделе во сите делови од Македонија, меѓутоа најсилни биле во вардсркиот дел од Македонија, што резултирало со создавање на првата македонска национална држава на 2 август 1944 година.

# ПРВА ГЛАВА

## 1. ПОЛОЖБТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА СПОРЕД НОРМАТИВНИТЕ АКТИ НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА/НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1.1. АСНОМ и правата на малцинствата

Создавањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација беше резултат на учеството на македонскиот народ во големата антифашистичка војна во текот на Втората светска војна. Но македонската држава создадена на територијата на т.н. Вардарски дел на Македонија не го решила во целост македонското прашање. Иако Македонците од пиринскиот и егејскиот дел ја подржувале и активно учествувале во антифашистичката војна, сепак, внатрешниот и меѓународниот фактор не дозволил интегрално да се реши македонското национално прашање, па така судбината на Македонците од пиринскиот, егејскиот и оној помал дел што припаднал на Албанија и понатаму останала врзана за државите во кои се наоѓаа деловите.

Државноста на македонскиот народ се градела во текот на националноослободителната борба. Народноослободителните одбори и партизанските одреди се првите органи на новата државност, која се создавала како негација на фашистичката окупаторска власт[1]. Овие органи биле управувани од Покранискиот комитет на КПЈ за Македонија и Покраинскиот штаб на Народноослободителните партизански одреди на

[1] Евгение Димитров, Значењето на Првото заседание на АСНОМ за изградбата на државноста на македонскиот народ, Зб. "Развиток на државноста на македонскиот народ", ИНИ, Скопје 1966, 238

Македонија. По само една година од почетокот на востанието, Покраинскиот штаб на НОПОМ прераснал во Главен штаб, а во почетокот на 1943 година Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија во Комунистичка партија на Македонија, и со тоа овие органи имале посебно значење во изградбата на македонската државност, затоа што се до Првото заседание на АСНОМ ги вршеле функциите на највисоки органи на власта. Од вонредно значење за градење на државноста на македонскиот народ претставувал Манифестот на Главниот штаб на НОВ (октомври 1943 година) во кој меѓудругото се вели дека Македонците "ќе извојуваат национална слобода и рамноправност и ползувајќи го правото на слободно самоопределување ќе можат да создадат своја народна држава во состав на поширока федеративна заедница" [2]

Одлуките на Првото[3] и на Второто[4] заседание на АВНОЈ, иницирале свикувања на земски национални заседанија на сите народи на Југославија вклучувајќи го и македонскиот. Па така Иницијативниот одбор за свикување на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, во исклучително тешки воени услови, ги забрзал активностите и го подготвувал теренот за свикување на државотворното собрание. Иницијативата на Моша Пијаде поднесена до Претседателството на АВНОЈ од 31 март 1944 година, претставувала прилог кон натамошното оформување на земските антифашистички собранија и на народната власт, поточно да се иницира постапка за земските антифашистички собранија да донесат декларација за народната власт и правата на граѓаните, кои би се базирале врз Декларацијата на АВНОЈ за народната власт.[5]

---

[2] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори, Скопје 1981, 408

[3] Првото заседание на АВНОЈ било одржано на 26 ноември 1942 година

[4] Второто заседание на АВНОЈ била донесена Одлука за создавање на федеративна југословенска држава составена од шест републики: Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Македонија. Ова заседание било одржано на 29 и 30 ноември 1943 година во градот Јајце.

[5] Новица Вељановски, Државноправниот развој на Македонија, Скопје 1992, 44

Но треба да се напомене дека уште пред Второто заседание на АВНОЈ се разгледувале можностите за одржување на антифашистичко собрание. Имено писмото на Кузман Јосифовски – Питу од 17 октомври 1943 година предвидувало: "Таму, во ослободена Македонија да се формира Антифашистичко народно-ослободително собрание на Македонија со свој извршен комитет како едино политичко претставништво на македонскиот народ. Тоа А.Н.О.С на М(акедонија) ќе (ја) прогласи заедно со Главниот штаб на Н.О.В и П.О. Слободна Македонија."[6]

Иницијативниот одбор, именуван од Главниот штаб на НОВ и ПОМ, добил овластувања да дејствува како соодветен највисок орган на власта, притоа преземајќи ја функцијата и на Акциониот одбор на Народноослободителниот фронт на Македонија. Во рамките на подготовките за одржување на Првото заседание на АСНОМ, Иницијативниот одбор имал за задача да состави листа на делегати што требале да учествуваат на заседанието.

Откако биле извршени сите организациони и воено-политички подготовки се свикало Првото заседание на АСНОМ во манастирот "св. Прохор Пчињски" на 2 август 1944 година во присуство на делегати од трите дела на Македонија. Одржувањето на АСНОМ било оценето како историска пресвртница и почеток на нова епоха на национален слободен живот, затоа што било прогласено создавањето на Демократска Федерална Македонија и со тоа за прв пат македонскиот народ стекнал своја државност. На заседанието, кое било отворено од најстариот делегат Панко Брашнаров, биле донесени девет законодавни акти кои се од државотворно значење. Од посебно значење претставувало "Решението за прогласување на АСНОМ за врховно законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија". Со тој акт бил

[6] АСНОМ. Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, т. I, кн. 1, Скопје 1984, 40

формиран Президиумот на АСНОМ кој извршувал функција на влада.[7] Со решението за одобрување на одлуките донесени од Главниот штаб и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, Президиумот на АСНОМ се определил да го продолжи нужниот континуитет на Националноослободителната војна и изградувањето на државата во неа.[8] Од државотворно, политичко и историско значење за македонската држава и народ претставувало решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава.[9] Со актот на озаконување на народниот јазик и негово подигање на ниво на државен јазик, се развило чувство за негово литературно оформување а тоа секако плодотворно влијаело за натамошниот развиток на македонската национална култура. Но ова решение не значело потиснување или негирање на јазиците на малцинствата, чија употреба била регулирана со понатамошните акти, ова решение во суштина значело употреба на македонскиот јазик во сите државни органи и други институции и на тој начин би се одбегнала гетоизирање на малцинставата со јазикот.

Меѓу значајните акти на Првото заседание на АСНОМ, кои биле од државно-правно значење, но и се однесуваа на регулирањето на прашањата кои се однесуваа на меѓуетничките односи, претставува "Декларацијата за основните права на граѓаните на Демократска Македонија." Декларацијата ги признавала, подржувала и уважувала општоприфатените демократски и

[7] За претседател на Президиумот бил избран Методија Андонов - Ченто. Останати членоив на Президиумот биле: Мане Чучков и Панко Брашнаров – потпреседатели, Љубомир Арсов и Владимир Полежиновски – секретари, Цветко Узуновски, Венко Марковски, Богоја Фотев, Михаило Апостолски, Страхил Гигов, Петре Пирузе, Јован Ѓоргов, Кирил Петрушев, Епаминонда Поп Антонов, Генадие Илиев Лешков, Ќемал Аголи, Лазар Соколов, Вера Ацева, Камбер Хасан, Ацо Петровски, Младен Ѓорѓев Челопечки и Лилјана Чаловска - членови. На 6 август Президиумот одржал седница, на која била одлучено да бидат кооптирани и членовите: Кирил Крстев, Васил Калајџиевски, Живко Брајковски и Абдула Алија.

[8] Н. Велјановски, Државноправниот развој…, 49

[9] Документи за борбата на македонскиот народ..., 594

човечки права на граѓаните и се укинувала дискриминацијата од секаков вид гарантирајќи ја еднаквоста меѓу луѓето. Според членот 1 од Декларацијата "сите граѓани на федералната македонска држава биле еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, раса и вероисповед".[10] Во продолжение декларацијата ги гарантирала слободата на вероисповеста и совеста, потоа слободата на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на здружувањето. Гарантирано било и избирачкото право на сите граѓани и граѓанки кои наполниле 18 години освен ако не направиле некој престап. Изборното право избирачите на Демократска Македонија го вршеле со тајно гласање врз основа на сопствени убедувања. На секој граѓанин му се гарантирало правото на жалба и поплака кај државните власти. Во декларацијата била наведена и обврската на народната власт за отстранување на неписменоста, подигање на народната култура и бесплатна просвета.

Посебно значајна била одредбата од Декларацијата со која што на "националните малцинства на Македонија се осигурават сите права на слободен национален живот". Тоа значело дека однапред била отфрлена било каква мајоризација, асимилација или супремација на национална основа. На тој начин на сите национални малцинства им се обезбедувале сите права на слободен национален живот и право на рамноправност како граѓани еднакви со државотворниот народ. Оваа Декларација претставувала појдовна точка за регулирање на правата на малцинствата во Република Македонија во уставите што следеле наредните години.

Основните начела за правата на националните малцинства во Декларацијата биле утврдени и во Манифестот на Првото заседание на АСНОМ во кое се вели "Борејќи се за слободата на македонскиот народ, Првото македонско народно собрание ги прокламира правата на полна

[10] Истото, 593

слобода и рамноправност на сите народности во Македонија"[11] Во директното обраќање до малцинствата "Арнаути, Турци и Власи", Манифестот повикувал заеднички да се изгради слободна Македонија. Било посветено и посебно внимание на сепаратистичките тенденции на одредени националности и претставувале можна опасност за македонската држава.

Асномските демократски начела за рамноправност на сите граѓани биле санкционирани и од првата македонска влада формирана на 16 април 1945 година. На 25 април 1945 година била донесена "Декларацијата на првата народна влада на Федерална Македонија".[12] Во оваа Декларација се инсистирало на остварување на внатрешно единство меѓу сите народности: "Шиптари, Турци, Власи, Евреи и други", но и дека "ќе биде безобѕирна против сите шовинисти и сепаратисти, против сите што сакаат да ги омаловажуваат нашите придобивки, што не ја признаваат самобитноста на македонскиот народ, против сите агенти на големосрбите, големобугарите, големоалбанците и други рушители на тие темели".[13]

Основните асномски начела за човекови права биле во согласнот со нешто подоцна донесената Декларација за човековите права на Организацијата на обединетите нации (ООН) од 1948 година.

Сфаќањата за правата на граѓаните а пред се на малцинствата произлегувале од доследниот револуционерен демократизам на делегатите на АСНОМ. Тешката положба на македонскиот народ низ историјата како и тежненијата на балканските земји за негова асимилација и целосна негација, претставувал дополнителен поттик да сите граѓани ги уживаат своите права без разлика на националноста и да не се најдат во подредена положба како што тоа му се случувало на македонскиот народ под власта на другите

---

[11] Истото, 623

[12] Прва народна влада на Македонија. Изд. Одбор за одбележување на 40-годишнината од формирањето на Првата народна влада на Македонија, Скопје 1985, 59

[13] Истото

балкански држави. Всушност и денес некои држави можат да и позавидат на високата демократска свест што ја манифестирале македонските државници на АСНОМ.

## 1.2. Малцинствата според уставите од 1946 година и 1963 година

Асномските принципи за рамноправност, еднаквост, толеранција и почитување на различните националности и конфесии, биле инкорпорирани во првиот, но и во наредните устави на Република Македонија.

На 31 декември 1946 година бил донесен првиот устав на Народна Република Македонија. Според овој устав на националните малцинства им биле гарантирани сите права, односно да "уживаат право и заштита на својот културен развиток и на слободна употреба на својот јазик" (член 12). Во член 20 пишувало дека "Сите граѓани на Народна Република Македонија се еднакви пред законот и се рамноправни без оглед на нардоност, раса и вероисповест... Противен му е на Уставот и подлежи на казна секој акт со којштон а граѓаните им се даваат привилегии или се ограничуваат правата врз основана разликата во народноста, расата и вероисповеста, како и секое проповедање на национална, расна или верска омраза и раздор."[14]

Според уставот од 1963 година, на, сега веќе Социјалистичка Република Македонија, за малцинствата се користел двоен термин "народности-национални малцинства". Вметнувањето на терминот "народност" произлегол од потребата за јакнење на југословенското братство и единство, и со тој термин се сакало да се покаже загарантираноста на правата на малцинствата.

[14] Славко Милосавлевски и Мирче Томовски, Албанците во Република Македонија 1945-1995, легислатива, политичка документација, статистика, "Студентски збор", Скопје 1997, 15

Во главата III од уставот под наслов “Општествено-политичко уредување” за малцинствата и нивните права било посветено посебно поглавје. Па така македонскиот народ и националните малцинства биле рамноправни и имале исти права и должности. На локално и републичко ниво им била дозволена сразмерна застапеност во “општинските собранија и во Собранието на Социјалистичка Република Македонија” и во “нивните органи”. На секоја “народност” ѝ се гарантирало правото на слободна употреба на својот јазик, слобдно можела да ја развива својата култура и да формира свои установи и организации што ѝ ги обезбедувале овие права. Образованието и воспитанието, националните малцинства можеле да го остваруваат на својот мајчин јазик, во местата каде живееле. Покрај образованието, на малцинствата им бил гарантиран и развојот на печатот, радиото и телевизијата на мајчиниот јазик. Во оние општини каде националните малцинствата биле застапени во поголем број, одлуките и другите поважни акти на општинските собранија се објавувале на јазикот на “народностите”. Во национално мешаните подрачја, Уставот им го гарантирал правото на употреба на својот јазик во судските и управните постапки и предвидувал јавните натписи во овие подрачја да бидат двојазични. Уставот предвидувал, со статутот на општината, а во согласност со општите услови утврдени со закон, да бидат определени поблиски услови и постапка со кои би се обезбедило остварувањето на уставно гарантираните права на припадниците на народностите-националните малцинства.[15]

Со уставот од 1946 година биле гарантирани правата, еднаквоста и должностите на националните малцинства, а истите биле потврдени и дополнително проширени со уставот од 1963 година. Правата и рамноправноста на националните малцинства не останале само формално на хартија, туку за нивно имплементирање на теренот биле вложени сите напори

---

[15] Истото, 16-21

на тогашните партиско-државни органи, за што ќе зборуваме во наредните Глави.

### 1.2.1. Извештајот на Пол Скадегард

Најдобра потврда за тоа дека малцинствата ги уживале сите права во НРМ претставувал Извештајот на Генералниот секретар на федералната Унија на европските националности и области Пол Скадегард, кој го поднесол на конгресот на Унијата во Кардиф од 5-8 мај 1955 година, за малцинствата. Скадегард пристигнал во неколкудневна посета на НР Македонија на 29 март 1955 година. По претходни упатства и дадени податоци за составот на населението од надлежните органи, Скадегард ги посетил Скопје, Тетово и Гостивар. Во неговиот извештај за состојбата на малцинствата во НР Македонија ги изнел следните заклучоци: "главно мојот впечаток за југословенска Македонија е овој: правата на малцинствата се многу респектирани и пазени од југословенските власти. Културната и просветната слобода јасно респектирана... Секој локален јазик може да се употребува дури и пред властите, а фактички се употребува секој ден. Секој припадник на едно малцинство може да добие службена должност, а политички прогони поради јазикот, расата, потеклото или исповеста не изгледа дека се употребуваат. Локалните власти изгледа дека се успешни и успешно во рацете на локалните граѓани… Во споредба со условите за живеење во Грција, без сомнение народните групации во југословенска Македонија уживаат многу поголема лична и културна слобода. Политички, во извесна степен, тие се приврзани кон комунизмот, но тоа не е во врска со нивниот малцински статус..."[16]

[16] ДАРМ. 01.0465. 0039. 0001/ 0009

# ВТОРА ГЛАВА

# 2. АЛБАНСКОТО МАЛЦИНСТВО

## 2.1. Кус историски преглед на доселувањето на Албанците на територијата на денешна Р. Македонија до крајот на Втората светска војна

Албанското (шиптарско)[17] национално малцинство претставувало најбројно малцинство во НР Македонија. Во годините по војната, ова малцинство, со мали отстапки, бележело постојан пораст во бројноста. Најголемиот број од Албанците се муслимани-сунити и ги населувале воглавно северозападните делови на НР Македонија. Според етничкото потекло албанското национално малцинство во НР Македонија било составено од 80 % етнички Албанци. Од останатите 20 % најмногу биле застапени албанизирани Македонци, потоа Турци, Роми и Черкези.

Албанците на денешната територија на Република Македонија започнале да се доселуваат на повеќе етапи во текот на османлиското владеење на Балканот. Албанците до крајот на XVII век речиси и да ги немало на територијата на денешна Р. Македонија.[18] Првото помасовно населување започнало по задушувањето на Карпошевото востание (1689 г.), а

[17]На официјалните пописи во НР Македонија, за албанското национално малцинство се користел терминот "Шиптари". Истиот назив се користел и во официјалните државни и партиски документи, како и во секојдневната употреба на населението. Многу поретко се користел терминот "Албанци". Македонците ова население во времето на османлиското владеење гоословувало како Шиптари, Арнаути, Геги, но не ретко и Турци (поради исламската религија биле идентификувани со Турците).

[18] Према една карта во која е прикажана етничката структура на балканскиот полуостров од XVI век, Албанците не биле застапени на овие простори, таквата состојба се задржала се до крајот на XVII век. (Atanasije Urosevic, Kosovo, "Naselja", kn. 39, Beograd 1965, 70.)

се интензивирало во периодот од 1780 година до 1840 година.[19] Доселените Албанци на територијата на НР Македонија припаѓале на две групи Геги и Тоски[20]. Најголем дел поточно 90% од доселениците Албанци мигрирале од Северна Албанија кои припаѓале на племето Геги, а само 10 % од доселените Албанци припаѓале на племето Тоски и се доселиле од Јужна Албанија. Од Северна Албанија имало вкупно седум правци на доселување а од јужна Албанија имало два миграциони правци.[21] Според имињата на некои од родовите на доселените Албанци (Геги и Тоски) може да се утврди од кои предели од Албанија се доселиле на територијата на Р. Македонија. Најчесто се нарекувале според областите од кои доаѓале (пр. Родови со име Љума и Љумљан има повеќе на територијата на Р. Македонија и името го добиле по

[19] После завршувањето на австро-турските војни и актуелизирањето на источното прашање, како и настојувањето на Австриското и Руското царство да ги потикнат христијаните од Балканот на борба против Османлиското царство, Османлиите гледале во христијаните главен непријател и го подготвиле теренот за помасовна исламизација и колонизација на муслиманско население (Албанци и Турци). Малоазиските Турци главно биле населувани во источниот дел а муслиманските Албанци во северозападниот дел на денешна Р. Македонија. Jovan Trifunovski, Albansko stanovnistvo u socijalistickoj republici Makedoniji, Beograd, 1988, 14

[20] Помеѓу Гегите и Тоските имало изразени јазично-културни и економски разлики. Дури и во периодот по 1944 година биле одбегнувани брачните врски помеѓу двете племиња. Границата помеѓу гегите и Тоските во НР Македонија претставувала реката Шемница, десната притока на Црна река во Битолско-прилепската котлина и во околината на Струга реката Црн Дрим. (Истото, 10.)

[21] Од Северна Албанија правците биле: Еден од околината на Пешкопеја према околината на Дебар а од таму кон околината на Струга; втор правец бил преку областа Љума и планината Кораб во пределот на Горна река; третиот правец од околината на Љума преку шарпланинскиот превој Враца кон гостиварската околија; четвртиот исто од околината на Љума преку преминот меѓу Шар планина и Кораб кон околината на Тетово; петиот правец преку областа Пилот кон Метохија па преку шарпланинскиот превој Кобилица во околината на Тетово; шестиот правец бил преку Метохија - Косово поле и Качаничката клисура кон Скопската котлина и долен Полог и седмиот правец бил Метохија- Косово поле - Горна Морава кон кумановската област. Од јужна Албанија двата миграциони правци биле: првиот од околината на Елбасан и областа Черменика, преку превојот Ќафасан на јужниот дел на планината Јабланица и од таму кон Струга, а вториот правец бил од колнија и околината на Корча, преку Преспа кон околината на Битола. (Истото, 48-49)

областа Љума, Северна Албанија)[22], но не бил и занемарлив бројот на родовите кои имињата ги добиле по селата од кои се доселиле.[23]

Гегите и Тоските се доселувале во Македонија во мали групи. Поттикнати и подржани од османската власт го истиснувале македонското-христијанско население вршејќи терор и насилство над истото и ограбувајќи го неговиот имот, стада итн.[24] Први на удар биле горнореканските села во дебарско. До средината на XIX век Горна Река била целосно албанизирана и исламизирана. Првичните населувања на Албанците биле на високите планински села, планински превои и клисури, на тој начин Албанците ги запоседнале најважните сообраќајни комуникации.[25] Но поради големиот прилив на нови доселеници од Албанија, Албанците започнале да навлегуваат и во низинските села населени со Македонци-христијани пред се Полог, Кумановско, Струшко итн.[26] Тоа особено било интензивирано кога албански поединци биле назначени за локални претставници на османската власт, пред се во Скопје, Тетово, Охрид и Битола и тие настојувале да во својата околина имаат свои сонародници повикувајќи ги и помагајќи да се постепено населуваат во новите територии.[27]

---

[22] Други родови се Матњан и Матај имињата ги добиле од областа Мат, Дибран од областа Долна Дибра, Родовите, Хас, Миридит и Фанди имињата ги добиле од истоимените области, Ѓини од Дукаѓини и сл. Истото, 38-40

[23] Такви родови биле Булица, Топојан, Арнор, Имиште, Шпат, Виљ, Церени и др. Истото, 40-42

[24] Ограбувањето го вршеле преку вооружени формации од 200-300 души под водство на одделни племенски главатари (бајрактари).

[25] На тој начин многу македонски-христијански села биле под "опсада" од албанско-муслиманските селани, затоа што се наоѓале на такви места што претставувале идеални стратешки точки на качачките банди за пљачкање и тероризирање на христијанското население. (Истото, 66)

[26] Карактеристично е тоа што Албанците при доселувањето како и во подоцнежниот период не основале свои села со албански топоним, не само села туку воопшто нема ниту еден топоним на територијата на денешна Р. Македонија кој е албански.

[27] Такви угледни албански поединци биле Али-бег од Тетово неговиот син Мемет-паша и внук Алим-бег кои населувале Албанци во полошките села. Јусуф-бег населил Албанци во струшкото село Татеш и други истакнати албански паши и бегови населувале свои сонародници како Абурахман-паша од Тетово, Хамзи-паша од Скопје, Џеладин-бег од

Населувањето на албанското-муслиманско население во Македонија и во другите неалбански краеви, било од голема корист за Османлиската држава. Со доселувањето не само што се успеало да се разбие компактноста на христијанското население, туку и доселените Албанци претставувале дополнителна воена сила која била од голема корист во совладувањето на буните и востанијата на христијанското население. Албанците активно учествувале на страната на османлиските власти против востанијата во Србија и Грција во почетокот на XIX век, во големата источна криза од 1875-1878 година, а подоцна и против востанието на македонскиот народ во 1903 година. За возврат османската држава им дала полна слобода на албанските доселеници да вршат самоволија и терор над христијанското население, да ги ограбуваат селата и да се населуваат каде сакаат. Насилствата, ограбувањата и теророт на албанските банди подржани од месното албанско население не било карактеристика само на првиот период кога се доселувале, туку траеле се до повлекувањето на Османлиите од Македонија.[28] Таквиот однос на

---

Охрид, Емин-ага и неговиот син Али-бег од Велес, Дали-бег од Дебар, во околината на Ресен и Струга свој придонес за населување на муслиманско-албанското население придонел Али-паша Јанински

[28] Јован Трифуновски во своите опсежни истражувања за Албанците во Македонија вршел разговори со постари жители на повеќе села и Македонци и Албанци, па така некои постари жители Македонци од селото Раштак, Скопско говореле за насилствата на соседите Албанци до балканските војни " Тије биле дивјаци. Ако одиме на дрва во планина ќе те утепав. Ако одиме у воденица ќе те утепав. Ако одиме у Скопје на пазар ќе те утепав. Нашите жени цел ден плачат додека се вратат мажите". Во велешкото село Оморани во XIX век се населиле муслимански Албанци, но откако дошол качакот Зубер, народот велел:" Од кога дојде тој, од тогај сите 'Турци' (Албанци) постанале лоши во Оморане", за брзо време на Македонците им биле присвоени нивите, селската црква била запалена и жителите принудени на иселување. Ваквите, но и многу потешки настани на убивање без причина, пљачкање, уривање цркви и манастири, грабнување девојки и малтретирања речиси биле секојдневие во местата каде живеело мешано македонско-албанско население и во македонските села кои биле во близина на албански села. Сите села во Р. Македонија што денес се доминатно муслиманско-албански некогаш биле чисто македонско-христијански. Точниот број на убиените Македонци-христијани во судирите со албанските качаци и иселените македонски фамилии ќе остане мистерија, впрочем не биле залудни пишувањата на игумените на манастирите дека " Велики зулум би народу христијанском". Истото, 77, 80, 83; Јован Цвијиќ пак кој ги

османските власти према Албанците било главна причина за трајна промена на етнографскиот состав на населението во западните делови на Македонија. Многу македонско-христијански села за само неколку децении биле целосно испразнети затоа што не им било дозволено организирано да се бранат од албанските качаци и арамии. Додека пак некои жители кои биле опколени од албански села за да не би се иселиле го примале исламот.[29]

После 1840 година па до почетокот на XX век бројот на албанските доселувања продолжиле но со смален интензитет, освен за одбележување се годините 1877-1878 кога поради политички причини забележани се повеќе албански доселеници од околината на Врање и Сурдулица кои се населиле во повеќе села во Кумановско и Скопско.[30] Од 1918 година со окупирањето на Вардарскиот дел на Македонија од Кралството СХС иако значајно помалку, сепак, биле забележани доселувања на Албанци меѓутоа од север, од пренаселената со Албанци област Косово и Метохија затоа што врските со матицата биле прекинати после завршувањето на Првата светска војна и воспоставувањето на граници помеѓу Кралството СХС и Албанија.

Во текот на Втората светска војна кога западниот дел на Македонија бил окупиран од квислиншка Албанија, немало големи миграции на албанското население од Албанија и Косово тоа биле пред се административно-воени и просветни кадри донесени од Албанија. Во тој период окупациската албанска власт повеќе ставила акцент на албанизирањето на муслиманското население (Македонците-муслимани, Турците, Ромите) но и на Македонците-христијани, како и на нивно

---

истражувал миграциите на Балканот забележал: "Во Македонија ми говореа - ние и во сон бегаме од Турците и Албанците" Jovan Cvijic, Balkansko poluostrvo, Beograd, 1966, 443

[29] Такви села биле Бачиште во околината на Кичево, Врањевце во околината на Гостивар, Синичане во околината на Тетово, село Горенце во долината на р. Лепенец, повеќето села од Долна и Горна Река итн. J. Trifunoski, Albansko stanovnistvo… , 65; J. Cvijic, cit.delo, 443

[30] Тоа е периодот кога српската восјка го ослободила Врање во српско-турката војна од 1876-1878 година и поради лојалноста на Албанците од тие краеви кон Османската држава не сакале да живеат под српска управа.

протерување. Сите тие мерки придонеле дополнително да се промени етничкиот состав во западниот дел на Македонија, на штета на македонскиот народ.

Но, треба да се напомене и фактот дека еден помал дел од албанско-муслиманското население на територијата на Р. Македонија било староседелско. Тоа биле пред се Македонци - христијани кои во текот на османлиското владеење биле приморани да го примат исламот и со тек на време биле албанизирани бидејќи живееле меѓу доселените Албанци. Такви родови имало повеќе на територијата на Македонија, меѓутоа нивниот број науката досега неможела да го утврди, поради тоа што често се криело потеклото на муслиманските родови чиј предок бил Македонец-христијанин.[31]

## 2.2. Промените во бројната состојба на Албанците и територијалната распределеност по Втората светска војна

Процесот на менување на етничкиот состав во Западна Македонија во полза на Албанците, кој траел повеќе од два века, продолжил и во повоениот период. Младата македонска држава не успеала ниту пак покажала некој голем интерес да ги спречи процесите на демакедонизација на Западна Македонија се со цел да не се наруши прокламираното "братство и единство" и односите со НР Албанија. Во овој период се одвивале тивки и постепени но и неповратни етнички процеси на штета на македонскиот народ.[32] Тоа најдобро може да се следи преку официјалните податоци на пописите на населението на НР Македонија.

---

[31] J. Trifunoski, Albansko stanovnistvo… , 7-8

[32] Стојан Киселиновски, Етнички промени во Македонија, Скопје 2000, 108

Првиот попис во ФНР Југославија а со тоа и во НР Македонија бил одржан на 15 март 1948 година. Овој попис бил наречен “краток попис”, затоа што главната цел била да се соберат податоци за бројноста и составот на населението. Овој попис е дотолку важен што за прв пат можело да се добие приближно точна слика за националниот состав на тлото на НР Македонија, затоа што за прв пат на еден попис Македонците можеле слободно да се изјаснуваат.

Според од овој попис на територијата на НР Македонија живееле вкупно 1.152.986 жители од кои 789.648 Македонци, или 68.5%, а Шиптарите (Албанците) како најбројно малцинство биле застапени со 197.389 односно 17.1% од населението.[33] Меѓутоа оваа бројка на шиптарското малцинство не била реална. Имено последиците од окупацијата на Западна Македонија се чувствувале во годините по војната. Невидената пресија и терор врз населението од овој крај, пред се муслиманското (Македонците - муслимани, Турците, Ромите) да се попишуваат како Албанци за време на Втората светска војна оставило свои траги и во повоениот период, пред се врз оние муслимански маси со лабилна национална свест. Но не смеат да се заборават ниту притисоците на одделни албански учители и локални претставници врз останатото муслиманско население да се декларира за “шиптарско” Особено карактеристична била ситуацијата во Тетово и Гостивар, каде безмалку целото турско население било попишано како албанско.[34] Во Тетовската околија биле евидентирани 48.647 Шиптари, но спрема исказите на сите муслимани Турците биле преку 70%, а во Гостиварската околија биле евидентирани 37.967 Шиптари меѓутоа во тој број биле броени и Турците.[35]

[33] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, Beograd 1954, 14

[34] Борче Илиевски, Етничките и демографските промени на територијата на денешна РМ во периодот 1912-1994 година (низ статистички податоци и архивски материјали), докторска дисертација во ракопис, Скопје 2008, 236

[35] ДАРМ. 01. 0427. 0027. 0056/280; Врз Турците бил вршен притисок од големоалбанските националисти, но и еден добар дел од нив доброволно се пишувале “Шиптари” сметајќи дека

Во помала мера и во кичевската околија биле правени истите “грешки” каде најчесто во званичната статистика Турците и исламизираните Македонци биле попишувани како “Шиптари.” Во одредени реони во Западна Македонија, пред се од Дебар до Маврово каде што огромна политичка моќ имал Акиф Леш, исламизираните Македонци, поради верскиот фактор, биле третирани како Албанци, иако постоел “отпор против нивното водење како Шиптари”[36]. Не само во првите повоени години, туку и подоцна продолжил процесот на албанизација на исламизираните Македонци.[37] Колкава била

---

би имале повеќе изгледи за заштита и напредок отколку да се декларираат за Турци во време кога Турција како капиталистичка земја била непопуларна во југословенската јавност.

[36] Според статистиките “ во дебарската околија се преку 70% Шиптари а во ствари има само 26%; во Кичевско се води дека 50% се Шиптари а во ствари се околу 26-30%. Има случаеви во Дебарско, каде членови на КП одбиваат да ја примат членската книшка каде што се водат како Шиптари а инаку се Торбеши; а од ОК КПМ ги убедуваат во обратното”. (ДАРМ, истото)

[37] Имало многу примери кога исламизираните Македонци поради своите нехристијански имиња биле на некој начин исмејувани и им било сугерирано да се декларираат како Шиптари или Турци. Процесот на албанизација на исламизираните Македонци продолжил во оние места каде македонските власти ги оставиле да работат училиштата на албански јазик во кои учеле децата на исламизизраните Македонци во периодот на окупацијата, барањата да им се отвараат училиштан а македонски јазик не им биле испушувани. Но, имало и случаи каде самите исламизирани Македонци, под влијание на големоалбанската пропаганда, бараle да им бидат отворени училишта на албански јазик. Такви примери имало во струшко. Албанските учители играле голема улога во албанизацијата на исламизираните Македонци, пишувајќи ги презимињата на учениците Македонци-муслимани со албанска форма. Таквиот процес ќе ги засегне властите дури во почетокот на 80-тите години. Во 50-тите години започнал и процесот на турцизација на Македонците-муслимани. Повеќе за албанизацијата и турцизацијата види: Виолета Ачкоска, Братството и единството помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје, 2003,; Д-р Глигор Тодоровски во својот труд пренесува документи од Околискиот народноослободителен одбор на Струга од селата Бороец и Подгорци каде јасно се отсликани притисоците врз исламизираните Македонци уште од првите месеци од ослободувањето. Така исламизираните Македонци од с. Подгорци се жалеле “за притисоците од луѓе Арнаути кои ноќе идат во селото и одат во нивните куќи да ги убедуваат децата да учат на албански јазик. Жените плачат не сакаат учител Арнаут.... Сите тие сакаат учител на македонски.” Селаните и од с. Бороец давале “еднодушно отпор во селово да дојди учител Арнаут. Селаните желеат учителот да бидет наш Македонец.” Слични биле притисоците во повеќе села во Западна Македонија каде живееле исламизираните Македонци. Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија, ИНИ, Скопје, 2001, 334-336; Но сепак за волја на вистината ова население на пописот од 1948 година во најголем број се декларирало како македонско, нешто што во наредните пописи не се случило.

точната бројка на исламизираните Македонци кои доброволно или пак насила биле албанизирани може само да се претпоставува.

Според пописот од 1948 година, енормно зголемување на шиптарското малцинство било забележано во прилепската, кумановската и скопската општина, како и во градовите Скопје и Куманово. Во овие општини и градови за само 27 години, односно од 1921 до 1948 година шиптарското малцинство се зголемило од 31.291 на 69. 291 жител или за 220,9%.[38]

На пописот од 1953 година бројот на Албанците значително се намалил и тоа од 197.389 во 1948 година на 162.524 жители.[39] Исто како и претходниот, и овој попис не ја отсликувал реалната состојба на албанското малцинство во НРМ. Во овој период од пет години политичките прилики било драстично променети. Во почетокот на 50-тите години започнало масовното иселување на турското малцинство од НРМ во Турција поради ред економски, политички и верски причини, за што ќе стане збор подолу во овој труд. Муслиманските маси меѓу кои и дел од Албанците пројавиле тенденција да се иселат во муслиманска држава како што била Турција, па поради тоа морале да се декларираат како Турци. Тоа било особено карактеристично за селските средини, каде верското преовладувало над националното чувство.[40] Кон намалувањето на бројот на албанското малцинство дополнително влијаело и влошувањето на односите меѓу ФНР Југославија и НР Албанија по 1948 година, кога имало делумно мигрирање на некои албански семејства во Албанија. Во овој период Југославија со потпишувањето на Балканскиот пакт станала сојузничка со Турција, што по автоматизам делувало врз свеста на одделни албански-муслимански семејства да се декларираат како Турци,

---

[38] Lazar Sokolov, Promene u strukturi stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 kao odraz ekonomskog razvoja, Skoplje 1962, 82

[39] Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM, Skopje 1964, 6

[40] Ваква тенденција се јавила во некои скопски и кумановски села, како и во пелагониско, крушевско и охридско во помала мера. (Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 227)

сметајќи дека на тој начин би биле привилегирани. Но, треба да се земе и предвид дека оној дел од турското национално малцинство кое во претходниот попис било попишано како албанско, на овој попис се декларирало како турско.

Со следниот попис од 1961 година бројот на Албанците се зголемил на 183.108 или 13% од вкупното население.[41] Бројот се зголемил поради намалувањето на интересот за иселување во Турција, па така оние Албанци во претходниот попис што се декларирале како Турци сега повторно се декларирале како Албанци.[42] Меѓутоа на зголемувањето на бројот на шиптарското малцинство, покрај стабилизацијата во поглед на преминувањето од еден во друг етнос ( од албански во турски), имале улога и два фактори а тоа биле енормниот наталитет и механичкиот прилив на шиптарско население од Косовско-метохиската област, Јужна Србија и Црна Гора, како и тивката албанизација на дел од исламизираните Македонци, ромската етничка група како и на дел од турското малцинство.

Високиот наталитет било карактеристика на Шиптарите како на тлото на цела Југославија, така и во НР Македонија. Во 1948 година дури 48,8 % од албанското население во Македонија било младо население под 14 години, за разлика од Македонците каде што тој процент изнесувал 37,4.[43] Во Македонија нивниот наталитет изнесувал високи 23 промили, наспроти просечниот кој изнесувал 10,3 промили.[44] Високиот наталитет на ова население се одржувал поради патријархалниот и традиционалниот начин на живот но и поради културно-просветна и верска заостанатост. Многу семејства броеле и по 10-15 членови и тоа се задржало и во наредните

---

[41] Naselenie po narodnost i naselbi..., 6

[42] Иако и во овој период имало тенденција, пред се во Липковскиот регион, Албанци да се декларараат за Турци, сепак тој број бил далеку помал од претходниот попис. (Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 235)

[43] Lazar Sokolov, Цит.дело, 86

[44] Виолета Ачкоска, Некои фактори на албанизацијата на македонската етничка териотрија од Големата Источна криза до крајот на XX век, Гласник на ИНИ, год. 43/2, 1999, 20

децении. Пет општини во Македонија имале домаќинства со просечен број на членови повеќе од 5 и тоа: Гостивар – 6,09; Дебар – 6,06; Тетово – 5,9; Струга – 5,38 и Кичево – 5,21 односно оние општини каде било концентрирано албанското население.

Механичкиот прилив на албанското население од север, кој продолжил и во периодот по Втората светска војна, доплнително го зголемувал бројот на албанското население во НР Македонија. Овој механички прилив особено се интензивирал во 50-тите години кога било актуелно иселувањето на турското малцинство од НР Македонија. Во овој период многу албански и други муслимански семејства ги напуштале своите домови во Црна Гора, Санџак, Косово, Метохија, Прешевската долина и се слевале во НР Македонија со цел полесно да се иселат во Турција.[45] Но сепак на многу мал дел од нив им било дозволено да се иселат во Турција, (околу 5.000 вкупно и од доселените и од домашните Албанци) затоа што познавањето на турскиот јазик било задолжително, како и декларирањето пред надлежните органи како Турци од 1944 година.[46] Поради тоа опаднал интересот на Албанците за иселување во Турција. Па така многубројните албански семејства или се сместувале кај свои роднини или пак ги купувале куќите на Турците што се иселувале. Треба да се напомене дека еден дел од Албанците мигрирале во Македонија не со цел да се иселат во Турција, туку со умисла да се населат во Македонија поради полесен економски просперитет[47] како и барање на нов животен простор поради пренаселената косовско-метохиска област. Па така поради масовното иселување на Турците, се укажала добра прилика за купување на

---

[45] Дозвола за иселување давал само турскиот конзулат во Скопје, затоа што 97 % од Турците во Југославија живееле на тлото на НР Македонија.

[46] В. Ачкоска, Братството и единството..., 280

[47] Косово и Метохија била економски најзаостаната област во ФНРЈ

ефтини куќи поради големата понуда.[48] Во 1959 година 22.776 лица добиле официјално републичко државјанство на НРМ, од нив повеќе од половината поточно 12.976 биле етнички Албанци од Метохија и Косово.[49] Точната бројка на непријавените доселени Албанци сеуште останува мистерија.[50] Албанците од северот биле привлечени и од традиционалната мирољубовост и толерантност на македонскиот народ, како и од попустливата политика на македонските власти према албанското малцинство. Уште помасовно населување започнало во 60-тите години односно по катастрофалниот земјотрес во Скопје (26. VII. 1963 година), кога Скопје бил прогласен за отворен град. Скопје требало брзо да се гради и обновува, па така Косовските Албанци биле привлечени од можноста за подобар опстанок во голем град. Многу од нив нашле работа во градежништвото.

Механичкиот прилив и големиот наталитет отворил низа проблеми пред се од економски, социјален, инфраструктурен и урбанистички карактер. Бројот на дивоградбите речиси била секојдневна појава, а процентот на интервенции на државните власти бил мошне слаб поради стравот да не се нарушуваат меѓуетничките односи. Незаинтересираноста на властите да го спречат овој процес на доселување, индиректно го потпомогнале процесот на албанизација и дехристијанизација на северо-западните делови на НР Македонија процес кој за жал останал неповратлив.

---

[48] Оние доселеници што се ориентирале да се населат во "провинција" тоа било условено "што за релативно ефтини пари можат да купат добра земја, куќа и инвентар во најплодните реони." (ДАРМ. 01. 0427. 0084. 0086/ 469)

[49] Од областа Санџак биле евидентирани 2.965 доселеници, од НР Босна и Херцеговина 2.147, од НР Србија 1.842, и од НР Црна Гора 2.850 доселеници. (В. Ачкоска, Некои фактори на албанизацијата..., ГИНИ, 43/2, 17)

[50] Надлежните органи во повеќе места сретнувале новодојдени лица кои живееле и во "шупи и тоа по 20 и повеќе члена заедно...". Дури била евидентирана "една штала каде што биле сместени околу 100 лица" (Архив МАНУ, ф: Лазар Колишевски, 43/2, 23. Државен секретаријат за внатрешни работи, управа за јавна безбедност, Извештај за приливот на малцинско население /муслимани/ дојдени од Космет, Санџак, Црна Гора и Босна и Херцеговина во НР Македонија, во времето 1951 година до мај 1956 година)

Покрај тоа македонските власти со својата погрешна аграрна политика во повоениот период не само што го помогнале процесот на албанизација на северо-западна Македонија туку и го започнале процесот на деаграризација и депопулација на македонското село.[51]

Особено погубна за македонскиот селанец била политиката за насилна колективизација на селото која траела од 1949 до 1953 година.[52] Колективизацијата, односно пристапувањето кон селанските работни задруги (СРЗ) за селаните значело губење на имотот. Отпор кон колективизацијата генерално давале сите селани, па затоа властите се обиделе прво да ги принудат Македонците да пристапат во СРЗ, па откога би виделе Албанците дека СРЗ успешно би функционирала кај Македонците, тие сами би пристапиле.[53] Воедно властите поради стравот да не се нарушуваат меѓуетничките односи и прокламираното "братство и единство" речиси и да не вршеле никаков притисок врз албанското малцинство да се приклучуваат во СРЗ. Според податоците на Контролната комисија при Владата на НРМ од 31.12.1948 година, во НР Македонија имало 237 СРЗ со 8.633 домаќинства, од кои 8.350 или 96,96% биле македонски, 139 или 1,51 турски, 79 или 0,80% цигански и само 22 или 0,25% шиптарски домаќинства.[54] Во 1949 година повеќе од 41% од сите македонски домаќинства влегле во СРЗ, додека пак од малцинствата, Турците учествувале со 12,5% а албанските домаќинства (за Скопската област, без домаќинствата во градовите) во СРЗ учествувале со 4,8% од вкупниот број на домаќинства.[55] Шиптарското национално малцинсво било најорганизирано и најупорно против создавањето на СРЗ во нивните средини. Создавањето на СРЗ тие го поврзувале пред се со верата и жената.

---

[51] В. Ачкоска, Братството и единството..., 257

[52] Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи, промени и процеси во Македонија 1944-1953, ИНИ, Скопје 1998, 266

[53] Виолета Ачкоска, Задругарството и аграрната политика 1945-1955 година, Скопје 1994, 168

[54] Истото, 165-166

[55] Истото, 166

Особено жесток отпор имало во повеќето шиптарски села во Кичевската околија, заради што власта ги прекинала акциите за создавање на СРЗ. Ваквиот отпор се зголемил од страна на Шиптарите и Турците по донесувањето на законот за симнување на зарот и фереџето од почетокот на 1951 година. Партиските анализи говореле дека главната причина за слабото учество на муслиманските маси во СРЗ била културно-просветната заостанатост и "верската затуцаност".[56] Во овој период, поточно од 1945-1953 година била спроведувана откупната политика на државата на планот на аграрот, каде повторно врз малцинствата не биле вршени такви притисоци како врз македонските селани.

Дополнителен удар врз македонското селанство и за негова депопулација претежно на планинските пасивни села била одлуката за забрана за одгледување на козите од 1947/48 година.[57] Во планинските села во Западна Македонија воглавно егзистирале Македонци, па така тие биле најмногу погодени од оваа мерка на Владата, затоа што за многу семејства одгледувањето кози бил главен извор на егзистенција. Козите биле масовно уништувани а бидејќи на семејствата не им се обезбедила соодветна замена со домашни животни, многубројни семејства од планинските краеви биле приморани да ги напуштаат селата и да се упатуваат во градовите во потрага по егзистенција.

Сите овие аграрни мерки на Владата играле клучна улога во опустошувањето на македонското село како и во албанизацијата на Западна Македонија, затоа што со овие мерки бил директно засегнат македонскиот

[56] Истото, 168

[57] Владата на НР Македонија ја донела оваа одлука пред се поради грижата на шумите и нивното обновување. Па така на 17.09.1947 година била донесена Уредбата за забранување држење кози односно ограничување на нивниот број, оваа уредба била донесена со цел да се спречело уништувањето на шумите што во најголем дел било "последица на претераната испаша на козите". Повеќе види: Виолета Ачкоска, Задолжителниот откуп во Македонија 1945-1953 година, Скопје 1995, 223-234

етнички елемент во селата.[58] Земјоделското население во 1948 година учествувало со 70% од вкупното население во Македонија а според пописот во 1981 година опаднало на 21 %. Околу 500 македонски села во периодот по Втората светска војна останале празни а 562 села имале под 100 жители. Во 50-тите години дури 45% биле извршени од сите преселувања на селското население. Меѓутоа за разлика од селата во кои доминирале Македонците, селата со албанско население доживувале континуиран пораст. Во периодот 1946/48 година во Полог, Албанците сочинувале 62.25%, Македонците 32.02% и Турците 5.21%.[59] Меѓутоа како последица на колективизацијата, во 50-тите години започнала да се зголемува разликата во корист на албанското малцинство. Минорен бил бројот на Албанците што ги трпеле последиците од неуспешната колективизација, пред се поради "вишите" интереси на државниот врв, па така тие успеале да си го сочуваат имотот[60] и да останат во селата. Во периодот од 1948 до 1971 година, во Полог селата со албанско население бројчано се зголемиле за високи 56 %, додека македонските села опаднале за 4%.[61] Во периодот од 1948-1961 година околу 220.000 лица (во најголем процент Македонци) ги напуштиле селата.[62] Селата населени со Македонци во овој период константно ги намалувале своите жители како Порече[63], Дебарца, Мариово, Демирхисарско[64], најголемиот дел од Источна Македонија и сл.

---

[58] В. Ачкоска, Братството и единството..., 257

[59] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 335

[60] Албанците го користеле најплодното земјиште во полошкиот регион

[61] Илија Јосифовски, Македонското, албанското и турското население во Полог, Скопје, 1974, 49-52; Како пример ќе ја земеме општина Вратница, населена главно со Македонци, која во 1961 година имала 4.437 жители, а во 1994 година бројот опаднал на 3.270. Додека пак општина Желино (доминантно албанска) во 1961 година живееле 10.979, а во 1994 година населението се зголемило на 21.760 жители.

[62] Александар Ќурчиев, Миграцијата: село-град и процесот на деаграризција во СР. Македонија (досегашен развиток и прогнози до 2000 година), Годишник на Економскиот факултет, Скопје 1980, 137-164

[63] Селата во Порече, односно во нејзиниот северен дел, за четири децении неколкупати се намалило населението и тоа од 7.895 во 1953 година на 2.057 во 1994 година.; Б. Илиевски

Македонските семејства во потрага по егзистенција ги напуштале селата и се упатувале најчесто во блиските градски индустриски центри, а во 60-тите години започнале и помасовно да се иселуваат во Западна Европа и прекуокеанските земји. На Албанците пак, поради високиот наталитет и механичкиот прилив од Космет, започнал да им станува претесен животниот простор. За многу кусо време етнички мешаните села станувале мнозинско албански[65] а во многу случаеви и чисто албански.[66] До почетокот на 60-тите години Албанците од селските средини главно мигрирале во соседните села, најчесто полуиспразнетите македонски села, односно етнички го пополнувале испразнетиот простори на тој начин ја ширеле албанизацијата кон исток. Од почетокот на 60-тите години, поради аграрната пренаселеност албанските млади семејства се упатувале кон блиските градови, на тој начин започнала албанизацијата на урбаните средини а прв на удар бил градот Скопје.

Етничките и демографските промени..., 333; Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност, по општини и населени места, според пописите, Скопје 1996, 240

[64] Во Демирхисарско за помалце од 50 години жителите се намалиле речиси дупло односно во 1948 гоидина живееле 19.642 жители, додека во 1994 година биле регистрирани 10.610 жители.

[65] Селото Теарце во 1900 година, според Васил К'нчов имало 600 Македонци и 600 Турци, но по втората половина на XX век ова големо село добивало постепен албански карактер. Вакви примери има во повеќе села каде што Албанците во почетокот на XX век воопшто ги немало а веќе во втората половина на XX век станувале мнозинство. Васил Кънчов. „Македония. Етнография и статистика", София 1900, стр.210

[66] Како пример ќе го посочиме гостиварското село Долна Ѓоновица, во кое според пописот од 1953 година биле регистрирани 208 Македонци и 319 Шиптари, меѓутоа веќе во наредниот попис од 1961 година не бил регистриран ниту еден Македонец, додека бројот на шиптарското население останал речиси ист.

**Бројот на албанското градско население во НР/СР Македонија**[67]

| *Град* | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 |
|---|---|---|---|---|
| Скопје | 5.209 | 4.107 | 13.908 | 26.705 |
| Тетово | 9.975 | 7.155 | 6.435 | 15.388 |
| Куманово | 2.370 | 951 | 1.893 | 7.827 |
| Дебар | 3.483 | 4.122 | 4.507 | 6.681 |
| Гостивар | 5.333 | 4.313 | 2.904 | 6.044 |
| Струга | 1.567 | 1.109 | 1.649 | 3.508 |
| Охрид | 1.011 | 765 | 1.866 | 2.712 |
| Кичево | 608 | 232 | 681 | 2.284 |
| Битола | 1.327 | 484 | 378 | 1.317 |

До ослободувањето, Албанците во градовите во Западна Македонија биле релативно слабо застапени.[68] Меѓутоа етничката слика во градовите во Западна Македонија започнала да се менува веќе во 60-тите години, а во наредните децении земала се поголем замав.

Според пописот од 1948 година, Албанците биле мнозинство во градовите Дебар, Тетово и Гостивар, меѓутоа веќе објаснивме дека овој попис не ја отсликувал вистинската етничка слика на муслиманското малцинство, односно, дел од турското малцинство и исламизираните Македонци поради политички причини биле попишувани како "Шиптари". Тој процес бил најизразен во Тетово и Гостивар каде најголемиот дел од градското турско

[67] Naselenie po narodnost i naselbi...; Konačni rezultati popisa stanovništva...; Попис на населението и становите во 1971 година, Скопје 1972.

[68] Во Гостивар во 1921 година биле регистрирани 138 жители со мајчин арнаутски јазик, додека во Тетово 1.298. Во Кичево пак само 35 жители на градот во 1921 година, се изјасниле за "арнаутскиот" како за мајчин јазик. (Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 132)

население било попишано како шиптарско.[69] Но, прелевања на другите муслимански маси во албанска имало и во градовите Струга, Дебар, Кичево и Куманово. Во 1953 година дошло до обратен процес, односно прелевање на дел од муслиманите (Албанци, Роми, Македонци-муслимани) во турската националност поради желбата за иселување во муслиманска Турција. Така во тој период од 1953 – 1961 година настанало мало незнатно намалување на бројот на албанското малцинство. Меѓутоа по 1961 година бројот на градското албанско население постојано се зголемувало. Во градот Дебар ја зацврстиле својата доминација, а знатно се зголемил нивниот број и во Струга, Кичево, Охрид и Битола. Интересен бил случајот со Тетово и Гостивар, имено од веќе познатата погрешна аграрна политика, Македонците масовно ги напуштале околните села и се упатувале во градовите Тетово и Гостивар, па така бројот на Македонците од 1953 година постојано растел. Но од почетокот на 60-тите години започнало нагло да се зголемува и албанското население, па така на некој начин започнала "трка" помеѓу македонското и албанското население за доминација во овие два града. Македонците во Тетово кулминацијата ја достигнале во 1961 година кога претставувале релативно мнозинство со 45,8%[70] а во Гостивар во 1971 година кога претставувале 41,6%[71], по 1961 година во Тетово а 1971 година во Гостивар процентот на Македонците почнал да опаѓа, поради зголеменото доселување на Албанците. Несомнено Скопје и Куманово важат за градови во кои што настанало најбрзото зголемување на албанската популација. Од 1953 до 1971 година албанското малцинство во овие два града ја зголемило својата бројка за околу 6 пати. Во Куманово Албанците се доселувале од Карадачките села, Космет и Јужна Србија. Во Скопје според пописот од 1948

[69] Во Тетово биле регистрирани 302 Турци а во Гостивар 321. Konačni rezultati popisa stanovništva..., 440, 450
[70] Naselenie po narodnost i naselbi..., 80
[71] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност..., 78

година, Албанците сочинувале 5,9% од вкупното население во градот и биле на петтото место според застепаноста на националностите во градот.[72] Меѓутоа во педесеттите години започнала да се менува етнографската слика на Скопје, пред се поради иселувањето на градските Турци.[73] Во тие години започнало неконтролираното доселување на Шиптари и други муслимански маси најмногу од Космет и јужните делови на Србија, но и од околните села. Новодојдените Шиптари ги купувале куќите на Турците што се иселувале, така што со тек на време тие му давале главно обележје на левиот брег на Вардар, простор каде претходно биле застапени Турците.[74] Дури 70% од доселените косовско-метохиски Шиптари на територијата на Македонија се населиле во Скопје.[75] Уште поголемо зголемување на доселеното шиптарско население во Скопје се забележува по катастрофалниот земјотрес во Скопје од 26.07.1963 година, кога Скопје бил прогласен за "отворен" град, па така многу шиптарски семејства барале егзистенција во Скопје кој бил во изградба. Најголемиот број од доселените "Косовци" биле неквалификувани или пак нискоквaликувани работници[76], па затоа најчесто се вработувале онаму каде имало потреба од физичка работа.[77] Немањето механизми на властите да се спречи неконтролираното доселување на албанските-муслимански маси од НР Србија и од околните села, како и високиот

---

[72] Најбројни биле Македонците со 51.819 жители или 59.1% од вкупното населние. Втора по бројност група, биле Турците со 13.928 или 15.9%. Србите претставувале 6.7%, и Ромите 6.6%. Konačni rezultati popisa stanovništva....,447

[73] Според партиските анализи доселувањето на Албанците и другите муслимани во Скопје било поттикнато од "две причини: Прво, Македонија ја сметаат како полесна можност за иселување во Турција, и второ, тоа е население од сосема пасивни краеви, кои од економски причини се доселуваат во Македонија." (ДАРМ. 01. 0427. 0084. 0086/469)

[74] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 268

[75] Истото

[76] Архив МАНУ, ф: Лазар Колишевски, 43/2, 23. Државен секретаријат за внатрешни работи, управа за јавна безбедност,Извештај за приливот на малцинско население /муслимани/ дојдени од Космет, Санџак, Црна Гора и Босна и Херцеговина во НР Македонија, во времето 1951 година до мај 1956 година

[77] Во Скопје лесно се вработувале "на градежните објекти" (ДАРМ. 01. 0427. 0084. 0086/469)

наталитет придонело значајно да се менува етничката слика во Скопје, пред се на левиот брег на реката Вардар. Процесот на албанизација на еден дел од градот Скопје, кој започнал во педесеттите години на XX век, со несмален интензитет продолжил и во наредните децении и оставил трајни последици врз стариот дел на Скопје во кој порано доминирале Македонците и Турците.

Во другите градови Албанците не биле повеќе од 10%. Во Охрид нивниот процент се движел од 6 до 9 во различни периоди, во Ресен на сите пописи не биле повеќе од 3%, додека во Битола според пописот од 1971 година нивниот број се зголемил на 2%.[78]

**Бројот на албанското население по општини во НР Македонија**[79]

| Општина | 1948 | 1953 | 1961 |
|---|---|---|---|
| Тетово | 51.586 | 54.893 | 60.242 |
| Гостивар | 39.345 | 37.931 | 35.293 |
| Скопје[80] | 35.127 | 23.696 | 34.790 |
| Струга | 11.380 | 12.725 | 14.626 |
| Кичево | 12.402 | 12.792 | 14.316 |
| Куманово | 17.669 | 5.416 | 7.198 |
| Дебар | 7.485 | 6.066 | 6.916 |
| Ресен | 2.462 | 1.943 | 2.343 |
| Охрид | 1.294 | 1.040 | 2.196 |
| Битола | 3.276 | 2.476 | 2.395 |
| Титов Велес | 2.132 | 1.647 | 1.376 |
| Крушево | 2.335 | 1.293 | 132 |
| Прилеп | 4.527 | 195 | 92 |
| Ост. општини | 6.099 | 411 | 1.193 |
| Вкупно | 197.389 | 162.524 | 183.108 |

[78] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 274

[79] Naselenie po narodnost i naselbi...; Konačni rezultati popisa stanovništva...

[80] Додадена е тогашната Ѓорче Петровска општина со околните села

Според пописите од 1948, 1953 и 1961 година, албанското малцинство главно егзистирало во северо-западниот појас на НР Македонија. Нивниот број бил постојано во пораст поради веќе споменатиот висок наталитет, механичкиот прилив во најголема мера од Космет и Јужна Србија како и поради тивката албанизација на дел од исламизираните Македонци, Ромите и Турците.

Албанското малцинство главно било сконцентрирано во тетовската, гостиварската и скопската општина, каде, според пописот од 1961 година, сочинувало дури 71% од вкупното албанско население на територијата на НР Македонија. Во голем број Албанците биле застапени и во струшката, кичевската, дебарската и кумановската општина, а во помал број биле застапени во општините Ресен, Битола, Охрид и Титов Велес.

Тенденцијата за зголемување на бројот на албанското население продолжила и во наредните децении, со што во повеќе реони во Западна Македонија бројната разлика помеѓу Албанците и Македонците се зголемувала во корист на Албанците, а во одредени подрачја таа разлика престанала да постои од причина што Македонците целосно се иселиле. Дека брзото зголемување на бројот на албанското малцинство сериозно влијаело врз промена на етничката слика на Република Македонија најдобро го отсликува заклучокот на Стојан Киелиновски дека “големиот прираст на албанското население придонесува на секои 10-15 години една нова македонска општина да го загуби својот етнички македонски карактер и да добие албански мнозински карактер.”[81]

[81] С. Киселиновски, Етничките промени..., 106

## 2.3. Појава на албански сепаратизам

После одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, македонското воено и политичко раководство требало да ја реализира најголемата задача за наредниот период, а тоа било да се ослободи земјата. Операциите за конечно ослободување на земјата се засилиле по капитулацијата на Бугарија и повлекувањето на бугарските окупациони сили од Македонија. Но, иако бугарските војски биле заменети со германски, единиците на НОВ на Македонија ги продолжиле акциите за ослободување на земјата со несмален интензитет и до ноември 1944 година ги ослободиле сите градови во Вардарскиот дел на Македонија.

Најтешките борби за ослободување на Македонија биле водени во Западниот дел на Македонија, затоа што таму покрај германските војски биле стационирани и дејствувале балистичките формации. Треба да се има предвид дека голем процент од албанското население од Западна Македонија, кое влегло во границите на квислиншката творба "Голема Албанија", го прифатило постоењето на таа држава и ги подржувало балистичките единици кои дејствувале на тоа тло. Поради тоа во голема мера биле нарушени меѓуетничките односи помеѓу Македонците и Албанците, па затоа пред македонското политичко и воено раководство стоела не така лесна задача за воспоставување похармонични меѓуетнички односи. При ослободувањето на градовите и населените места каде живееле Албанци, македонските органи пристапиле кон објаснување и убедување на албанското население да ја прифати новата власт и држава и дека ќе им бидат гарантирани сите права на рамноправни граѓани.

Покрај сите напори на македонските власти за подобрување на статусот на албанското малцинство на културно-просветен, економски и општествен план, сепак големоалбанскиот сепаратизам и иредентизам не бил

докрај искоренет кај дел од албанското малцинство. Тоа било така поради низа историски, културни и политички причини.

Идејата за "Голема Албанија" датирала уште од XIX век односно од периодот на Големата источна криза од 1875-1878 година, кога османлиските власти се со цел да ги придобијат на своја страна во борбата против христијаните на Балканот, им ветиле создавање на автономен "арбанашки вилает" со центар во Битола. Во Призрен во 1878 година албанските првенци ја изнеле идејата за создавање на идната големо-албанска држава, во која што голем дел од Македонија би требало да влезе во истата.[82] Таа идеја била преточена во меморандум кој бил испратен на Берлинскиот конгрес во јуни 1878 година, но тоа не било разгледувано посебно на Конгресот.

По започнувањето на Првата балканска војна, на 28 ноември 1912 година со италијанска и австриска помош била прогласена албанската држава. Меѓутоа создавањето на албанската држава не ги задоволило апетитите на албанските националисти, па тие продолжиле со својата иредентистичка политика и по завршувањето на Првата светска војна.

Во текот на Втората светска војна била формирана квислиншката творба "Голема Албанија" во која што покрај Космет,влегол и западниот дел на Македонија. Во рамките на "Голема Албанија" била вршена насилна демакедонизација и дехристијанизација на дел од македонската територија, а кај албанското население била всадувана големоалбанската идеја, национализмот и омразата према Македонците.

Сето тоа оставило белег врз еден дел од албанското население во Македонија, а особено врз тогашната албанска интелигенција (составена главно од учители), така што тешко можеле да се помират со

[82] Во таа замислена држава требало да влегува северо-западниот дел на Македонија со градовите: Охрид, Битола, Прилеп, Дебар, Тетово, Гостивар, Скопје, Велес и Куманово. Таа држава на југ би требало да се простира до Епир и Јанина а на север до Нови Пазар и Сјеница.

новосоздадената македонска држава и да се откажат од големоалбанската идеја. Балистичките банди кои што сеуште крстосувале по Западна Македонија и Космет по 1944 година, како и подоцна уфрлуваните банди од НР Албанија, му давале дополнителен мотив на тој слој од албанското малцинство да не се откаже од сепаратизмот. Меѓутоа албанскиот сепаратизам добил поголем замав со се почестото населување на Албанци од Космет и големиот наталитет, што значително придонело за зголемувањето на бројноста на албанското малцинство во НР Македонија.

Во првите години, албанскиот сепаратизам бил главно изразен преку остатоците од некогашните балистички банди, нивна поддршка и противење на преземените акции на Македонската војска за нивно сузбивање. Дел од албанската интелигенција сметала дека легалните акции на надлежните органи за разбивање на бандите биле директно насочени кон "уништување на шиптарското малцинство." Во таа насока била насочена "акцијата на Аголовци за пуштање на извесни злочинци во Струга и Кичево, кое нарочно има оставено длабоки трагови во Струшко..." Било забележано дека токму околу повратниците од затвор во Струшко, се собирале националистички и сепаратистички елементи.[83] Карактеристична била ситуацијата во Тетовско и Гостиварско каде што голем дел од населението јавно манифестирало жалење за ликвидираните бандити во времето на чистките, и тоа го сметале "како еден удар нанесен на Шиптарите како на малцинство, за одземање на нивните национални права." Слична била состобата и во Кумановско, каде во некои села се величел балистот Суљо Отла. Во Кичевско била подруга состојбата, тамошното албанско население под влијание на некои активни борци во НОД (Реџо Зајази, Мемед Ремзи и др.) ги осудувале балистичките банди кои што ја предизвикувале братоубиствената војна.[84]

[83] Тоа било особено карактеристично за с. Велешта. (ДАРМ. 01. 0427. 0027. 0056/ 278)

[84] ДАРМ, исто, 0027. 0056/ 278.

Покрај делувањето на некои десеткувани балистички банди и нивни приврзаници, била формирана и албанска илегална националистичка организација наречена “Национал Шиптаре Демократик”. Оваа организација била формирана во 1945 година со седиште во Скопје. Крајна цел на “Национал Шиптаре Демократик” била создавање на “Голема Албанија” со откинување на делови од НР Македонија преку вооружена борба.[85]

Поголемиот дел од албанските сепаратистички елементи, до Резолуцијата на Информбирото (1948 г.), биле прозападно ориентирани и сметале дека нивните цели за создавање на “Голема Албанија” би можеле да ги остварат со некоја западна сила. Со појавата на Резолуцијата на ИБ, големоалбанските националисти кои биле прозападно ориентирани ја подржале Резолуцијата на ИБ. Исто така поголем дел од албанската интелигенција, која дотогаш ја прифатила НР Македонија како своја држава поради добрите односи помеѓу ФНРЈ и НР Албанија, застанале на “линија на ИБ” и јавно манифестирале сепаратизам и национализам. По Резолуцијата на ИБ, започнала една агресивна кампања на напади и обвинувања од страна на сите земји кои биле под влијание на СССР, а особено биле жестоки нападите од НР Албанија и нејзиниот водач Енвер Хоџа. Тогаш започнала повеќедецениската иредентистичка кампања на Енвер Хоџа према Југославија. Во новите меѓународни услови, албанските сепаратисти се надевале дека иредентистичките барања на Енвер Хоџа према Југославија би наишле на подршка кај СССР.[86]

Една година по Резолуцијата на ИБ, биле забележани повеќе случаи на бегство на интелектуалци-сепаратисти во Албанија разоткриени дека соработувале со албанските служби и апсења на Албанци кои биле на линија на ИБ. Поради таквата ситуација, албанските тајни служби ги засилиле

[85] ДАРМ, исто, 0060. 0008/ 131

[86] Нивна проценка била дека СССР била “едина сила која може да им помогне...” (ДАРМ, исто, 0060. 0008/ 132)

своите активности во Македонија претежно во крајните западни делови, преку уфрлање на шпиуни и банди, вршење на атентати, растурање на Народни одбори, обиди за создавање на масовни организации се со цел да би се создала политичка несигурност и да би се подготвиле “шиптарските маси за покрупни акции.” Меѓутоа по 1950 година ваквите акции на албанските тајни служби се намалиле и нивните акции добиле исклучиво агентурско-шпиунски карактер.[87]

Пропагандната активност на НР Албанија, врз албанското население во НР Македонија, главно се спроведувала преку радио станицата - Тирана. Акцентот се ставал на националната обесправданост на албанското малцинство во Југославија; територијални барања према Југолсавија; пропагирање за општествено-економскиот развиток на НР Албанија и сл. Македонските партиски органи забележале дека албанското малцинство, слушајќи ја пропагандата од радио-Тирана, покажало голем интерес за “општествениот и економскиот развиток на НР Албанија.” Радио-Тирана најмасовно било слушано во Дебар и Струга. Пропагандата која била спроведувана преку радио-Тирана давала искривена слика за состојбата во Албанија па така албанскотот малцинство добивало лажни информации за економскиот развој и за “идиличниот” живот во НР Албанија. Целта на пропагандата била да се создаде револт и отпор кај албанското малцинство спрема политиката на ФНРЈ односно НР Македонија.[88]

Најголемиот дел од интелигенцијата кај албанското малцинство, којашто првите десетина години од постењето на НРМ била составена исклучиво од учители, потекнувала од “конзервативни и најзаостанати малцински средини (верски кругови, трговци и др.)” Голем дел од оваа интелигенција била носител на големоалбанскиот национализам и сепаратизам во НРМ. Не е тешко да се извлече причината за таквите нивни

[87] ДАРМ, исто, 0060. 0008/ 133-134
[88] ДАРМ, исто, 0124. 0012/ 254

ставови, имено во времето на окупацијата, албанската интелигенција без разлика дали биле комунисти, националисти или фашисти сите биле на иста линија по прашањето на статусот на Космет и Западна Македонија, односно дека требало да припаднат на Албанија. Поголемиот дел од таа интелигенција ги оспособувала кандидатите за учители во НРМ по 1944 година, што значи дека лесно потпаѓале под нивно влијание.[89]

Надлежните органи констатирале дека постоеле силни верски помеѓу албанската интелигенција во Македонија и Космет, затоа што имале заеднички цели. Во Скопје било забележано нагло доаѓање на "голем број на непријателски елементи од Космет."[90]

Главно барањата на албанската интелигенција во првите години од ослободувањето биле најмногу насочувани кон образованието на албанското малцинство. Па така тие барале во албанските училишта да се изучува албанската национална историја; да се отвораат средно-стручни училишта на албански јазик, со мотивација дека поради непознавањето на македонскиот јазик децата неможеле да ги посетуваат постоечките средно-стручни училишта; пружале отпор кон создавањето на мешовити училишта, со изговор дека они воделе кон "асимилација на шиптарското население"; во поедини места со измешано население имало обиди за издвојување и групирање на албанските училишта и учители.[91]

Албанската интелигенција посебен отпор пружала кон отворањето на училишта со турски наставен јазик. Против отворањето на турските училишта не истапувале само учителите Албанци туку и Албанците членови на КПМ, односно најмногу од членовите на ОК КПМ Тетово. Токму во Тетово најмногу се бунтувале против отворањето на тамошното училиште на турски јазик. Тие сметале дека акцијата за отворање на училишта со турски

[89] ДАРМ, исто, 0027. 0056/ 280
[90] ДАРМ, исто, 0084. 0088/507
[91] ДАРМ. исто, 0124. 0012/ 255-256

наставен јазик била насочена токму против албанското малцинство, дека на тој начин властите сакале да ги "разединат шиптарските маси."[92] Во пропагандата против уписот во турските училишта, учителите Албанци пропагирале за "Голема Албанија" и создавале воена психоза кај турското малцинство. Учителите ја исфрлале паролата дека "Албанија е со Русија, Русија е голема и многу лесно може да се случи Албанија да си ги добие овие свои краеви." Најактивен против отворањето на училиштата со турски наставен јазик бил Кемал Аголи, член на бирото на ОК КПМ Тетово. Токму меѓу албанските учители тој се стекнал со авторитетот како "поборник" против отворањето на турските училишта, па токму на таа линија бил избран за претседател на Вакуфскиот одбор и КУД "Џеладин Зекири". Кемал Аголи заедно со членовите на албанското КУД, им се закaнувале на Турците "да не ги пуштат децата во турските школи" и не им допуштале да ги префрлат своите деца од албански во турски паралелки. Според кажувањата на Турците од Тетово, Кемал Аголи одел во нивните домови "и ги убедувал дека тие се Шиптари." Во Тетово, на учениците од гимназија, им забранувале да се зачленуваат во турското КУД. Слична била состојбата и во Гостиварско и Струшко, каде биле забележани големи притисоци врз Турците и нивно одвраќање од турските училишта. Во Струшко кога ќе се поставело прашањето за турските училишта, веднаш Албанците учители се противеле и едногласно ја исфрлале нивната теорија дека во Струшко порано имало Турци, "али стара Југославија ги исели, сега нема такви и нема потреба од турски школи." Честопати се споменувала и теоријата дека Турците биле "потурчени Шиптари за време на турската империја."[93] Во Скопје, повеќе

[92] ДАРМ. исто, 0027. 0056/ 281

[93] Албанците учители во одбрана на своите ставови го поставувале прашањето за отворање на "шиптарски школи во православните села каде се говори шиптарски" како што било с. Величица. Многумина од нив на прашањето за образованието на Турците му преголема политичка димензија така што тврделе дека "Постои страв во Југославија да не се постави прашањето за Западна Македонија пред ООН и затоа се води политика да се "потурчат"

учители јавно истапувале против образованието на Турците, од кои најактивен бил Ремзи Пустиња, наставник во учителската школа. Тој на часовите по историја во учителската школа, мошне жестоко ги критикувал учителите поради “слабиот патриотизам” и дека недоволно работеле помеѓу масите за “да би ги убедиле да се Шиптари.”[94]

Во овој контекст треба да се спомене и противењето на големоалбанските националисти за иселувањето на Турците во Турција. Во педесеттите години нивна главна цел била “задржувањето на компактноста” на албанското малцинство во НР Македонија. Тие сметале дека постоела опасност “да шиптарскиот живаљ биде уништен по пат на турцизирање и иселување во Турција” и дека властите тоа свесно го правеле. Најчесто биле исфрлани паролите дека: “Не треба да се оди во Турска”, Овдека е нашата земја”, “ние од секогаш сме биле тука и тука требе да осатниме, макар и какви репресалии да се преземат против нас.” Големоалбанските учители ги разгорувале националистичките страсти кај албанското малцинство говорејќи дека: “Македонците одат на линија да се по секоја цена разбије компактност на Шиптарите со што да ги остават процентуално што помалце во овие краишта и за нивна сметка во овие краишта да нарасне процентот на Турците.”[95] Како главна задача си ја поставиле работата помеѓу масите за нивно “национално осознавање” и да им се “кажи да се тие Шиптари, да е ова земја шиптарска и да не требе да се селат во Турска.” Имало случаи кога им се заканувале на поедини лица за да не се селат, како и расфрлања на летоци каде се повикувале “Шиптарите да не одат во Турска а останат тука и се борат за свои права.” Надлежните органи дознале дека се подготвувало анонимно писмо со закани до турскиот конзулат во Скопје да не давал визи за

---

Шиптарите, а пошто со Турција се добри односите, тогај лесно може да се намали бројот на Шиптарите со иселување во Турција.” ДАРМ, исто, 0027. 0056/ 282-283

[94] ДАРМ, исто, 0060. 0008/140

[95] ДАРМ. исто, 0060. 0008/135

иселување во Турција. Меѓутоа големиот интерес за иселување во Турција, албанските учители го објаснувале со наводната дискримнаторска политика на властите спрема нив, "за незаступеноста нивна во органите на власта, немање на елементарни права за живот на Шиптарите во Југославија."[96]

Тоа бил периодот кога најголемиот број од албанските сепаратисти се откажале од паролата "ослободување и обединување на Албанија уз помош на СССР", поради тоа што се намалила опасноста од воена агресија врз ФНРЈ од страна на СССР и нејзините сателити. Поголемиот дел се ориентирале "прозападно" и се надевале дека преку плебисцит во рамките на ООН, би се извршило обединување со Албанија но за тоа требало да се сочува "мнозинството, единството на шиптарските маси."[97] Токму поради тоа биле толку жестоки протестирањата на големоалбанските учители против иселувањето во Турција. За прозападната ориентација, донекаде влијаеле и емигрантите од Албанија, кои пребегнале во НР Македонија, поради својот антикомунизам. Албанските националисти честопати го користеле како изговор склучениот пакт помеѓу Југославија, Турција и Грција дека наводно бил насочен против Албанија а со тоа и против албанското малцинство во Југославија.[98]

Учителите користејќи ја празнината во наставната програма и слабата снабденост со учебници, своите националистички и иредентистички сфаќања ги пренесувале на учениците. Честопати биле во употреба учебниците од Албанија во кои се говорело дека Југославија држела албански територии и сл.[99] Помеѓу некои учители кружела и албанска книга печатена во времето на кралот Ахмед Зогу од 1937 година. Таа книга изобилувала со

[96] ДАРМ, исто, 0084. 0088/ 504
[97] ДАРМ, исто, 0060. 0008/135
[98] ДАРМ, исто, 0029. 0137/ 678
[99] Најраспространети биле книгите на Петар Ѓерг Фишта: "Матис Малеси", Мризит зиновит", "Амза е присуити", "Гмори е бабанеи", Весаре е комбит", "Албанија што е била, што е и што ќе биде" (ДАРМ, исто, 0084. 0088/ 499)

националистичка и иредентистичка содржина во која се величела борбата на албанскиот народ во Црна Гора, Косово и Метохија и Западна Македонија против "Југословените" кои "минувајќи го Дунав ги нападнале и завземале овие шиптарски места."[100] Обично овие националистички книги биле користени по предметот историја каде се користела секоја прилика да "се прозбори за Албанија и нејзиното минато пропратено со шовинизам и иредентизам." Најмногу се уфрлувале лекции за Албанија во времето на Скендербег.[101] За грубо манипулирање на чувствата со учениците и за разгорување на националистички страсти, албанските учители ги злоупотребувале и часовите по музичко воспитување, каде што се пееле националистички песни а на часовите по литература се величеле писателите од Албанија.[102]

Во дискусиите помеѓу албанските учители најчесто се разговарало за историското минато на Западна Македонија и Космет. Сите биле едногласни дека тие краишта биле албански, со ненаучни тврдења дека "Албанците се потомци на Илирите и Словените ги избркале од овие краишта... планинските села се чисто шиптарски и тамо Македонците неможеле да продрат...". Од своите "тези" ваделе заклучоци дека Западна Македонија морала да се припои кон Албанија, а за тоа тие требало "да пропагираат во народот." Притоа за своите цели тие ги користеле и културно-уметничките друштва, сметајќи дека преку нив дополнително би придонеле "за националното осознавање на шиптарските маси." Национализмот кај албанските учители одел дотаму што најавиле отворена борба против

---

100 Некои од овие националистички книги од времето на Зогу кружеле и помеѓу слушателите на учителскиот курс па така еден студент изјавил: "Кога ги читам овие наши книги ми се ежи косата и бргу ќе се револтирам против овие (Србите, Македонците и Црногорците б.м.)" ДАРМ, исто, 0060. 0008/143

101 Биле забележани повеќе случаи кога учителите премногу емотивно ги предавале лекциите "така што поедини ученици за тешките думи кажани од учителот за миналото на Албанија отпочнуваат да плачат." (ДАРМ, исто, 0084. 0088/ 500)

102 ДАРМ, исто, 0084. 0088/500-501

турските културно-уметнички друштва. Така една учителка Албанка од Гостивар, која активно работела во македонско и турско КУД, добивала закани да престане да работи во тие друштва. Слична била состојбата и во малцинскиот театар, каде често доаѓале луѓе од Космет. Партиските анализи забележале дека малцинскиот театар бил “легло на иредентизам и шовинизам.”[103]

Не биле ретки случаите кога големоалбанскиот национализам и сепаратизам бил манифестиран јавно. Тоа особено било забележано за празникот на НР Албанија 28 ноември “Денот на албанското знаме”, кога се пееле националистички песни и се веелео албанското знаме без петокраката, за што говереле дека за тоа имале “спогодба или одобрење од др. Тито.” За “денот на албанското знаме” во Тетово се појавиле плакати “За цела неделива и обединета Албнија” и се говорело дека војната била неизбежна така што антикомунистите би ја обединиле “цела Албанија.” Најчесто на тие прослави учествувале учители и службеници како и политички емигранти од НР Албанија.[104] Во Дебар во 1952 година се појавила дури и парола “автономна западна Македонија”, во која би влегле тетовската, гостиварската, дебарската и кичевската околија. Биле забележани и поголем број на учители кои noселе прстени со албанското знаме.

Извесно раздвижување на сепаратистички ориентираните елементи имало по средбата Хрушчов-Ајзенхауер во САД, и особено по посетата на Хрушчов и Живков на Албанија. Тогаш прозападно ориентираните елементи кои дотогаш со омраза гледале кон СССР и комунизмот во НР Албанија, застанале на заедничка линија за остварување на иредентистичките намери, при што се надевале дека со помош на СССР, Албанија и Бугарија би ги оствариле своите територијални претензии према Југославија. Се ширеле гласини дека било договорено Тодор Живков и Енвер Хоџа во даден момент

[103] ДАРМ, исто, 0084. 0088/502
[104] ДАРМ, исто, 0027. 0056/285; ДАРМ, исто, 0084. 0088/503

своите територијални барања кон ФНРЈ ги постават пред Организацијата на Обединетите Нации. Дури и дека бил формиран комитет во НР Албанија кој што работел "по мирен пат, за присоединување на Космет и западните краеви на Македонија кон НР Албанија". Во тој контекст сепаратистите го искористиле иселувањето на дел од Македонците од Дебарско, пропагирајќи дека тоа го правеле поради тоа што знаеле дека западните "краеви ќе и припаднат на Албанија".[105]

Голем удел во разгорување на национализмот а особено верската омраза помеѓу албанското малцинство имале и муслиманските верски лица - оџите. Тие воглавно се залагале за зачувување на компактноста на муслиманските маси. Особено биле против новиот комунистички општествен систем, но најмногу поради нагласениот атеизам на комунистите. Нивната пропаганда против власта одела дотаму што ја напаѓале власта дека имала намера да ја уништи исламската религија.[106] Тие влијаеле помеѓу масите за манифестирање на јавен протест против социјалистичките мерки кои власта ги презела во селата, така што на некој начин оџите се јавиле како "заштитници на приватната сопственост." Влегувањето во колективите тие директно го поврзувале со верата и жената. Па оттаму бил толку жестокиот отпор кај муслиманското население против влегувањето во СРЗ. Оџите застанале и против просветната и еманципаторската политика на властите, залагајќи се за верско образование. Тие барале верската настава да биде легална во сите училишта. Нивното влијание било големо кај учителскиот кадар, така што чести биле случаите на внесување верски книги во училиштата. Особено се противеле на образованието и еманципацијата на

---

[105] ДАРМ, исто, 0128. 25/ 177

[106] По ослободувањето во Дебар изгорела една џамија, оџите јавно ја обвиниле власта дека стоела зад тој чин ширејќи паника меѓу муслиманските маси. Колку било силно влијанието на оџите можело да се види и од фактот дека комунистите-муслимани не успеале да ги разубедат верниците дека власта не била вмешана во палењето, па дури некои се приклучиле кон одборот за градење на нова џамија. (ДАРМ, исто, 0018.00 48/ 249)

женските деца, па поради тоа во првите години многу малку женски деца го продолжувале образованието. Политиката на властите за рамноправност на жените и симнувањето на зарот и ферецето од верските муслимански лица била остро дочекана. Тоа требало да се претстави како уште еден удар врз честа и традициите на муслиманите од страна на македонските власти, што дополнително ги подгревало меѓу верските односи.[107]

Јавно манифестираниот сепаратизам и национализам кај дел од албанското малцинство во НР Македонија само го продлабочувало јазот помеѓу Македонците и Албанците. Стравот од загрозеност сеуште тлеел кај Македонците. Не биле така дамнешни времињата кога балистичките формации и качачките банди крстосувале низ западниот дел на Македонија, тероризирајќи ги Македонците и принудувајќи ги да ги напуштаат своите вековни огништа. Стравот уште повеќе се засилил затоа што македонската држава се нашла неподготвена соодветно да одговори на се позасилениот албански сепаратизам. Па оттука оправданиот револт кај Македонците, кој надлежните органи го нарекувале "македонски шовинизам". Тоа предизвикало појава на обострана подвоеност и недоверба. Така на пример на Скопскиот универзитет се јавила тенденција кај студентите Албанци за дистанцирање од другите студенти. Тие дури и формирале посебен "клуб за студенти Шиптари" истакнувајќи ја потребата на студентите-книжевници за читање на своите творби пред луѓе што го знаеле јазикот. Во Дебар јазот помеѓу македонското и албанското население добил поголеми размери, така што кога се приредувале културно-просветни приредби од албански ансамбли гостувале само Албанци и обратно. Во с. Теарце пак биле поделени местата во салата за приредби за Македонци и Албанци. Во некои мешани места биле забележани повеќе случаи на закани, навреди, физички пресметки и расправии врз национална основа, како и негодување на Македонците за "се

[107] ДАРМ, исто, 0124. 0012/ 257

поголемите права што ги добиваат Шиптарите плашејќи се за својата иднина".[108]

Револт се манифестирал и кај некои членови на Партијата, а во помала мера и кај некои раководни кадри. По објавувањето на Резолуцијата на ИБ, револтот, но и несигурноста и недовербата помеѓу членовите Македонци и Албанци во Партијата драстично се зголемиле. Па така во Дебар началникот на поверенството кога требало да говори за состојбата на малцинствата, одбивал да говори пред Албанците говорејќи: "да ви кажам право и тија се членови на комитетот но јас немам верба преди нив да зборам." Во Велес кога биле сместени некои емигранти од Албанија се јавил страв кај некои граѓани и членови на Партијата, "да се тие нелуѓе и да од нив треба да се исчисти Велес". Вакви примери на изливи на незадоволство и несигурност имало повеќе, пред се во етнички мешаните средини, што претставувало еден инстинктивен акт на самоодбрана во услови на се позасилениот албански сепаратизам и национализам.[109]

Според партиските анализи, влошувањето на односите помеѓу Македонците и Албанците биле предизвикани од:

- оптовареноста на населението со односите што постоеле меѓу Македонците и Шиптарите во минатото, а особено кога се однесува за македонското население во блиското минато;
- заостанатоста на шиптарското население и незживеаниот национализам исто така придонесува за појавата на одредени проблеми (комплекси на запоставеност, потценување и сл.)

[108] Во село Сопот, Кумановско несогласувањата кај населението се пренесувале кај учителите а преку нив и кај учениците. (ДАРМ, исто, 0124. 0012/ 258)

[109] Особено голема била несигурноста кон членовите Албанци во Гостиварската и Тетовската околија. Па така на прашањето на еден Албанец член на Партијата дали имало неповерливи членови, еден од Македонците членови му одговорил: "ако бевте сигурни немаше секоја вечер да ги пазиме вашите куќи" (ДАРМ, исто, 0029. 0130/ 628)

- пропагадната активност од НР Албанија и територијалните барања.[110]

Властите проблемот со големоалбанскиот сепаратизам и пропаганда го поставувале пред се на идеолошки основи, не согледувајќи ги докрај тежината и корените на самиот проблем. Имено тие наивно сметале дека "шовинизмот кај шиптарскиот елемент" би можел да се совлада само со "негово превоспитување да е одан на социјалистичката изградба, на социјализмот" и со создавање на класна диференцијација меѓу Албанците.[111] Токму поради тоа и толкавата умереност и чувствителност на властите спрема албанскиот сепаратизам кој што можел да се согледа и од заклучокот на еден партиски извештај во кој меѓудругото се вели: за "непријателската делатност (на албанските сепаратисти б.м.) постои кривично дело, и да УДБ интервенира со хапшења и други мерки, това е сепак многу озбилно политичко питање, кое мора да се решава преко политичките мери во непосредниот контакт на теренот".[112] Па оттука главната задача за релаксирање на меѓуетничките односи и зачувување на "братсвото и единството" ја преземале општинските и месните партиски комитети кои требале да работат директно на теренот помеѓу населението.

## 2.4. Развиток на културата и просветата кај албанското малцинство во НРМ

Асномските начела за слободна употреба на јазикот на малцинствата во образовниот систем и слободно развивање на сопствената култура биле

[110] ДАРМ, исто, 0124. 0012/ 258
[111] ДАРМ, исто, 0027. 0055/266
[112] ДАРМ, исто, 0060. 0008/149

имплементирани во сите наредни устави. На тој начин уште од првите повоени години започнало брзо развивање на културата и просветата како кај другите така и кај албанското национално малцинство.

Неписменоста во голем процент била застапена на целата територија на НР Македонија[113], а особено била изразена кај малцинствата со муслиманска вероисповед, меѓу кои и албанското како најбројно муслиманско малцинство.

Во согласност со тогашниот образовен систем во НР Македонија, прво биле формирани четиригодишни основни училишта, потоа од 1948 година седумгодишни а од 1952 година осумгодишни училишта, во кои што албанското малцинство можело да учи на својот мајчин јазик.

Развитокот на образованието кај албанското малцинство наишол на низа пречки од објективен карактер како што било немањето учителски кадар, училишен простор, учебници и друга педагошка литература итн.

По завршувањето на Втората светска војна најголемиот дел од учителите кои дошле од Албанија се вратиле назад, така што се создала потреба од оспособување на учителски кадар. За реализирање на овие цели, веднаш по ослободувањето започнале да се одржувале курсеви за учители. Во 1947 година, била отворена редовна паралелка на албански јазик при учителската школа во Скопје, додека во 1950 година во Тетово, во основното училиште “Лирија”, било отворено првото училиште за учители на албански јазик во Македонија. По две години ова училиште било преместено во Скопје.[114] Преместувањето во Скопје било условено од повеќе причини: поради што Скопје бил поголем културен центар, но и поголема средина и на тој начин учителите би дошле во допир со Македонци, што било нужно за

[113] Се претпоставувало дека околу три четвртини од населението било неписмено.
[114] В. Ачкоска, Братството и единството..., 290

добро изучување на македонскиот јазик, како и подобрите услови за сместување и политичко воспитување.[115]

Во 1945 година биле обучени околу 70 учители Албанци[116], меѓутоа 90% биле со основно образованиe.[117] Во наредните години бројот на учителите постојано се зголемувал, но квалитетот на образованието не бележел значително подобрување.[118] Партиските анализи, слабиот квалитет на образованието кај албанското малцинство го поврзувале со "верската затуцаност" и со традиционалниот начин на живот.

Религиозноста кај учителите била доста присутна[119] и не била во согласност со тогашните брзи еманципирачки процеси кои го зафатиле општеството, а со тоа не требале да бидат одминати ниту муслиманските маси. Во немање на кадар дури биле ангажирани и оџи, затоа што биле писмени. Било забележано дека голем дел од учителите биле оптеретени со "верски предрасуди и суеверие". Муслиманскиот клер вршел големо влијание врз учителите и воопшто врз наставниот процес. Особено давале отпор на секуларната просвета и барале спроведување на верска настава. Така во некои училишта успевале да внесат верски книги во државните училишта и пружале силен отпор против образованието на женските деца.[120] Тоа секако се одразувало и на наставниот процес и на учениците, кои во голема мера носеле "амајлии и др. знакови од оџи, врачари и бајалици".[121]

---

[115] ДАРМ. 01. 0427. 0027. 0056/290

[116] ДАРМ, исто, 0128. 0021/134

[117] ДАРМ, исто, 0128. 0032/311

[118] Квалификациите на учителите и во наредните години биле главен проблем, имено во учебната 1958/59 година од 908 наставници на албански наставен јазик, 297 од нив биле со неоформено соодветно образование. (ДАРМ, исто, 0124. 0012/264)

[119] Во Гостивар бил забележан случај на еден учител кој често пати го заменувал својот татко, оџа, во џамијата, односно се качувал во минарето за "да вика наместо оџата". (ДАРМ, исто, 0128. 0032/311)

[120] ДАРМ, исто, 0124. 0012/257

[121] ДАРМ, исто, 0060. 0002/19

Посебен проблем претставувало и незаинтересираноста на родителите да ги праќаат своите деца на училиште. Во многу места во Западна Македонија, пред се во селските средини била забележана нередовноста во училиштата, "а некој воопшто не одат." Главни причини за неодење во училиште било тоа што се праќале децата да "чуваат стока, како измеќари, бидејќи да се повеќето од бедни луѓе а они се изговараат да немаат облекло, не сакаат децата и др."[122] Ниското културно ниво и верската заостанатост понекогаш посилно влијаела врз одлуките на родителите дури и од економската положба, па така биле забележани случаи на плаќање казни само за да не би ги прателе своите деца на училиште. Ова особено доаѓало до израз кога биле во прашање женските деца. Ако веќе биле пратени на училиште, најчесто по 12 година го напуштале и останувале дома. Речиси насекаде била забележана оваа појава, на повлекувања на женските деца од вишите одделенија "заради заклонување од јавноста пред да стане девојка".[123]

Во првата деценија по ослободувањето, особено бил загрижувачки нискиот процент на запишани "шиптарски деца во средни и стручни школи", во кои речиси и да ги немало, "освен во шиптарските гимназиски паралелки во Тетово и во учителското школо."[124] Така на пример во Скопската околија во 1955/56 учебна година VIII одделение завршиле 34, а продолжиле во средна школа во наредната учебна година 15 ученика од кои 4 ученички. Најголемиот процент од учениците образованието го продолжувале во учителската школа во Скопје. Освен културната заостанатост, како главна причина што не се запишувале албанските ученици во средните училишта била недоволното познавање на македонскиот јазик, особено во селските етничко-хомогени средини.

---

[122] ДАРМ, исто, 0128. 0032/311

[123] На територијата на МНО с. Матејче во VII клас учеле "само 2-3 женски деца" (ДАРМ, исто, 0027. 0056/292)

[124] ДАРМ, истото.

Малиот број на ученици во средните училишта било причина за малиот број на запишувања на факултетите и на Вишата педагошка школа (ВПШ), каде од учебната 1952/53 година се оспособувал наставнички кадар и на албански јазик. До крајот на 1958 година само 14 студенти од албанска националност дипломирале на ВПШ, а во учебната 1958/59 година на ВПШ се запишале 11 студенти Албанци.[125]

Слабо подготвениот наставнички кадар било причина да наставниот процес изобилувал со "груби грешки од содржајна, методико-педагошка и идејно-воспитна гледна точка." Посебен проблем претставувала "наставата со шиптарски односно македонски јазик во училиштата со шиптарски наставен јазик." Имено учителите "по шиптарски јазик како и другите наставници, наставата ја изведуваат на оноа подрачје или дијалекат кој се во употреба на дотичното подрачје." Тоа ни кажува дека многу мала била употребата на албанскиот литературен јазик и тој проблем се провлекувал повеќе години.[126]

Анализите говореле дека прашањето на јазикот претставувал сериозен проблем, посебно кога станувало збор за учебниците. Имено, во почетокот биле увезувани учебници од Автономната покраина Космет, каде се употребувале тамошните дијалекти блиски до "тегинскиот (дијалект б.м.) кој се говори во Северна Албанија" кој го сметале за литературен албански јазик.[127] Тоа најмногу се одразувало во учебниците по литература и историја.

Меѓутоа во наставата а посебно учебниците донесени од Космет, освен јазичниот се појавиле и други проблеми затоа што не биле соодветни за потребите и наставната програма за образованието на Албанците во НРМ. Тоа особено се одразило врз учебниците по историја, литература и географија. Учебниците по историја и литература, покрај бројните

[125] ДАРМ, исто, 0124. 0012/265
[126] ДАРМ, истото.
[127] ДАРМ, исто, 0128. 0027/209

содржински и педагошки недостатоци, не одговарале на тогашната воспитна компонента која била практикувана во НРМ, односно во најголема мера биле обработувани историски личности и настани од Космет и Албанија, како и за економско-географските карактеристики на Космет. Таквата ситуација започнала да се променува во шеесетите кога се подобрило печатењето учебници на јазиците на малцинствата.[128]

Ситуацијата била уште полоша во квалитетот на изучувањето на македонскиот литературен јазик. Македонскиот јазик во малцинските училишта бил застапен од III одделение основно образование и тоа со по два часа неделно. Поради слабата квалификација, учителите слабо го познавале македонскиот јазик, па се случувало во некои училишта стихијно да се предава овој предмет и тоа со само еден час неделно. Во многу случаи забележано било механичко изучување на јазикот, каде што некои учители ги терале учениците да “пишуваат и читаат македонски текстови без да ја разбираат содржината.”[129] Во сите училишта каде наставата била изведувана на албански јазик, македонскиот јазик го предавале Албанци, освен во учителската школа и во градската осмолетка во Скопје. Недоволното посветување внимание на државниот јазик во образовниот систем, предизвикувало далекусежни последици врз понатамошното образование на Албанците како и врз интегрирањето во општеството.

Се со цел зголемено анимирање на учениците и подобрување на квалитетот на образованието, министерството за просвета посветило внимание и на стипендирање на припадниците на националните малцинства. За учебната 1958/59 година во тетовската околија од вкупно 582 стипендисти,

[128] В. Ачкоска, Братството и единството…, 300; До 1958 година биле испечатени 40 учебници во тираж од 271.000 примероци, од кои 5 биле оргинални (домашни автори) а 35 преводи [illegible] учебници. (ДАРМ, исто, 0128. 0021/136)

[129] Во некои места “се задоволуваат само со пишување”, а имало и случаи учениците да знаеле и да изрецитираат “и некоја стихотворба, но често пати тоа е само мешавина од македонско-шиптарски јазик.” (ДАРМ, исто, 0060. 0002/15)

133 биле Албанци, од охридската околија од 217 стипендисти, 85 биле Албанци и во кумановската околијаод 611 стипендисти, 37 отпаднале на припадниците на албанското национално малцинство. Најголемиот дел од Албанците стипендисти биле средношколци од учителската школа, ВПШ и филозофскиот факултет.[130]

Еден од потешките проблеми во образовниот процес бил изградба и реновирање на училишта и нивно материјалното опремување. Поради постојаното зголемување на учениците од сите националности, овој проблем бил секогаш актуелен. Притоа во материјалното обезбедување на наставата во училиштата со албански наставен јазик не се правела разлика помеѓу нив и македонските училишта, меѓутоа поради тоа што “во голем број шиптарски села се отвараат секоја година се нови и нови училишта, истите не можеа да бидат на време снабдени нити со доволен училишен простор, нити со училишен инвентар, нити со наставни и надгледни средства...” Исто така имало и случаи кога наставата била одвивана и во приватни куќи, дотраени училишни згради па дури и џамии.[131]

Меѓутоа и покрај тоа што властите наидувале на најразлични потешкотии од секаков вид, од кои дел веќе споменавме, сепак не се чувствувал застој во развитокот на образовниот систем кај албанското малцинство. Па така бројот на училиштата, учителите и учениците можат да се следат во една нагорна линија.

Во првата учебната 1944/45 година биле отворени 60 основи училишта со 104 учители во кои учеле 3.975 ученици.[132] Меѓутоа во наредните години бројот на новозапишаните албански ученици постојано растел, па со тоа се зголемувал и бројот на училиштата и учителите. Само во наредната учебна 1945/46 година, бројот на албанските ученици се зголемил за повеќе од три

[130] ДАРМ, исто, 0128. 0027/204
[131] ДАРМ, исто, 0128. 0021/133
[132] ДАРМ, истото.

пати односно изнесувал 12.359 деца и 259 учители.[133] По 14 години односно во учебната 1958/59 година биле евидентирани вкупно 256 училишта на албански наставен јазик од кои 221 четиригодишно, 2 шестогодишни и 33 осумгодишни со вкупно 32.749 ученици и 908 учители, од кои 660 биле Албанци, 151 Македонец и 97 Турци .[134] Освен во основните ситуацијата се подобрувала и во средните училишта. Имено во учебната 1952/53 година во гимназиите и средните стручни училишта биле опфатени 234 учници на албански јазик, а во учебната 1960/61 тој број пораснал на 775 ученика. Слична била и состојбата на факултетите во 1950 година имало само 18 студенти Албанци, а во 1960/61 година бројот се зголемил на 513 Албанци.

Напоредно со создавањето на мрежата на основни училишта, биле формирани и аналфабетски курсеви за ликвидирање на неписменоста кај возрасните лица. Високиот процент на неписменост бил карактеристичен за целото население на територијата на НРМ, но кај муслиманското население тој процент бил нешто повисок поради ред верски, културни и патријархални сфаќања. По ослободувањето биле регистрирани 77.267 неписмени Албанци, а со 1952 година биле описменети вкупно 56.763 Албанци. Констатацијата на надлежните органи била дека најголемиот дел од неписмените биле жени. Тоа се должело "на верската затуцаност и културната заостанатост поради кое жените не можеа да бидат опфатени на аналфабетски курсеви раководени од учители" а поради тоа што немало доволно писмени Албанки не било "можно широко опфаќање на жените било на курсеви, поединечно или групно описменување." За описменување на жените дури биле ангажирани и ученици што завршиле основно училиште осмолетка или гимназија, меѓутоа покажувале релативно слаби резултати затоа што учениците немале "ни психички ни физички сили и способности да раководат

[133] ДАРМ, исто, 0012. 0058/412
[134] ДАРМ, исто, 0124. 0012/261, 264

со ваква тешка работа...”.[135] Покрај бројните напори на властите за намалување на неписменоста преку развивање на училишната мрежа и формирање на курсеви за возрасните сепак, неписменоста кај албанското малцинство била највисока во НРМ. Според пописот од 1953 година високи 58,5% Албанци биле евидентирани како неписмени, за разлика од нив, кај македонскиот народ неписменоста се симнала на 27,1%.

Напоредно со ширењето на образовниот систем, македонските власти посветиле големо влијание на формирање културно-уметнички друштва, поедини секции и групи, кои што допринеле за равивање на културно-просветната и уметничка дејност кај албанското малцинство во НРМ.

На територијата на НРМ до почетокот на шеесетите години постоеле четири чисто албански и пет мешани (албанско-македонски) културно-уметнички друштва со повеќе од 1.000 членови.[136]

Драмски секции имало во градовите Битола, Куманово, Струга, Дебар, Тетово и во селата Србица, Теарце, Чегране, Вруток и Боговиње. Библиоткеки и читални имало во се;ата Чегране, Боговиње, Теарце, Форино, Чајле и Вруток. Постоеле и фолклорни групи, хорови и оркестри на албански јазик при културно-уметничките друштва. Во Скопје постоел и малцински театар со сопствена зграда, во кој што се одржувале претставии на албански и турски јазик. Театарот бил формиран во 1951 година и за помалце од деценија биле одржани околу 1.300 претстави.[137]

За подобрување на културно-просветниот живот на албанското малцинство во НРМ, се посветило големо внимание на издавачката дејност. Веднаш по ослободувањето, на 4 април 1945 година, во Скопје, излегол од печат првиот број на весникот “Флака е влазнимит” (“Пламен на

---

[135] Така на пример во “село Непроштено 80 Шиптарки описменети од пионерите во минатите години денеска се неписмени.” (ДАРМ, исто, 0060. 0002/20)
[136] ДАРМ, исто, 0128. 0021/138
[137] ДАРМ, исто, 0128. 0027/216

братството"). Овој весник се печател еднаш неделно, тиражот се движел околу 5.000 примероци. Во него се обработувале теми од внатрешно-политички, општествени и економски карактер.[138]

За потребите на албанските деца и ученици биле печатени детските списанија "Гзими" ("Радост") кое започнало да се печати од 1950 година и "Фатоси" ("Другарче") од 1957 година. Годишно од двата броја излегувале по 10 броја.[139]

Напоредно со развивањето на албанскиот информативен печат во НРМ, се развивале и другите видови на издавачка дејност како: учебникарството, лектирата и другата литература.

Во единствениот радио-медиум информирањето на албански јазик било соодветно застапено. Секој ден се емитувале по 10 минутни емисии од информативен карактер. Освен тоа во текот на неделата се емитувала по една емисија за деца, една за жени и две емисии со албански народни песни.[140]

Во првите години од формирањето на македонската република биле направени значајни чекори во подобрувањето на културата и просветата кај албанското национално малцинство. Меѓутоа тие брзи еманципирачки процеси понекогаш наидувале на отпор кај некои конзервативни припадници на албанското малцинство, често пати на своја штета и на штета на сопствените деца. Но, и покрај тоа, македонските власти повикувајќи се на прокламираното "братство и едниство" и асномските начела за рамноправност на сите граѓани, покажувале голем интерес и грижа понатамошното унапредување на културата, образованието и просветата на ова малцинство.

[138] ДАРМ, исто, 0128. 0021/137
[139] ДАРМ, истото.
[140] ДАРМ, исто, 0128. 0021/ 138

# ТРЕТА ГЛАВА

# 3. ТУРСКОТО МАЛЦИНСТВО

## 3.1. Иселувањето на Турците од НРМ

Турското малцинство на територијата на НР Македонија претставувало остаток од некогашното долговековно владеење на Османлиската империја на овие простори. Уште со самото завладување на Македонија (крајот на XIV век), османлиската држава започнала со населување на турски етнички елементи на овие простори. Бројот на Турците бил во пораст се до почетокот на Балканските војни кога Османлиската империја била протерана од Балканот а со тоа и од Македонија. Оттогаш започнал процесот на иселување на Турците од Македонија. Според статистичките податоци од 1921 година на Кралството СХС на тлото на денешна Република Македонија живееле 798.000 жители од кои 118.752 Турци, со што се проценува дека нивниот број за 9 години се намалил за околу 55.000.[141]

Иселувањето било мошне масовно од 1912 година па до 1924 година, кога дошло до краткотрајно стивнување, а по 1928 година повторно дошло до зголемување на иселувањето. Имено засилување на иселувањето по 1928 година се поврзува со укинувањето на политичката организација на Турците "Џемиет", која воедно била и единствената граѓанска партија на тлото на

---

[141] Борче Илиевски, Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското население од Вардарскиот дел на Македонија 1918-1941 година, Годишен зборник на Филозофскиот факулет, кн. 61, 2009, 309

Македонија.[142] Иако на турското и останатото муслиманско население им било дозволено слободата на веросиповед, сибијан мектеби (верски основни училишта) и медереси (средни исламски училишта) сепак бранот на иселување продолжил. Најмногу се иселувало турското население кое било економски помоќно од градските и селските средини.

Во 1928 година со одредбите во Законот за државјанство државата го регулирала иселувањето на турското и останатото муслиманско население. Според статистичките податоци од Југославија во Турција во периодот од 1927 година до 1939 година се иселиле 13.678 муслимани. Турците целосно напуштиле повеќе села во сливот на Брегалница, во Повардарието, Овче Поле и други области.[143]

Турската држава, потпишувајќи договори со балканските држави за ислеување на турскиот елелмент во Турција, свесно го стимулирала доселувањето на Турците во Турција со цел создавање на етнички хомогена држава. Па така Турција и со Кралството Југославија потпишала договор во 1938 година за иселување на 40.000 турски семејства од Македонија и Косово во рок од шест години.[144] Меѓутоа поради смртта на Кемал Ататурк и започнувањето на Втората бил реализиран. Иако овој договор не бил реализиран, сепак иселувања на посдини семејства трасл се до 1941 години, односно до почетокот на Втората светска војна и во Југославија.

Во текот на Втората светска војна престанало мигрирањето на Турците и другите муслимани во Турција, меѓутоа не и желбата да се иселат. По завршувањето на Втората светска војна тој процес на иселување повторно станал актуелен.

---

[142] Улогата на “Џемиетот” била да се бори за правата на муслиманското население и да ги штити правата на поранешните чфликсајбии од аграрната реформа. (Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Мисла, Скопје 1990, 177)

[143] Б. Илиевски, Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења..., Годишен зборник..., кн. 61, 2009, 311-312

[144] Истото, 315

Во периодот по ослободувањето на Вардарскот дел на Македонија и создавањето на македонската република, турското национално малцинство живеело главно по селата и тоа во Тиквешијата, Овче Поле, околуреката Брегалница, во помал број биле застапени и во некои села во околината на Тетово, во Битолско, Прилепско, Дебарско, Велешко и Радовишко. Но не бил мал бројот на градските Турци кои главно живееле во Скопје, Тетово, Куманово, Битола и Охрид.

По ослободувањето биле забележани случаи на барања за отпуст на државјанство на лица од турска националност, но не така масовно како во периодот пред Втората светска војна. Според партиските анализи процесот на иселување можел да се подели на два периоди: првиот до 1952 година кога не било дозволувано иселување на лицата од турска националност и периодот по 1952 година кога бил дозволен отпустот од државјанство.

Желбата за иселување на Турците главно била потикната од економски, верски и политички причини. Турското малцинство не било подготвено да ги прифати радикалните општествено-политички промени во државата, како и да се вклучи во брзите еманципаторски процеси со кои се рушеле дотогашните патријархални односи.[145]

Турското национално малцинство, како и останатите муслимани најмногу негодувале на пројавениот атеизам на новите власти, а со тоа постоел и стравот дека комунистичката власт ќе ја забранела религијата, традиционалните обичаи и сл. Во прилог на ова одело и Законот за забрана на зарот и фереџето од јануари 1951 година, кое било сфатено како навреда за честа и достоинството на муслиманите, и укинувањето на основните верски училишта (сибијан мектеби). Како антиисламски биле сфатени и новите

[145] В. Ачкоска, Братството и единството..., 270

закони за задолжително школство на женските деца како и рамноправноста на половите.[146]

Како една од позначајните причини за иселување на турското малцинство била новата економска политика. Како и на селаните од другите националности така и на Турците не им одговарала аграрната реформа (1945-1948), задолжителниот откуп (1945-1953), создавањето на Селските работни задруги (1949-1953) а особено биле погодени турските големопоседници со законот за ограничување на земјишниот максимум на 10 ха (1953). Градските Турци пак биле засегнати со национализацијата на приватната сопственост (1946, 1948) затоа што тие најмногу се занимавале со трговија и занаетчиство.[147] Токму побогатите градски Турци биле меѓу првите кои ја напуштиле НР Македонија, несогласувајќи се со воведувањето на новиот општествено-политички систем затоа што се сметале за "остатоци на капитализмот".

Процесот на иселувањето на балканските Турци по Втората светска војна, не започнал прво во НР Македонија, туку тој процес бил поактуелен во Бугарија и Грција. Имено во овие две земји иселувањето на Турците било поттикнато од тамошните власти, така што врз тамошното турско население бил вршен политички и економски притисок. Особено со своите мерки се истакнале бугарските власти, затоа што само за периодот од 1948-1951 година успеале да принудат да се иселат околу 150.000 Турци.[148]

За разлика од овие две балкански држави, македонските власти, спрема прашањето за иселувањето на Турците, воопшто не се поставиле националистички, туку напротив изразувале загриженост поради истото.

---

[146] В. Ачкоска, Братството и единството..., 278

[147] Виолета Ачкоска, Иселувањето на Турците од НРМ по Втората светска војна (1945-1960), "Историја", год. XXXVIII/1-2, Скопје, 2002, 91

[148] Во периодот 1969-1978 уште 130.000 Турци се иселиле во Турција, додека во 1989 година од Бугарија во Турција се иселиле уште околу 300.000 Турци. (Владимир Ортаковски, Меѓународна положба на малцинствата, Скопје, 1996, 280)

Според партиските анализи иселувањето било поттикнато од пропагандната активност во Турција, па поради тоа во почетокот биле одбивани молбите за отпуст поврзувајќи ги со делување на “реакционерни елементи”. Молбите за иселување ги поврзувале со “примитивноста на луѓето” како и поради “национално-верската затуцаност”. Па така “непријателските елементи” ширеле “шовинистички пароли, психоза на војна а со това и неповерење кон денешницата”[149] Особено антијугословенски активни биле старите Турци и оџите, кои според партиските анализи, ширеле паника дека новата власт одела кон постепено уништување на исламот.[150]

Врз процесот на иселување во првите години дополнително влијаеле и апелите на иселениците во Турција кои ги испраќале до турската влада за да го олеснела иселувањето на Турците. Додека пак по затоплувањето на југословенско-турските односи било забележано доаѓање на поголем број на деловни луѓе од Турција кои прикажувале идилична и примамлива слика за животот во Турција.[151]

Иселувањето на Турците од НР Македонија започнало во 1951 година. Во првите години во иселувањето доминирале градските Турци, односно трговците и занаетчиите. Новото социјалистичко општество имало за цел уништување на “шпекулантските слоеви” и “капиталистичките елементи”, па така на трговците им било оневозможено слободно да се занимаваат со трговија, а исто така и знаетчиите на разни начини биле попречувани во својата приватна дејност. Па така овие трговци решиле својот капитал да го

---

[149] Архив МАНУ, ф:Лазар Колишевски, 43/2, 9, Информација за иселување на Турците од струмичка околија во Турција

[150] Најчесто меѓу Турците се говорело дека: “ние (Турците б.м.) не требе да останеме тука, затоа што нашите деца ќе се одродат од исламот, нигде не учат за верата, ниту во редовните училишта ниту пак постојат мектеби-верски училишта. Кога старите оџи ќе изумрат, нови не ќе има затоа што младите нигде не учат за оџи, тогаш ќе биде со исламот свршено... ние не можеме и не требе да дозволиме и да гледаме како нашите деца јадат маст во армијата, никој сунет /обрезување/ не им врши...” (ДАРМ. 01. 0427. 0060. 0003/47)

[151] В. Ачкоска, Братството и единството..., 273

префрлат во Турција, каде би можеле да продолжат со трговијата, а занаетчиите сметале дека полесно можеле да ја обавуваат својата дејност во Турција затоа што таму сеуште слаба била развиена индустријата и од занаетчиството сеуште добро се просперирало. Кон средината на педесеттите години се засилил процесот на иселување на селаните и тоа прво кај големопоседниците, кои изгубиле голем дел од своите имоти со аграрната реформа и ограничувањето на земјишниот максимум, а потоа и кај поситните селани кои станале несигурни поради спроведувањето на колективизацијата на селото.

**Бројот на иселените лица во Турција[152]**

| Година | 1951 | 1952 | 1953 | 1954 | 1955 | 1956 | 1957 | 1958 | 1959 (до 15 март) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на иселени | 31 | 153 | 1.931 | 17.396 | 38.145 | 28.816 | 27.432 | 23.626 | 6.362 | 143.800 |

Во 1951 година им било дозволено на 31 лице да се иселат во Турција. Наредните години таа бројка се зголемувала и го доживеала својот максимум во 1955 година кога се иселиле 38.145 лица. Всушност од 1954 година нагло се зголемила бројката на иселените лица, пред се поради промената на партискиот став околу иселување. Имено, дотогаш иселувањето било сметано за антидржавна дејност и било оневозможувано на најразлични начини што предизвикувало реакција и незадоволство кај турското малцинство.

[152] Архив МАНУ, ф: Лазар Колишевски, 43/2, 30, Brojcani podatoci za otpust na drzavjanstvo od FNRJ i iseleni vo Turcija od 15. I do 31. XII. 1958; В. Ачкоска, Братството и единството..., 282

Промената на партискиот став прв ја изнел Лазар Колишевски во весникот “Нова Македонија” од 28 март 1954 година.[153] Тој не се согласувал со терминот “иселување” затоа што не постоела принуда врз Турците да се иселуваат туку тоа било на доброволна база. Зборувајки за причините заради кои турското малцинство барало отпуст од југословенско државјанство со цел да се населат во Турција Колишевски изјавил: “Пред се тоа се роднинските врски, верски побуди под влијание на реакцијата за одење во Турција, најпосле чувството до кој степен еден дел од турското малцинство ја сватило нашата зедница како своја, бидејки тоа малцинство е сепак турско припадник на една одредена нација и доколку тоа чувство за оваа наша социјалистичка заедница е поголемо дотолку ќе бидат помали и тенденциите за нејзино напуштање”[154]

Веќе наредниот ден, оваа изјава на Колишевски, била срдечно поздравена од турскиот амбасадор во Белград, Агах Аксел.[155] Но, покрај промената на партискиот став за иселувањето, за зголемување на бројот на иселувањата во Турција влијаела и дозволата за продажба на имотите од 1954 година. На тој начин Турците трговци, занаетчии и селани можеле слободно да ги отуѓат нивните недвижни имоти.[156]

Веќе споменавме дека во првите години се иселувале градските Турци, но од 1954 година помасвно започнале да се иселуваат селаните прво од Источна Македонија. Врз нив многу влијаел психолошкиот момент, односно стравот да не би останале сами, затоа што од Штип Велес и другите градови Турците веќе во голем дел се селеле.

Во источниот и централниот дел на НР Македонија, процесот на иселување, се одвивал без сериозни проблем. Меѓутоа во Западна

---

[153] “Нова Македонија”, Х, 2.910,28.03.1954

[154] Истото

[155] Архив МАНУ, ф:Лазар Колишевски, 43/2, 11, Турскиот амбасадот ја поздравува изјавата на Лазар Колишевски-за иселувањето на Турците од Македонија, 29 март 1954 година

[156] В. Ачкоска, Братството и единството..., 276

Македонија биле забележани притисоци врз Турците од страна на некои големоалбански националисти. Тие се противеле на иселувањето на муслиманското население, како и на менувањето на легитимациите од оние што сакале да се иселат прогласувајќи ги за “предавници на албанскиот народ”. Големоалбанските националисти изјавата на Колишевски ја толкувале како обид на власта да ја разбие компактноста на албанското население.

Голем интерес за иселувањето во Турција пројавиле и исламизираните Македонци речиси од сите села каде биле населени но најмногу од Велешките села. Исто така интерес за иселување во Турција пројавиле и голем број на Албанци, како новодојдените така и домашните. Имено во овој период настанала и голема миграција на муслимански популации од Космет, Санџак, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Јужна Србија во Македонија со цел полесно да би се иселиле во Турција. Во 1959 година 22.776 лица добиле официјално републичко државјанство на НРМ, од кои што најголем дел се населиле во скопската околија.[157]

Меѓутоа голем дел од ова население не добило дозвола за иселување поради условите кои биле поставувани за да се добијат “весики”. Главниот услов бил во фамилијата на барателот да се употребувал турскиот јазик и пред надлежните државни органи од 1944 година да се декларирале како Турци. На почетокот, надлежните органи отпустот го давале по шест месеци чекање, меѓутоа по подобрувањето на југословенско-турските односи, барањата за отпуст биле решавани за три месеци. Лицата кои барале отпуст требале да добијат гаранција од своите роднини во Турција преку турскиот конзулат во Скопје. Молителот кој барал отпуст морал да биде полнолетно

---

[157] До мај 1956 година се населиле 15.187 лица. (Архив МАНУ, ф. Лазар Колишевски, 43/2, 23, Народна Република Македонија, Државен секретаријат за внатрешни работи, управа за јавна безбедност, Извештај за приливот на малцинско население/муслимани/ дојдени од Космет, Санџак, Црна Гора и Босна и Херцеговина во НР Македонија во времето од 1951 година до мај 1956 година)

лице кои ги исполниле сите обврски кон државата, но морал да достави и гарантно писмо дека добил државјанство или ќе добие. Требало да биде доставен и судски пренос на продадената недвижнина. По регулирањето на сите обврски, Секретаријатот за внатрешни работи ги издавал потребните патни исправи. За да се изваделе сите потребни документи биле потребни околу 20.000 тогашни динари по лице, што било реалтивно висока сума.[158]

Дополнителни тешкотии имале селаните кои морале често да одат до градските центри за регулирање на документите. Но, тешкотии се јавувале и при добивањето на гарантни писма, затоа што многу Турци немале свои роднини во Турција, па чести биле колективните обраќања до турската влада за гаранција.[159] Високите такси за многу селани претставувале најголем проблем, па затоа по 1955 година се намалува бројот на иселениците, затоа што се претпоставува дека дотогаш се иселиле поимотните Турци.

По 1955 година бројот на лицата кои се иселувале во Турција констатно се намалувал, но не престанал. Врз намалувањето на бројот на иселениците влијаел и Законот за национализација на наемните згради и градежно земјиште донесен на 25.11.1958 година, според кој одреден број на сопственици веќе неможеле да ги продаваат своите имоти кои потпаѓале под одредбите на овој закон. Врз смалувањето на преселничкиот бран влијаеле и повратните информации што пристигнувале од Турција, дека економската ситуација не била така идилична како што ја замислувале, тешко се заработувало, плаќале високи кирии, не биле социјално осигурани, немале детски додаток. Покрај тоа и климатските услови биле многу поразлични од оние во Македонија па многу тешко се прилагодувале на новиот живот. [160]

Иако видно намален, процесот на иселувања во Турција не запрел во педесеттите години, тој продолжил и во наредните децении се до

---

[158] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 216
[159] В. Ачкоска, Иселувањето на Турците од НРМ..., "Историја", 97
[160] Истото, 100

осамостојувањето на Република Македонија. Турците најмасовно се иселувале од Скопје, Битола, Валандово, Виница, Делчево, Кичево, Куманово, Неготино, Прилеп, Радовиш, Свети Николе, Струмица, Велес и Штип.[161]

Поради веќе споменатите услови, многу Албанци што планирале да се иселат во Турција, се откажале од таквата идеја. Нивниот број заклучно со 1956 година изнесувал 4.643 лица, наспроти 67.236 Турци и 13.926 исламизирани Македонци.[162] Вкупниот број на иселени лица во Турција до 15 март 1959 година бил 143.800 лица, од кој најголемиот дел биле припадници на турското малцинство.

Масовното иселување на Турците особено се одразило на економски план. Се проценувало дека турското малцинство располагало со околу 100.000 хектари обработливо земјиште, 350.000 овци и 80.000 глави крупен добиток. Во определени региони дошло до намалување на сточниот фонд, а големи парцели високо квалитетна земја останала необработена, затоа што добар дел од имотот останувал непродаден а државата не ги преземала сите мерки за негово ставање во стопанска активност. Сето тоа имало свое влијание врз намалувањето на обимот, структурата и приносите во производството.[163]

Просторот што го напуштале Турците, бил етнички пополнуван од Македонците во Источна и Албанците во Западна Македонија. Но, сепак и покрај тоа етничко пополнување на просторот, многу региони по иселувањето на Турците и натаму останале празни и претставувале најдобар сведок на еден процес кој го зафатил турското население од почетокот на Балканските војни па се до почетокот на 90-тите години на минатиот век.

---

[161] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 220

[162] Архив МАНУ, ф: Лазар Колишевски, 43/2, 30, Brojcani podatoci za otpust na drzavjanstvo od FNRJ i iseleni vo Turcija od 15. I do 31. XII. 1958; Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 219

[163] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 245

## 3.2. Бројната состојба на турското малцинство и промена на националниот идентитет на дел од муслиманското население заради полесно иселување во Турција

Според пописот од 1948 година како Турци се декларирале 95.987 лица, односно 8,3% од вкупното население на НР Македонија.[164] Меѓутоа веќе споменавме дека овој попис не ја отсликувал реалната етничка слика пред се меѓу муслиманското население. Еден дел од Турците што биле национално лабилни, но и еден дел под притисок на големоалбанските националисти, на овој попис биле попишани како Шиптари. Особено силен притисок бил вршен врз Турците во Гостивар и Тетово. Во овој период односите помеѓу Албанија и Југославија биле прилично добри, па поради тоа албанското малцинство било сметано за "пријателско", додека Турција била сметана за земја од непријателски блок. Поради таквата констелација на меѓународните односи, еден дел од турското население сметало дека ако се декларира за албанско би имало повеќе привилегии. Тоа било она население кое за време на окупацијата во Западна Македонија било силно подложено на албанска пропаганда.

Кога се одржувал вториот попис во 1953 година, политичката ситуација била целосно променета. По резолуцијата на Информбирото односите со Албанија се влошиле, додека Турција станала сојузник. Таквата ситуација наишла на одраз меѓу оној дел од турското население кое претходно се декларирало за албанско сега повторно се слеало во рамките на турското малцинство. Но во овој период станал актуелен процесот на иселување во Турција, што дополнително влијаело голем број од Албанците и исламизираните Македонци да се идентификуваат со турското малцинство. Па така на овој попис турското малцинство рапидно се покачило на 203.938,

164 Konačni rezultati popisa stanovništva..., 14

односно од 8,32% според претходниот попис на 15,63%.[165] Приближна бројка на турското малцинство можеме да ја добиеме само ако се земе предвид мајчиниот јазик. Па така во 1953 година со турски мајчин јазик биле регистрирани 144.000 лица.[166] Меѓутоа и оваа бројка треба да се прифати со резерва, затоа што дел од исламизираните Македонци и дел од албанското малцинство поради ред верски, политички и економски причини во минатото го совладале турскиот јазик.

Кај голем дел од муслиманската популација во овој период, верата и желбата за иселување во Турција била посилна од националната самоидентификација. Па поради тоа во почетокот на педесеттите години била зачестена појавата за промена на националноста. Во почетокот промената на националноста ја вршеле судовите па поради преоптеретеност оваа надлежност била префрлена на Секретаријатите на внатрешни работи по околиите.[167]

Карактеристичен бил примерот со исламизираните Македонци, имено на пописот од 1948 години во најголем број се декларирале како Македонци, меѓутоа според пописот од 1953 година тоа не било случај. Сакајќи да се приклучат кон процесот на иселувања во Турција, исламизираните Македонци масовно се декларирале за Турци и тоа најповеќе во руралните средини. Во цели реони каде што претходно биле попишани изламизираните Македонци, на пописот од 1953 година се декларирале како Турци.

Такви примери имало во скопско, областа "Торбешија", која се наоѓала во сливот на Маркова река, речиси целото муслиманско македонско население се декларирало како турско.[168] Исто така и во крајните западни краишта каде живееле исламизираните Македонци, Долна Река, Жупа,

---

165 Naselenje po narodnost i iseelbi..., 6

166 Lazar Sokolov, Цит. дело, 83

167 Промената на националноста во матичните книги се изведувала со изјава на двајца сведоци. (Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 227)

168 Таму имало шест села со околу 4.500 жители (Истото, 236)

Дримкол добар дел се декларирале како Турци.[169] Во тетовските Урвич и Јеловјане, кичевските села Пласница и Преглово и прилепските села Лажани, Дебреште и Пешталево, каде живееле исламизираните Македонци бил забележан истиот процес на флуктуирање на исламскиот македонски во турски етнос.[170] Најинтересен пример за истражување било големото "помачко" село во велешкиот регион Горно Врановци. Според пописот од 1948 година во ова село живееле 3.247 Македонци (со исламска вероисповед) и само 102 Турци.[171] Меѓутоа по само пет години целосно се променила етничка структура во корист на турскиот етнос. Имено, според пописот од 1953 година, во селото, 3.780 се декларирале како Турци а само 47 како Македонци.[172]

Исто така и во градските средини, иако во помала мера, биле забележани случаи на прелевање на исламизираните Македонци во турскиот етнос. Тоа било најизразено во Кичево. Во овој град во 1948 година биле регистрирани 4.500 Македонци и 1.693 Турци, а според пописот од 1953 година, бројот на Македонците опаднал на 3.747, а бројот на турското малцинство се зголемил на 4.749 лица.[173] Тоа говори дека поголемиот дел од исламизираните Македонци во 1953 година се декларирале како Турци.

Процесот на иселувањето на Турците влијаел и врз голем дел од албанското население во Македонија да се декларира како турско.

Вкава тенденција се јавила во липковскиот регион каде живеела голема албанска популација, меѓутоа според пописот од 1953 година повеќе

---

[169] Истото, 233

[170] Истото.

[171] Konačni rezultati popisa stanovništva..., 408

[172] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...285

[173] Населението во градовите на СР. Македонија 1948-1981 година, Скопје, 1986, 20-21

од половината се декларирале како Турци.[174] Слична била ситуацијата и во прилепските, битолските, скопските, велешките и крушевските села каде живееле етнички Албанци, голем дел од нив се декларирале како Турци на пописот од 1953 година.[175] Како карактеристични градови за менување на етничката слика биле Тетово и Гостивар. Во градот Тетово во 1948 година живееле 5.992 Македонци, 9.975 Албанци и 302 Турци.[176] Меѓутоа за само пет години бројот на Турците се зголемил на 4.470, а бројот на Албанците опаднал на 7.155.[177] Слична била ситуацијата и во Гостивар каде во 1948 година биле регистрирани само 53 Турци наспроти 5333 Албанци, а веќе во 1953 година бројот на Албанците се намалил на 4.313 а бројот на Турците се зголемил на 1.924.[178] Во Охрид, бројот на Турците во 1948 година изнесувал 2.758, а во 1953 година се зголемил на 3.667, а додека бројот на Албанците од 1.011 се намалил на 765.[179] Во Битола, пак, во 1948 година биле регистрирани 1.327 Албанци и 3.543 Турци, меѓутоа во 1953 година бројот на Турците се зголемил на 6.476, а бројот на Албанците се намалил на 651.[180] Во овој град еден дел од ромското население и другите муслимани се декларирале за Турци.[181] Тоа говори дека еден дел од Турците кои претходно се декларирале за Албанци, на пописот од 1953 се декларирале како Турци, но и еден добар дел од албанското малцинство на вториот попис се декларирало како турско.

Може да се заклучи дека желбата за иселување на муслиманското население во Турција, неприродно го зголемила бројот на турското

[174] Од 19.178 жители во 1953 година, 12.743 се декларирале за Турци, а 4.111 за Албанци. (Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...276)

[175] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 296

[176] Konačni rezultati popisa stanovništva,…450

[177] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...276

[178] Истото, 78

[179] Naselenie po narodnost i naselbi..., 40

[180] Истото, 7

[181] Б. Илиевски, Етничките и демографските промени..., 287

малцинство на територијата на НР Македонија за цели седум проценти за само пет години.

Меѓутоа тоа прелевање на муслиманското население од еден во друг етнос се намалило во почетокот на шеесеттите години, односно со намалувањето на процесот на иселувања во Турција. Веќе на пописот од 1961 година се добива пореална етнографска слика за населението во НР Македонија. Според овој попис турското малцинство броело 131.481 лице или 9,4% од вкупното население.[182] Ова намалување било резултат на големата маса Турци коишто се иселиле од НР Македонија во педесеттите години, како и од фактот што драстично се намалило прелевањето од еден во друг етнос, пред се прелевањето на албанскиот во турски етнос.

Процесот на иселувања на Турците не запрел во педесеттите години туку продолжил, иако значајно намален, и во следните децении. Тоа придонело да не се стабилизира бројот на турскиот етнос во НРМ, туку тој да биде во постојано опаѓање се до почетокот на деведесеттите години.

## 3.3. Развиток на културата и просветата кај турското малцинство во НРМ

Слично како и кај албанското малцинство, и кај турското неписменоста била на високо ниво, особено кај женската популација поради верски и културни причини. Непосредно по ослободувањето неписменоста кај лицата постари од 14 години, од турското национално малцинство, изнесувала високи 65 %.[183]

Проблемите кои се јавувале во образовниот систем кај албанското малцинство, биле речиси идентични и кај турското малцинство. Тоа биле

[182] Naselenie po narodnost i naselbi..., 6
[183]ДАРМ. 01. 0427. 0128. 0027/218

немањето на материјални и просторни услови, како и немањето на квалификуван кадар кој требал да ја води наставата на турски јазик. Всушност, учителскиот кадар претставувал најголем проблем, а се решавал преку организирање на учителски курсеви. Такви курсеви со кои се обучувале учители за турски наставен јазик биле отворени уште во текот на учебната 1944/45 година. Во текот на 1950/51 година при учителската школа во Скопје, биле отворени посебни одделенија на турски наставен јазик, меѓутоа поради слабиот одзив, веќе во 1953/54 година била укината. Од 1944/45 година до 1958 година со учителско образование се стекнале вкупно 246 лица.[184] Недостигот на наставен кадар можело да се согледа и од фактот дека на секој еден турски учител паѓале по 45 ученици. Меѓутоа слично како и кај учителите Албанци, и учителите Турци не ги поседувале стручните квалитети на потребното ниво, а сепак религиозноста кај повеќето учители била присутна. Дополнителен проблем претставувал процесот на иселување на турското малцинство, кој започнал во педесеттите години, и кој во голема мера влијаел врз намалувањето на и онака малиот број на учителски кадар. Тоа секако негативно се одразило и врз квалитетот на наставниот процес.

Во периодот од 1944/45 па се до 1953/54 учебна година, школството кај турското малцинство рапидно се развивало. По 1953 година кога започнало масовното иселување на Турците, бројот на учениците а со тоа и на учителите и училиштата константно опаѓал. Тука треба да се напомене фактот дека еден дел од исламизираните Македонци, како и помал дел од албанското малцинство, поради желбата за иселување во Турција ги праќале своите деца во турските училишта, за подобро да би го совладале јазикот. Па токму поради тоа може да се објасни фактот што иселувањето на турското малцинство не било сразмерно со намалувањето на бројот на учениците. Имено, бројот на Турците до 1957 година се намалил за 86.307, додека бројот

[184] ДАРМ, исто, 0128. 0021/141

на учениците за околу 3.000. Намалувањето на бројот на учениците и училиштата било различно по околии. Така во штипската околија намалувањето на учениците и училиштата било адекватно со намалувањето на бројноста на турското население во оваа околија, за разлика од тетовската и охридската околија каде тоа не било случај.[185]

**Движењето на четиригодишните училишта кај турското малцинство[186]**

| Година | Број на училишта | Број на ученици | Број на учители |
|---|---|---|---|
| 1944/45 | 37 | 3.334 | 55 |
| 1947/48 | 71 | 10.203 | 165 |
| 1950/51 | 104 | 12.493 | 237 |
| 1951/52 | 144 | 13.237 | 293 |
| 1953/54 | - | 14.155 | 326 |
| 1954/55 | - | 13.857 | 270 |
| 1955/56 | 84 | 12.895 | 245 |
| 1956/57 | 71 | 10.949 | 214 |

Слично како и четиригодишните и осумгодишните училишта бележеле постојан пад. Така во 1951/52 година имало вкупно 14 училишта каде се изведувала наставата на турски јазик со 1.188 ученици и 54 учители, во учебната 1957/58 бројот на училиштата опаднал на само два.

Процесот на иселување на Турците отворил нови проблеми во оние места каде што останале мал број на турски фамилии. Биле регистрирани

[185] ДАРМ, исто, 0084. 0088/464-465
[186] ДАРМ, исто, 0084. 0086/464

повеќе села каде останале по десетина фамилии, па претствувал проблем организирањето на наставата дотолку повеќе што се иселил и голем број од учителскиот кадар. Новосоздадените услови ги принудило властите да се создадат училишта врз територијален принцип, што би значело формирање на мешани училишта, односно, приклучување на овие ученици кон училиштата со македонски наставен јазик. До 1958 година постоеле 12 мешани училишта.

Проблем претставувал и малиот број на ученици во повисоките одделенија (постоеле само 73 паралелки во VIII одделение во целата Република), па така било многу тешко да се организира наставата на турски јазик.

Припадниците на турското национално малцинство покажале многу слаб интерес за продолжување на школувањето во средните училишта. Уште послаб бил интересот за студирање на факултетите или вишите школи. Во периодот од 1951 до 1958 година, на поедини факултети и виши школи дипломирале само 18 студенти. Во учебната 1957/58 година на Скопскиот универзитет се запишале 36 студенти од редовите на турското малцинство.[187] Додека пак во учебната 1960/61 година нивниот број пораснал на 70 студенти.

Стипендирањето на учениците и студентите од сите националности, не ги одминало ниту припадниците на турското малцинство. Иако нивниот број бил релативно мал[188], сепак бил адекватен на бројот запишани средношколци и студенти. Преку стипендирањето македонските власти сакале дополнително да го подржат и развиваат образовниот систем како кај другите националности така и кај турското малцинство.

За ликвидирањето на неписменоста кај возрасните лица биле отворени двегодишни вечерни училишта. До 1958 година биле описменети 33.885

[187] ДАРМ, исто, 0128. 0021/141

[188] Податоците за тетовската и охридската околија говореле дека имало 10 односно 5 стипендисти Турци, кон крајот на педесеттите години. (ДАРМ, исто, 0128. 0027/204)

Турци, а неписмени останале околу 77.000 или 52% од вкупното турско население во НРМ, што значи дека за 14 години, неписменоста била симната за 13%. Најголем број на неписмени кај турското малцинство биле припаднички на женскиот пол, односно повеќе од 70% од неписмените биле жени. Борбата против неписменоста, во првите две децении од ослободувањето, одела многу тешко како поради многубројните проблеми што се појавувале од материјален, финансиски, просторен карактер и немањето стручен кадар, така и поради ред верски и културни причини од кои многу тешко се ослободувале припадниците на муслиманските малцинства.[189]

Веднаш по ослободувањето биле направени првите скромни чекори во издавачката дејност на турското малцинство. Бројот на издадени публикации во првите години бил реалитвно мал, но тоа се објаснува со фактот дека имало недостаток од стручни кадри. Друг проблем претставувал недоволното познавање на турскиот литературен јазик.

До 1958 година во НРМ за потребите на турското малцинство биле издадени вкупно 59 учебници во тираж од 280.030 примероци. Од издадените учебници, 12 биле оргинални, а 47 преводи. Со овие учебници биле задоволени главно потребите на четиригодишните училишта. Додека пак во повисоките класови (VII и VIII) од осумгодишните училишта, немало никакви учебници, поради малиот број на ученици.[190]

Во периодот од 1944 до 1958 година биле издадени вкупно 41 публикација на турски јазик со вкупен тираж од 90.000 примероци. Од вкупниот број објавени публикации на турски јазик 22 биле оргинални, 8 биле преводи од југословенски писатели, 7 биле преводи од светски писатели и 4

[189] ДАРМ, исто, 0128. 0027/218

[190] Во 1958 година во VII клас имало 129 ученици, а во VIII само 73 ученици. (ДАРМ, исто, 0128. 0021/141)

публикации со политичка содржина. Главно овие публикации биле наменети за помладата читачка публика а помал дел за возрасните.[191]

Непостоела рамномерност во издавањето на публикациите. Најмногу биле издадени во 1955 година и тоа 8 публикации на број, а се случувало во некои години да бидат издадени само две публикации (1956г.).

Печатот на турски јазик започнал да се развива паралелно со печатот на албански јазик. На 23 декември 1945 година излегол првиот број на весникот на турски јазик "Бирлик" ("Единство"). Весникот излегувал петнасетдневно во тираж од околу 2.000-2.200 примероци[192] и обработувал теми од политички, општествени, економски и културно-просветен карактер. Најголем проблем на овој весник недостатокот од стручен новинарски кадар.[193]

На турски јазик излегувале и две месечни списанија за деца и тоа "Севинч" ("Радост") и "Томурѓук" ("Другарче"). Списанието "Севинч" започнало да излегува од 1950 година а "Томурѓук" од 1957 година. Годишно излегувале по 10 броја. Нивниот тираж изнесувал од 5-8.000 примероци.[194]

Радио-Скопје, исто како и на албанското малцинство, излегло во пресрет на потребите на турското малцинство за емитување на емисии на турски јазик. Секојдневно биле емитувани "Вести" во траење од 10 минути. покрај информативната емисија биле емитувани и емисии за жени и деца и емисија исполнета со турска народна музика. Овие емисии биле емитувани еднаш неделно.[195]

---

[191] ДАРМ, истото.

[192] Иако голем дел од читачката публика започнала да се иселува во педесеттите години, сепак тиражот на весникот бил стабилизиран. Тоа се објаснувало со фактот дека постоел зголемен интерес за усвојување на турскиот јазик од страна на оние лица кај кои постоела тенденција да се декларираат како Турци, заради полесно иселување во Турција. (ДАРМ, исто, 0084. 0086/460)

[193] ДАРМ, исто, 0128. 0021/142

[194] ДАРМ, истото

[195] ДАРМ, исто, 0128. 0021/143

За понатамошно развивање на културно-просветниот живот на турското малцинство биле формирани културно-уметнички друштва, библиотеки, турска група при малцинскиот театар, селски секции и сл. До 1953 година постоеле 12 културно-уметнички друштва со околу 1.200 членови. Меѓутоа по 1953 година кога започнало масовното иселување на Турците, се почувствувало постепено опаѓање на развојот на целокупниот културно-просветен живот на турското малцинство во НР Македонија. Тоа се одразило и на работата на културно-уметничките друштва. Имено, кон крајот на педесеттите години бројот на културно-уметничките друштва опаднал на само две, и тоа: "Јенијол" во Скопје и "Карадашлак" во Охрид. Нивната активност, во овој период, била минимална, како поради фактот што иселувањето било сеуште актуелно, така и поради немањето на добар стручен кадар и материјални средства.[196]

Може да се заклучи дека културно-просветниот живот на турското национално малцинство во НРМ се развивало во две етапи. Првата етапа била од ослободувањето па до 1953 година, кога се бележел еден нормален развој на културно-просветниот, образовниот и забавниот живот на турското малцинство. По 1953 година па до почетокот на шеесеттите години, поради масовното иселување, опаѓал интересот за развивање на дејностите во овие полиња. Но и покрај големите демографски промени со кои биле зафатени Турците во НРМ, сепак властите и натаму го подржувале и барале начини за подобрување на образованието, културата и просветата кај турското малцинство, што резултирало со стабилизација на тој план во почетокот на шеесеттите години.

[196] ДАРМ, исто, 0084. 0086/460; ДАРМ, исто, 0128. 0021/143

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

## 4. ДРУГИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО НРМ

### 4.1. Бројната застапеност на другите малцинства во НРМ

Покрај Албанците и Турците, кои биле најбројно малцинство во периодот што го обработуваме, во НР Македонија во значително помал број биле застапни и други малцинства и тоа Срби, Власи, Муслимани (Бошњаци) и Цигани (Роми).

Србите во Македонија започнале да се населуваат по создавањето на Кралството СХС како селски колонисти и како дел од административно-образовниот и воено-полицискиот апарат. Нивниот број бил постојано во пораст и до 1941 година биле колонизирани 96.347 лица.[197] Меѓутоа за време на Втората светска војна, кога значителен дел од Вардарска Македонија бил окупиран од Бугарија, поголемиот дел ја напуштиле Македонија или пак биле насилно иселени.

Еден дел од српското малцинство во Македонија се смета за автохтоно население. Тоа се оние Срби кои живееле во северните делови на републиката, односно во областите на Кумановско[198], Скопска Црна Гора[199] и делумно Тетовско.[200] Додека пак потомци на некогашните колонисти, сеуште егзистирале во Скопје, Куманово, Гевгелија, Неготино и Кавадарци, меѓутоа во значајно помал број отколку во периодот пред војната.

---

[197] Стојан Киселиновски, Етничките промени..., 55

[198] Во кумановската област српската популација била застапена во селата Никуљане, Матејче, Старо Нагоричане, Четирце, Умин Дол и Табановце

[199] Во селата Кучевиште, Мирковци и Свети Никита

[200] Во селото Вратница

По ослободувањето, српскиот етнички елемент на територијата на НР Македонија, повторно бележел раст. Тоа се должело најмногу на доаѓањето на воено-полициски инструктори и офицери[201] кои во повоените години се населувале со своите семејства во Македонија. Па така според пописите од 1948, 1953 и 1961 година, српското национално малцинство било четврто по бројност на територијата на НР Македонија.

**Српското национално малцинство во НР Македонија[202]**

| Година | Бројност | Процент |
|---|---|---|
| 1948 | 29.721 | 2,6 |
| 1953 | 35.112 | 2,7 |
| 1961 | 42.728 | 3,1 |

Безмалку 80% српската популација живеела во северните делови на НР Македонија, односно во скопско, кумановско и тетовско. Особено, по 1945 година, српскиот етнички елемент започнал да се зацврстува во главниот град Скопје. Според пописот од 1948 година, Србите претставувале 6,7% од вкупното градско население и биле трети по бројност во градот.

Влашкото малцинство на територијата на НР Македонија во најголема мера се доселило кон крајот на XVIII век, по палењето на Москополе. Власите или Куцовласите се словенски имиња на населението кое самото се нарекува Ар'мани.

Тие се распространети речиси низ целата територија на НР Македонија, но најмногу се концентрирани во Штип, Крушево, Битола и Струга. Токму поради тоа што не живеат компактно на еден географски простор, меѓу Власите се создале услови на нивна природна асимилација.

[201] Настаните на скопското кале од 7 јануари 1945 година, документи, Скопје, 1997, 34.
[202] Konačni rezultati popisa…, 14; Naselenie po narodnost…, 6

Имено мешаните бракови помеѓу Власите и Македонците, секогаш оделе во корист на македонскиот етнички елемент така што македонскиот јазик со тек на време се наметнувал како примарен јазик. Влашкото национално малцинство многу лесно се прилагодувало и се претопувало во македонско.[203] Имено, во 1953 година биле евидентирани околу 12.000 лица што изјавиле дека влашкиот јазик им е мајчин, додека нецели 9.000 се декларирале како Власи.[204]

Токму тоа било едно од главните причини за нивното бројно намалување во периодот од 1948-1961 година.

**Влашкото национално малцинство во НР Македонија[205]**

| Година | Бројност | Процент |
|---|---|---|
| 1948 | 9.511 | 0,8 |
| 1953 | 8.668 | 0,7 |
| 1961 | 8.047 | 0,6 |

Бошњачко (муслиманско) малцинство од српскохрватско говорно подрачје започнало да се населува на териотријата на Македонија уште во првата половина на XIX век, помасовно доселување имало по 1878 и 1908 година. По Втората светска војна, биле забележани зачестени доселувања на муслимански маси од Санџак и Босна и Херцеговина кои се населувале во селата кои биле напуштани од Турците. Во периодот од 1954 до 1957 година имало најмногу заблежани случаи на доселувања на Муслимани. Просечно во

[203] С. Киселиновски, Етничките промени..., 104
[204] Lazar Sokolov, Цит.дело, 84
[205] Konačni rezultati popisa…, 14; Naselenie po narodnost…, 6

Македонија мигрирале по 200 домаќинства.[206] Овие Муслимани во најголема мера се населиле во скопските, прилепските и велешките села како и во самиот град Скопје.[207] Еден дел и од исламизираните Македонци се декларирале како "неопределни Муслимани".

**Бошњачко (муслиманско) малцинство во НР Македонија[208]**

| Година | Бројност | Процент |
|---|---|---|
| 1948 | 1.560 | 0,1 |
| 1953 | 1.591 | 0,1 |
| 1961 | 3.002 | 0,2 |

Ромската етничка група била познати под имињата Цигани, Ѓупци и Еѓупци. На првите пописи во НР Македонија оваа популација била регистрирана под името "Цигани". Тие главно припаѓале на две религии: христијанството и исламот. Најголемиот дел од нив биле турски Цигани, односно муслимани, а помал дел христијани, познати под името "Масарманги".

Големата сиромаштија, бедотија и нискиот културно-просветен развој била главна карактеристика на оваа популација во сите општини каде живеела.

Во 1949 година било формирано Културно уметничко друштво "Пралипе", кое ги промовирало ромските народни песни и игри. Седиштето

[206] Јован Трифуновски, "Бошњаци" у Македонији (прилог проучавања послератних миграција становништва у ФНРЈ), Geografski pregled, V, Sarajevo 1961, 98

[207] Истото, 95

[208] Konačni rezultati popisa…, 14; Naselenie po narodnost…, 6

било во Скопје, во населбата стара Топаана, каде имало голема концентрација на Роми.

Ромската популација најмногу била застапена во градовите Скопје, Тетово, Прилеп, Куманово, Битола, Гостивар, Кичево, Дебар и други места.[209]

**Ромската (Циганската) етничка група во НР Македонија[210]**

| Година | Бројност | Процент |
|---|---|---|
| 1948 | 19.500 | 1,7 |
| 1953 | 20.462 | 1,7 |
| 1961 | 20.606 | 1,5 |

## 4.2. Решавање на проблемот со бившите српски колонисти

По создавањето на Кралството СХС (1918) во рамките на тогашната Големосрпска политика, на територијата на Вардарска Македонија биле населувани Срби, со цел разбивање на македонската етничка компактност и ширење на големосрпството.[211] На српските колонисти им била доделувана најквалитетната земја за обработување. Нивниот број бил постојано во пораст и до 1941 година изнесувал 3.670 семејства или 18.384 лица.[212] Меѓутоа во 1941 година, бугарскиот окупатор започнал иселувања на српските колонисти, така што нивниот број бил значително намален.

[209] С. Киселиновски, Етничките промени..., 105

[210] Konačni rezultati popisa…, 14; Naselenie po narodnost…, 6

[211] Најголемиот број од нив биле т.н. Солунци (учесници на солунскиот фронт) и други лица заслужни за српството.

[212] Стојан Киселиновски, Етничките промени..., 50

Со ослободувањето на земјата, проблемот со српските колонисти повторно станал актуелен. Колонистите, подржани од големосрпските политичари, барале враќање во Македонија на местата кои им биле доделени од кралскиот режим. Тоа предизвикало големо стравување кај македонските власти, а особено кај македонските селани кои би биле директно загрозени од евентуалното враќање на овие колонисти. Стравот бил дотолку поголем што колонистите биле носители на големосрпски идеи, а тоа предизвикувало национална омраза и нетрпеливост помеѓу Македонците и колонистите Срби.

Македонските власти неможеле да ги прифатат барањата на колонистите и на некои политичари, за нивното враќање, од повеќе причини. Имено, властите биле притиснати од домашните малуимотни и безимотни селани кои барале парче земја а земјата што ја добивале колонистите до 1941 година била одземана од македонските селани, па така ако им било дозволено враќање на колонистите тоа би предизвикало огромен револт кај македонското селанство, што значело дека не биле средени имотно-правните односи. Покрај оваа главна причини, не треба да се занемари и фактот дека колонистите биле носители на големосрпскиот режим во Македонија а тоа директно би влијаело на нарушување на прокламираното "братство и единство", на ова треба да се додаде и појавата на повеќе случаи на колонисти кои сакале да ги одбегнат санкциите за своето непријателско држење против НОД, па барале начини да се сокријат во Македонија.[213]

Президиумот на АСНОМ сериозно пристапил кон разрешување на проблемот со бившите колонисти, па така на својата трета седница од 2-5 септември 1944 година, донесол "Решение за запазување статус-кво над населеничките имоти"[214] се додека конечно не се решело ова прашање. На 21

[213] Виолета Ачкоска, АСНОМ и проблемот на бившите колонисти во Федерална Македонија, Зб. "АСНОМ – Педесет години македонска држава 1944 – 1994", МАНУ, Скопје 1995, 224.
[214] Зборник на документи АСНОМ 1944-1964, ИНИ, Скопје, 1964, док. бр.84, 367.

ноември 1944 година, Президиумот донел Решение со кое било дозволено враќање на Македонците кои биле протерани од српскиот и од бугарскиот окупаторски ситем, додека за протераните српски колонисти по 1941 година, истото Решение предвидувало привремена забрана за влез во Македонија.[215] Решението со кое се запазувало статус-кво над населеничките имоти на 3 декември 1944 година било дополнето со "Решение за непризнавање на никакви склучени продажби на недвижни имоти од 1941 па наваму"[216] со што требало да се спречат постојните шпекулации и неправилности на повеќето купопродажни договори за време на окупацијата, но и заради поедноставно средување на имотно-правните односи.

Прашањето за враќањето на колонистите било премногу чувствително прашање кое предизвикувало бурни дискусии во државно-партиските органи. Меѓутоа и покрај сé, биле забележани поедини случаи на враќања на колонисти, што дополнително ја подгревало ситуацијата и стравот на македонските селани од повторно "инвазија на српството". Поради тоа Националниот комитет за ослободување на Југославија (НКОЈ) на 6 март 1945 година донел Одлука за привремена забрана на колонистите да се вратат во нивните претходни места на живеење.[217]

Речиси ситс члснови на првиот Президиум на АСНОМ зазеле одлучен став против враќањето на колонистите, а особено упорни во таа идеја биле Методија Андонов-Ченто, Емануел Чучков и Панко Брашнаров. На седницата на НКОЈ од 17 ноември 1944 година, Емануил Чучков остро реагирал на издавањето пропусници за Македонија на лицата кои на незаконит начин добиле земја за време на бивша Југославија. Исто така и на седницата на Законодавниот одбор на Претседателството на АВНОЈ од 31 јули 1945 година, Чучков, зазел одлучен став против враќањето на

[215] Истото, док.бр.136, 485
[216] Истото, док. бр.148, 506
[217] В. Ачкоска, Братството и единството..., 202

колонистите, сметајќи дека тие биле со големосрпски идеи и ја загрозувале македонската нација. Неговите ставови не биле прифатливи за некои политичари како Сретен Вукосављевиќ и Марко Вујачиќ.

Жолчните дискусии продолжиле, но поради потребата од итно решавање на овој проблем на 3 август 1945 година бил донесен Законот за ревизија, на што јавно негодувал Министерот за колонизација при Владата на ДФЈ, Сретен Вукосављевиќ. Законот налагал одземање на порано доделените земји.[218]

За спроведување на овој закон биле формирани специјални тела т.н. Мешовити комисии, кои биле формирани со решение на сојузното Министерство за колонизација од 2 декември 1945 година и според одлуката на Аграрниот совет од 7 декември 1945 година. Мешовитата комисија била составена од делегати на Комисијата за аграрна реформа и колонизација при Владата на ФНРЈ и делегати на Министерството за земјоделие и шумарство на НРМ.[219]

Ревизијата на дозволите на доделените земји во Кралството Југославија започнала да се спроведува на 10 јануари 1946 година. Во 1946 и 1947 година година биле ревидирани 2.810 дозволи на доделена земја на бивши колонисти. Биле регистрирани и 4.082 месни корисници, од кои, 3.368 го задржале правото на порано доделената земја, а 714 го загубиле тоа право. Земјата на оние колонисти кои не биле пронајдени не го загубиле правото на неа, не била прераспределена до крајот на 1946 година туку се издавала под наем или пак останувала необработена.[220]

Поради фактот што останале голем број на неревидирани случаи на колонистички поседи, особено на месни корисници на бившата аграрна

---

[218] Истото, 204

[219] В. Ачкоска, АСНОМ и проблемот..., Зб. "АСНОМ – Педесет години македонска држава 1944 – 1994", 229-230. Се претпоставувало дека мешаниот национален состав би бил гарант против натамошното разгорување на меѓунационалната нетрпеливост.

[220] В. Ачкоска, Братството и единството..., 205-206

реформа, Министерството за земјоделство и шумарство на НРМ ги задолжила околиските народни одбори за довршување на ревизијата.

Членовите на Президиумот на АСНОМ како и македонските претставници во мешовитата комисија се залагале за тоа македонските селани да бидат максимално задоволени, затоа што претходно биле жртви на разните колонизаторски политики на окупаторските системи. Поради таквиот нивни став биле критикувани и обвинувани дека ги застапувале само локалните интереси, но тие тргнувале пред се од националните интереси но и од спецификите на земјишно-сопственичките односи во Македонија.[221]

Меѓутоа, извршената ревизија на дозволите за доделување земја на бившите колонисти во НРМ имала свои недостатоци. Имено, оние семејства кои го добиле правото да ги задржат порано добиените имоти, поседувале земја и над 10 ха, што значело дека 811 колонистички семејства располагале со 8.537 ха обработлива земја. За разлика од нив, сиромашните македонски семејства според Законот за аграрна реформа и колонизација, добивале од 2-7 ха земја. Тоа предизвикувало дополнително незадоволство и револт кај македонското селанство и борците затоа што се работело за најплодното земјиште. Други потешкотии се јавувале кога колонистот ја продал земјата или пак неможел да биде пронајден, па така властите постојано го продолжувале рокот за враќање на оние колонисти кои не го загубиле правото на земја во НРМ.[222]

Ревизијата на дозволите за доделувањето на земја на бившите колонисти завршила кон крајот на 1947 година, иако било предвидено да трае до 1948 година. Меѓутоа иако завршила во 1947 години, повеќе судски спорови за нерасчистените аграрно-сопственички односи се провлекувале и во текот на педесеттите години.

---

[221] В. Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи...,117-162

[222] В. Ачкоска, АСНОМ и проблемот..., Зб. "АСНОМ – Педесет години македонска држава 1944 – 1994", 231-232

Иако со Ревизијата не било можно да се инсправат големите неправди вршени врз македонскиот селанец во минатото, сепак се успеало за прв пат Македонецот да почувствува социјална и национална заштита во првата македонска национална држава.

# ПЕТТА ГЛАВА

## 5. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ СТАТУС НА МАЛЦИНСТВАТА

При формирањето на новата држава, македонските власти зазеле став дека малцинствата кои што живееле на тлото на Македонија, требало да земат активно учество во создавњето на истата. Потенцијалната гетоизација и пасивизирање на одредени малцинства од муслиманска вероисповед, постоела и претставувала реална кочница за напредокот на македонската република. Тука спаѓале пред се најбројните малцинства, Албанците и Турците, кои поради низа културни, верски и политички причини потешко ја прифаќале новата власт. Особено голема закана за младата македонска република претставувал јавно манифестираниот сепаратизам на дел од албанските националисти во западниот дел од Републиката. Македонските власти сметале дека само со масовно вклучување на овие малцинства во сите органи на власта и партиско-политичките организации, тие би ја прифатиле новата македонска власт и новиот социјалистички систем.

Особено било важно вклучувањето на малцинствата во КПМ/СКМ, за да би се реализирала посакуваната диференцијација помеѓу самите Албанци и Турци на "класна основа". Во првите години по ослободувањето, многу мал бил интересот на овие малцинства за пристапување кон Партијата. Така во градот Тетово во 1945 година имало само 12 членови, во Гостивар 46 а во Дебар 71 член на КПМ, и тоа најголемиот дел примени токму во таа година.[223]

---

[223] Колку бил мал бројот на Албанците членови на КПМ во текот на Народноослободителната борба го кажува и следниот податок дека во 1944 година во градот

**Членството на КПМ/СКМ според националниот состав (1948-1958)[224]**

| Година | Вкупно чл. на СКМ | Бројност на Македонци | % | Бројност на Албанци | % | Бројност на Турци | % | Останати | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 27.029 | 23.267 | 86,09 | 1.519 | 5,62 | 932 | 3,45 | 1.311 | 4,84 |
| 1949 | 30.984 | 26.597 | 85,94 | 1.777 | 5,73 | 1.248 | 4,03 | 1.362 | 4,40 |
| 1950 | 37.068 | 31.584 | 85,21 | 2.227 | 6,01 | 1.547 | 4,17 | 1.710 | 4,61 |
| 1951 | 46.736 | 39.010 | 83,47 | 3.359 | 7,19 | 2.175 | 4,65 | 2.192 | 4,69 |
| 1952 | 49.595 | 41.058 | 82,79 | 3.853 | 7,77 | 2.268 | 4,57 | 2.416 | 4,87 |
| 1953 | 45.166 | 37.368 | 82,73 | 3.146 | 6,97 | 2.476 | 5,48 | 2.176 | 4,82 |
| 1954 | 41.279 | 34.896 | 84,55 | 2.367 | 5,74 | 1.799 | 4,37 | 2.217 | 5,34 |
| 1955 | 39.527 | 33.554 | 84,89 | 2.229 | 5,64 | 1.233 | 3,12 | 2.511 | 6,35 |
| 1956 | 41.427 | 35.514 | 85,73 | 2.289 | 5,52 | 1.078 | 2,60 | 2.546 | 6,15 |
| 1957 | 47.587 | 40.633 | 85,39 | 2.783 | 5,85 | 1.169 | 2,46 | 3.002 | 6,30 |
| 1958 | 52.077 | 44.192 | 84,86 | 3.246 | 6,23 | 1.112 | 2,14 | 3.527 | 6,77 |

Меѓутоа во наредните години бројот постепено растел. Како главна причина за малиот број на членови-Албанци, според партиските анализи била тоа "што голем дел од шиптарските маси учествувале против НОП, заведени со илузии за големоалбанија, за своја држава. Према тоа, после ослободувањето тешко било да се дојде до преглед и диференцијација меѓуоние што биле пасивни и заведени како и активните злочинци... За малобројноста покрај наведената причина е и недоволното систематско

Тетово имало само 1 член, Куманово - 2, Кичево и Гостивар по 6 и Дебар 16. (ДАРМ. 01. 0427. 0027. 0056/296)

[224] С. Милосавлевски и М. Томовски, Албанците во Република Македонија..., 63

работење за создавање парт(иска) организација."[225] Кај албанското малцинство од Западна Македонија сеуште биле свежи сеќавањата од времето на окупацијата кога постоела т.н. "Голема Албанија", во која што голем дел ја подржувале таквата творба а еден добар дел и активно дејствувал против НОД. Покрај незаинтересираноста за приклучување кон Партијата во првите години по ослободувањето, врз малубројноста влијаел и стравот кај голем дел на партиските комитети од можното антидржавно дејствување.[226] Покрај ова во голема мера влијаело и недоволното работење на теренот помеѓу албанското малцинство.[227]

Во периодот од 1945 до 1952 година, бројот на Албанци членови на СКМ бил постојано во пораст. Во 1952 година Албанците во структурите на СКМ партиципирале со вкупно 3.853 членови или 7,77%. По оваа година започнало благо опаѓање на членството кое траело до 1956-1957 година. Исто така и кај Турците членови на СКМ дошло до опаѓање на нивниот број по 1952 година. Кај албанското членство, дошло до опаѓање поради најразлични причини[228], но свое влијание оставило и масовното раздвижување на муслиманските маси за иселување во Турција. За Турците членови тоа било главна причина за нивното намалување во посочениот период и најчесто сами ја напуштале Партијата, но имало и случаеви кога биле исклучувани поради пасивизирањето.

---

[225] ДАРМ. 01. 0427. 0027. 0056/296

[226] Така во Тетовскиот комитет постело "мнение да е шиптарскиот елемент подал, подмукол." (ДАРМ, исто, 0027. 0055/262)

[227] Имало и такви случаеви во некои места (како што било с. Лешница, Кичевско) каде што Општинските комитети не дека не сакале туку незнаеле "и не свхатиле како треба да работат со луѓе и преку цела година не примиле ниту еден нов член." На некои места пак партиските организации биле створени од некоја фамилија која што правела монопол и забранувала други да се зачленуваат. Такви примери имало во Кичевско. (ДАРМ, исто, 0027.0056/ 297)

[228] Најчесто поради религиозни појави, неактивност, неплаќање членарина, недоаѓање на состаноци и сл.

Според пописот од 1953 година, на секои 100 жители Албанци доаѓало по 1,99 члена на СКМ, а на секои 100 Турци по 0,55 члена. Најмногу членови Албанци имало во Тетовската околија, а најмногу Турци во Штипската околија.

Бројот на жените Албанки и Турчинки во редовите на Партијата бил многу мал. Така во 1951 година во Гостиварско имало само 5 жени членови, Кумановско 3, во Струга 5 а во другите околии ниту една. Жените членови на Партијата главно биле учителки. Причината за таквата појава според партиските анализи била јасна односно “поради ограничените права на жената”. Подредената положба на муслиманската жена не се променила и кај оние кои биле членови на Партијата, кои сеуште “не расчистиле дека жената треба слободно да се движи, да стопанисува и работи во оштественият живот.”[229]

Од анкетирањето на 15 општини во НРМ кои биле населени делумно со припадниците на малцинствата-Албанци и Турци, нивниот процент во Општинските комитети (ОПК) на Партијата во 1960 година бил задовололителен односно Албанците сочинувале 35,2% а Турците 4,5% од членството на ОПК. Најусогласена била структурата на население-членство во ОПК Липково, Дебар, Струга и Маврово, но само за албанското малцинство, додека за турското тој процент бил соодветен само во Струга.[230] Во овој контекст треба да се напомене и демократската свест и толеранцијата спрема малцинствата што ја поседувале поголемиот дел од кадрите на СКМ и нивните искрени напори за подобрување на положбата на малцинствата на

[229] Дури биле забележани случаи кај “комунисти (Албанци и Турци б.м.) при меѓусебно посетување да ги кријат жените.” (ДАРМ, исто, 0027. 0056/297)

[230] ДАРМ, исто, 0128. 0031/292

секое поле вклучувајќи го и политичкото, односно правичната застапеност во СКМ и другите политички организации.[231]

Развитокот на културата и просветата кај малцинствата се рефлектирало и врз подобрувањето на квалитетните кадри членови на ОПК СКМ од редовите на малцинствата Албанци и Турци. Тоа особено се почувствувало во почетокот на шеесеттите години. Имено во 1960 година со четиригодишно основно училиште биле 37,8 % а во 1962 година изнесувале 12,2%. Со средно, виша или факултет во 1960 година претставувале 42,8% од членовите Албанци, додека пак во 1962 година изнесувале 63,2%. Кај Турците членови на ОПК СКМ била уште поизразита оваа состојба имено во 1960 година со членовите четиригодишно основно училиште претставувале 22% а во 1962 година 0%, а со средно, виша или факултет во 1960 година биле 38,7% а во 1962 година 83,3%.[232]

Припадниците на малцинствата биле соодветено примани и во организацијата Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија (ССРНМ). Во Општинските одбори на ССРНМ во 1960 година, од вкупно 351 член, во 11 општини каде биле застапени малцинствата, 189 биле Македонци, 148 Албанци, 11 Турци и 3 останати, а во 1962 година од вкупно 375, Македонци билс 202, Албанци 152, Турци 14, останати 7. Тоа значело дека во Општинските одбори на ССРНМ, бројот на Албанците и Турците, во 1962 година, во 11 општини преставувал 44,4% од вкупниот број. Во однос на застапеноста најдобро стоеле општините Липково, Саракино и Дебар. Речиси

---

[231] Низ документацијата на КПМ/СКМ може да се забележи таа загриженост на кадрите за бројната застепеност на малцинствата во Партијата и притоа во ниту еден момент не се поставувале шовинистички према нив. Па така во една анализа за состојбата на националностите во структурите на СКМ се вели:" Во општинските комитети секогаш се настојувало да се запази определен однос на учеството на припадниците на народностите-националните малцинства... Според тоа потребни се свесни напори за усогласување на националната структура во 11 општини што се населени со малцинско население." (ДАРМ, истото.)

[232] ДАРМ, исто, 0128. 0031/293

и да бил незнатен бројот на жени во Општинските одбори на ССРНМ, односно од 375 членови во 1962 година, само 10 биле Албанки а Турчинки немало.[233]

Во младинската организација од вкупно 74.692 членови во 1958 година, Македонци биле 64.119, Албанци 6.243, Турци 2.303 и останати 1.027. Во раководните кадри на младинската организација како членови на општинските и околиските комитети учествувале: во општинските вкупно 1.389, од кои Албанци 135, Турци 61 и останати 51, а во околиските комитети од вкупно 253, Албанци биле 14, Турци 5 и останати 3.[234]

Учеството на националните малцинства во синдикалните организации во 1958 година, било следново: од вкупно 815 членови на општинските синдикални собранија, 748 или 91,78% биле Македонци, Албанци имало 22 или 2,70%, Турци 10 или 1,23% и останати 35 или 4,29%. Додека во околиските синдикални собранија Македонците претставуваел 150 членови или 89,82%, Албанците 2 или 1,20%, Турците 1 или 0,60% и останати 14 или 8,38%. Нискиот број на Турците во синдикалните раководства се оправдувал со фактот дека турското малцинство токму во педесеттите години било зафатено со миграционен процес, додека малото учество на Албанците во околиските синдикални собранија било оквалификувано како “приличен недостаток”, и малиот број се објаснувал со “заостанатоста” на поголем дел од Албанците.[235]

И во другите јавни позиции како што биле: народните одбори на општините, советите и органите на управата, се настојувало малцинствата да бидат пропорционално застапени.

Од 13 народни одбори на општините: Струга, Липково, Маврово, Теарце, Драчево, Гостивар, Тетово, Кичево, Ѓорче Петров, Саракино,

[233] ДАРМ, исто, 0128. 0031/ 296
[234]ДАРМ, исто, 0084. 0082/417
[235] ДАРМ, исто, 0084. 0088/ 418

Куманово, “Кале” и Жеровјане, каде живееле албанското и турското малцинство, во 1960 година од вкупно 987 одборници, 356 или 36%, биле Албанци, 49 или 4,9% Турци и 3 останати. Во 1962 година од вкупно 1.152 одборника, 396 или 34,3% биле Албанци, 96 или 8,3% биле Турци и 5 останати. Според застапеноста на малцинствата во овие општини, бројноста во народните одбори била пропорционална. Меѓутоа учеството на националните малцинства во советите на народните одбори и нивните раководства било помало. Од вкупно 125 претседатели на совети во 1960 година, во посочените општини, 103 биле Македонци, 16 Албанци и 6 Турци. Исто така и кај членовите на советите бил релативно мал бројот, во 1962 година од 1.055 членови на совети, 245 или 23,2% биле Албанци, 49 Турци и 8 останати. Слична била положбата и кај управата на народните одбори, во 1962 година од 13 секретари на народни одбори, 1 бил Албанец и 1 Турчин.

Мала била застапеноста и во својство на началници, шефови, референти, службеници и помошен персонал. Тоа било резултат на немањето доволно квалификувани кадри.[236]

Особено се посветувало внимание националните малцинства да имаат свои претставници во највисоките органи на власта. Најпропорционална застапеност очигледно е дека имало во законодавниот дом. Имено во 1963 година составот на републичкото собрание ја имало следнава национална структура: Македонци 271 или 79,70%, Албанци 44 или 12,94%, Турци 21 или 6,17% и останати 4 или 1,17%.[237]

---

[236] Како пример можеме да го земеме и следниов податок, од вкупно 26 началници со висока спрема во 1960 година 22 биле Македонци, 2 Албанци и 2 Турци, а од вкупно 49 началници со средно образование во истата година, “44 се Македонци, останатите се Шиптари и Турци” (ДАРМ, исто, 0128. 0031/299)

[237] ДАРМ, исто, 0128. 0031/301

За реализирање на таквата политика уште во Президиумот на АСНОМ биле кооптирани членови од албанското и турското малцинство како Ќемал Аголи, Абдула Алија, Камбер Хасан.

На Второто заседание на АСНОМ (декември 1944 година) за потпретседател на Президиумот бил избран Неџат Аголи. Додека пак при формирањето на Првата влада на ДФМ на 16 април 1945 година, Неџат Аголи бил избран за министер за социјални работи. Ден претходно при формирањето на Президиумот на Собранието на АСНОМ, во неговиот состав бил избран Акиф Леши. Таквата практика се задржала и во наредните години, односно и во наредните влади редовно биле примани истакнати припадници од редовите на националните малцинства на високи функции.

Високите државни и партиски кругови воопшто не се поставувале националистички и недемократси према припадниците на малцинствата, како што тоа било случај со другите балкански држави. Биле вложувани напори за нивна поголема застапеност во сите органи на власта, на локално и републичко ниво, како и во органите на тогашните партиски и масовни организации, што и резултирало со постепено подобрување на нивниот општествен статус.

Во поглед на економската политика на НРМ према припадниците на националните малцинства, не се правела разлика со македонскиот народ. Структурата во стопанството, во околиите каде што биле застапени малцинствата како Тетовската, Скопската, Охридската и Кумановската, речиси и да не се разликувало од Републиката како целина. Владите на НРМ, при спроведувањето на економската политика, не правеле разлика на етничката или верската конфигурација на населението. Исклучок претставувало спроведувањето на колективизацијата на селото и формирањето на СРЗ (1949-1953), која што била спроведувана врз етничка основа, но не на штета на малцинствата туку врз штета на македонскиот

народ. Имено, во таа насилна колективизација сите селани пружале голем отпор, но најизразит бил кај албанското малцинство, токму поради тоа да не би се нарушиле меѓуетничките односи, македонскиот селанец морал да го плати цехот на прокламираното “братство и единство”.

По ослободувањето најголемиот процент од припадниците на малцинствата живееле во селски средини и се бавеле со земјоделство. Меѓутоа тоа не било карактерстично само за малцинствата туку и за македонскиот народ, затоа што вардарскиот дел од Македонија во рамките на Кралството Југославија економски бил мошне слабо развиен. Во времето на Втората светска војна, економската положба уште повеќе била влошена, па така по ослободувањето речиси и да не постоела индустрија во Македонија. Поради таквиот факт веднаш по ослободувањето властите започнале со забрзана индустријализација на државата и обновување на инфраструктурата.

Албанското малцинство најмногу (околу 80%) живеело во селата и се бавело со земјоделство и сточарство. Таквата слика кај ова малцинство се задржала некаде до почетокот на шеесеттите години, кога поради аграрната пренаселеност започнале помасовно да се вселуваат во градовите. Веќе споменавме дека колективизацијата на селото во најголем процент не го зафатила ова малцинство, па поради тоа албанскиот етнички елемент се зацврстил во руралните средини. Земјоделието било различно развиено во зависност од природните услови. Во тетовската и гостиварската околија земјата била квалитетна, поради тоа земјоделците Албанци имале добри приходи. Во овие две околии најмногу се одгледувале градинарски култури. Слична била состојбата и во Кумановската околија каде што албанското население претежно одгледувало тутун. Во другите околии, Албанците земјоделци живееле нешто посиромашно. Земјата се обработувала на примитивен начин а агротехничките мерки и механизацијата подолго време

потешко пробивале кај албанските селани. Во планинските села главен извор на егзистенција на тамошните Албанци селани било сточарството.[238]

Голем дел и од турското мацинство живеело во селските средини. Главно занимање им било земјоделството а послабо развиено било сточарството. Во некои села основна егзистенција претставувало козарството, поради што одлуката за уништување на козите, претставувал силен економски удар врз нив.[239] Еден дел од Турците селани биле големопоседници, коишто биле силно погодени од законот за ограничување на земјишниот максимум на 10 ха, донесен во 1953 година.

Печалбарството било карактеристично и за двете малцинства, а особено за албанското. Печалбарите Албанци главно можеле да се поделат на две групи: во првата спаѓале оние посиромашни кои оделе на печалба за да ги дополнат потребите за живот и вторите кои имале за цел побрзо богатење. Посиромашните оделе главно во производни претпријатија и рудници како Маврово, Радуша, Бор, Трепча, Смедерево и др. Додека вторите биле главно "слаткари и бозаџии нарочно од Тетовско и Гостиварско". Тие најмногу оделе во Хрватска и Словенија каде што се претставувале како безимотни, поради што и нереално биле оданочувани во нивна корист.[240] Турците кои неможеле да обезбедат егзистенција само од земјоделството, оделе сезонски да работат во претпријатија каде најчесто се занимавале со дрварење, правење дрвен јаглен и сл.[241]

Процесот на индустријализација ги зафатил и подрачјата населени со припадниците на националните малцинства. Албанците послабо учествувале во работата на индустриските комплекси од причина што веќе ја спомнавме, односно поради фактот што 80% од Албанците живееле во селата. Но и

---

238 ДАРМ, исто, 0027. 0056/293

239 ДАРМ, исто, 0060. 0003/50

240 Најчесто по враќањето од печалба овие Албанци парите ги трошеле на недвижен имот и обично граделе куќи без одобрение на надлежните органи. (ДАРМ, исто, 0027. 0056/293)

241 ДАРМ, исто, 0060. 0003/48

покрај тоа, македонските власти вложиле напори Албанците помасовно да бидат вклучени во индустријата, па во Тетовската околија, каде најмногу било концентрирано албанското малцинство, од 1947-1958 година било вложено околу 41 милијарди тогашни југословенски динари, или 18,1% од вкупните инвестиции во НР Македонија. Со тие вложувања биле подигнати важни индустриски објекти од општојугословенско значење како ХЕЦ "Маврово", Волнен комбинат, "Југохром" и ф-ка за сили опеки. Во оваа околија во индустријата во 1957 година, биле вработени 2.322 работника, од нив 1.647 Македонци, 531 Албанец и 144 Турци. Во кумановската околија до 1958 година биле вложени вкупно 54,5 милијарди тогашни динари, од кои 60% отпаднале на индустијализацијата на околијата, а помалку средства биле вложени во земјоделието. Во оваа околија просечниот број на вработени растел за околу 2-3.000 луѓе. Најголема инвестиција бил Липковскиот хидросистем. Во охридската околија во општините Дебар и Осломеј, каде што најмногу имало албанско население, земјоделството била главна стопанска дејност. Во дебарската општина функционирал капацитет за печен гипс, а кон крајот на педесеттите во изградба биле ткачница за велвет и букле ќилими и предилници за домашна волна. Така што до 1961 година се претпоставувало дека индустријата од 13,6% би пораснала на 40 % од вкупниот национален доход. Во општина Осломеј имало еден рудник за експлоатација на лигнит, каде главно биле вработени Албанци-рудари.

Во градежништвото Албанците лесно наоѓале сезонско или трајно вработување. Партиските заклучоци за ваквата положба биле дека кај Албанците имало "релативна заостанатост" па се решавале да бидат општи работници и бидејќи најмногу биле селски елемент нив им одговарале тие работни места затоа што "неколку месеци во текот на годината биле дома." Слична била состојбата и во другите околии каде живееле Албанците.[242]

[242] ДАРМ, исто, 0084. 0082/405

**Бројот на вработени припадници на националните малцинства во определени стопански гранки во НРМ (1957 година)[243]**

| Стопанска гранка | Албанци | Турци |
|---|---|---|
| Индустрија | 2.814 | 1.829 |
| Земјоделство | 1.657 | 1.089 |
| Шумарство | 227 | 101 |
| Градежништво | 2.754 | 1.607 |
| Сообраќај | 354 | 286 |
| Трговија | 412 | 806 |
| Занаетчиство | 151 | 622 |

Според статистичките податоци од пописот во 1957 година како работници Албанци имало регистрирано вкупно 8.603 а како Турци 6.679 на целата територија на НР Македонија.[244] Иако се зголемувал бројот на Албанците во индустриските објекти, сепак најчесто наоѓале работа во физички потешките работни места. Тоа се должело пред се на нивната слаба стручност и ниска квалификација.

**Квалификација на работници припадници на националните малцинства (1957 година)[245]**

| | Албанци | Турци |
|---|---|---|
| Висококвалификувани | 91 | 257 |
| Квалификувани | 1.466 | 1.702 |
| Полуклвалификувани | 2.395 | 1.847 |
| Неквалификувани | 4.651 | 2.873 |

[243] ДАРМ, исто, 0084. 0082/406

[244] ДАРМ, истото.

[245] ДАРМ, истото.

Од горната табела може да се заклучи дека најмал бил процентот на висококвалификуваните работници, па поради тоа многу бил мал бројот на Албанци и Турци на високите работни места во претпријатијата.

Голем процент од турското малцинство во НР Македонија, живеело и во градовите. Градските Турци најчесто се занимавале со занаетчиство и со трговија, а помал бил бројот на работници - “пролетери”. На трговците им било оневозможено да се бават со слободна трговија, туку биле принудувани да работат како продавачи во трговската мрежа. Слично било и со занаетчиите кои на најразлични начини биле оневозможувани во својата дејност со законите за национализација на приватната сопственост. Токму овие биле првите слоеви што барале отпуст од југословенското државјанство.

Националните малцинства во НР Македонија живееле во целата република помешани со македонското население, па поради тоа проблемот на економскиот развиток на подрачјата населени со националните малцинства не претставувал проблем само за малцинствата, туку бил заеднички за целото тамошно население. Најголемиот дел од малцинствата живееле во крајните западни делови на Републиката, каде постоела голема економска и културна заостанатост. Поради тоа во тетовската околија биле преземени капитални мерки за брз економски развиток на тоа подрачје и промена на социјалната структура. Но не само во тоа подрачје туку и на другите реони каде биле застапени припадниците на малцинствата биле вложувани напори за подобрување на економксиот живот преку конкретни проекти. Официјалните власти сметале дека со поголемиот економски развиток на подрачјата населени со националните малцинства би се постигнал поголем културно-просветен развој и побрзо “совладување на примитивизмот и конзерватизмот” пред се кај албанското малцинство.

# ЗАКЛУЧОК

Човековите права, а со тоа и правата на малцинствата, биле едни од главните вредности кои ги уважувала Организацијата на обединетите нации. Декларацијата за човековите права била донесена во 1948 година и нејзиното почитување требало да претставува услов за прием на членките, што за жал не се покажало дека функционира за сите земји. Македонските државници, како да биле пред времето, имено уште на 2 август 1944 година кога биле удрени темелите на македонската држава, била донесена Декларацијата за основните права на граѓанинот на демократска Македонија. Според Декларацијата, се признавале, подржувале и уважувале општоприфатените демократски и човечки права на граѓаните и се укинувала дискриминацијата од секаков вид гарантирајќи ја еднаквоста меѓу луѓето. Членовите на АСНОМ биле свесни за постоењето на националните малцинства, па поради тоа во рамките на Декларацијата за основните права на граѓанинот била донесена одредба со која се признавале и осигурувале правата на националните малцинства за слободен национален живот.

Асномските принципи за рамноправност, еднаквост, толеранција и почитување на различните националности и конфесии, биле инкорпорирани во сите наредни устави на Република Македонија. Па така според уставот од 1946 година правата на малцинствата биле гарантирани, а истите биле проширени според уставот од 1963 година, кога националните малцинства биле издигнати на степен на “народност”.

Најголем дел од малцинствата во ДФМ/НРМ ги сочинувале Албанците и Турците. Албанското малцинство било главно распределено во западните и северните делови на Македонија. Тоа претставувало најбројно малцинство според сите пописи освен според пописот од 1953 година. Меѓутоа настрана официјалните државни статистички податоци за бројноста на населението,

точниот број на муслиманските малцинства неможел со точност да се утврди. Тоа било така најмногу поради политички и верски причини.

Според пописот од 1948 година албанското малцинство е регистрирано со нереално висока бројка. Тоа се должело пред се на фактот што еден дел од турското малцинство, исламизираните Македонци и Ромската етничка група се декларирлае како Албанци. Сеќавањата од окупацијата на Западна Македонија сеуште биле свежи, пропагандата и теророт извршиле големо влијание кај дел од муслиманското неалбанско население. Но таа пропаганда на некој начин продолжила и по ослободувањето, поради пред се пријателските односи со НР Албанија. Меѓутоа по само пет години драстично се променила ситуацијата. Односите со НР Албанија биле влошени, а со Турција настанало извесно затоплување. Но тогаш станало уште поактуелно иселувањето на Турците и другите муслимани во Турција, па така и дел од Албанците поведени од желбата за иселување во муслиманска Турција, се декларирале како Турци. Но покрај Албанците и дел од исламизираните Македонците, каде што верското преовладувало над националното чувство, се декларирале како Турци. Па поради тоа бројот на Турците во НРМ од 1948 до 1953 година се зголемил за повеќе од 50%. Но веќе на пописот од 1961 година настанала извесна стабилизација на етничката слика на Македонија пред се кај муслиманските малцинства, поради знатно опаднатиот интерес за иселување.

Пред почетокот на масовното иселување турското малцинство било застапено галвно во Тиквешијата, Овче Поле, околу реката Брегалница, во помал број биле застапени и во некои села во околината на Тетово, во Битолско, Прилепско, Дебарско, Велешко и Радовишко и во градовите Скопје, Тетово, Куманово, Битола и Охрид. Желбата за иселување во Турција на турското малцинство, која започнала со повлекувањето на Османлиите од Македонија, никогаш не ни запрела. По ослободувањето

иселувањето на Турците главно било потикнато од економски, верски и политички причини. Иселувањето помасовно започнало во 1953/54 година а се намалило крајот на педесеттите и почетокот на шеесеттите. Поради тоа од 1953 година па натаму бројот на турското малцинство постојано се намалувало.

За разлика од Турците, бројот на албанското малцинство бил постојано во пораст. Тоа се должело пред се на големиот наталитет на Албанците и континуираниот механички прилив на албанско население од Косово и Метохија и јужна Србија, како и тивката албанизација на дел од исламизираните Македонци, ромската етничка група и на дел од турското малцинство. Механичкиот прилив особено бил засилен во педесеттите години кога било актуелно прашањето за ислеување во Турција. Голем дел од доесените Албанци и други муслимани се надевале дека ќе се иселат во Турција, меѓутоа поради условите кои биле поставени од турскиот конзулат мал дел од нив успеале да се иселат. Но треба да се напомене и фактот дека добар дел од косовските Албанци се дошле во Македонија се со цел да се населат трајно, надевајќи се дека тука ќе најдат подобра економска перспектива купувајќи ги евтините куќи на Турците.

Паралелно со зголемувањето на бројот на албанското малцинство се засилувал и сепаратизмот во областитет каде биле мнозинство. Непријателската дејност во првите години главно ја вршеле остатоците од некогашните балистички формации и качачките банди, а подоцна главно албанската интелигенција, политичките емигранти од НР Албанија и оџите. Албанската интелигенција во првите десет години од ослободувањето била составена само од учители. тие одиграле значајна улога во ширењето на големоалбанските идеи помеѓу младата популација злоупотребувајќи ги притоа училиштата. Учителите како и повеќето Албанци членови на Партијата се противеле и на турското иселување и отворањето на турски

училишта, обвинувајќи ја власта дека работела на разбивање на албанската компактност во западниот дел од Македонија. Албанските сепаратисти до објавувањето на Резолуцијата на ИБ (1948) биле прозападно ориентирани. По тој настан тие главно ја подржале НР Албанија во своите напади и иредентистички на ФНРЈ, надевајќи се дека СССР би ја помогнала во остварувањето на тие цели. Кон крајот на педесеттите години повторно се јавила извесна надеж кај албанските сепаратисти дека СССР би ги подржила иредентистичките барања на НР Албанија према Југославија. Оџите главно поттикнувале меѓуверска омраза и протестирале против економските, образовните и еманципаторските одлуки на власта.

Правата на малцинствата за просветно-културен развиток биле гарантирани уште со Асномската Декларација за правата на граѓанинот, а потоа имлементирани и проширени во наредните устави. На тој начин уште од првите повоени години започнало брзо развивање на културата и просветата кај турското и албанското национално малцинство. Согласно со тогашниот образовен систем на НРМ, во прво време биле формирани четиригодишни, седумгодишни па од 1952 година осумгодишни основни училишта. И покрај тоа што се јавувале многубројни проблеми од материјален, просторен и кадровски карактер, сепак развитокот на образованието на Албанците бил постојано во пораст. Додека кај турското малцинство од учебната 1953/54 година се забележало намалување на бројот на учениците. Создавањето на учителски кадар се реализирал преку формирањето на курсеви за учители, а од 1950 година била отворена учителска школа. Додека пак за ликвидирање на неписменоста кај возрасните лица биле формирани вечерни школи. За дополнително развивање на културата и просветата на малцинствата биле формирани културно-уметнички друштва, поедини секции и групи а од 1951 година бил формиран малцински театар. Властите посветиле големо внимание и на

издавачката дејност како и на соодветната застапеност на јазиците на малцинствата на Радио - Скопје.

За полесно интегрирање и прифаќање на новата власт од страна на малцинствата, македонските власти зазеле став да припадниците на малцинствата морале масовно да бидат вклучени во политичките и масовните организации. Но исто така се посветило и големо влијание за вклучување на припадниците на малцинствата во највисоките органи на власта. Па оттаму и редовната застапеност на малцинствата прво во Президиумот на АСНОМ а потоа и во наредните влади и собраниски состави на НР Македонија. Искрените напори за реализирање на тие цели ја отсликувала демократската свест и толеранцијата на македонските државно-политички кадри спрема малцинствата. Покрај подобрувањето на општествено-политичкиот статус на малцинствата, властите посветиле внимание и на подобрувањето на нивната економска положба, преку вложувања во инфраструктурата и изградба на индустриски капацитети во реоните каде биле застапени малцинствата.

Во НР Македонија покрај албанското и турското, во значително помала мера биле застапени и српското, бошњачкото (муслиманското), ромското и влашкото малцинство. Српското малцинство било трето малцинство по бројност, и поради тоа што биле компактни во одредени реони биле отворени училишта на мајчиниот јазик. Во врска со ова малцинство веднаш по ослободувањето се јавил проблемот со некогашните српски колонисти кои барале да се вратат назад на некогашните добиени имоти. Меѓутоа поради нелигитимноста на нивните барања како и поради големата чувствителност на тоа прашање, на колонистите не им било дозволено да се вратат во Македонија.

Главно, положбата на националните малцинства во ДФМ/НРМ била задоволителна и во согласност со општоприфатените универзални начела за правата на граѓаните. Тоа го потврдил и Генералниот секретар на

федералната Унија на европските националности и области, Пол Скадегард кој во 1955 година ја посетил НР Македонија. Правата на националните малцинства гарантирани со асномската Декларација за основните права на граѓанинот, уставот од 1946 и 1963 година, не биле само формалност напишана на хартија, туку за нивно реализирање биле вложени сите напори на тогашните партиско-државни органи. Така да тоа било само една рефлексија на интернационализмот и демократската свест на македонските партиско-државни кадри кога биле во прашање правата и рамноправноста на националните малцинства.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## ИЗВОРИ

### А) НЕОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**Фондови на Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ), Скопје**

- Фонд: Главен одбор на ССРНМ (465)
- Фонд: ЦК КПМ/СКМ (427)

**Архив на МАНУ**

- Фонд: Лазар Колишевски

### Б) ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

**Објавена архивска документација**


- Аграрната реформа и колонизација во Македонија 1944 - 1953 година, (ред. Ачкоска Виолета), ИНИ, Скопје 1997
- Албанците во Република Македонија 1945-1995, легислатива, политичка документација, статистика, (ред. Милосавлевски Славко, Томовски Мирче) Студентски збор, Скопје 1995

- АСНОМ. Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, т. I, кн. 1, Скопје 1984
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, ИИ, Скопје 1981
- Зборник на документи АСНОМ, 1944 - 1964, ИНИ, Скопје 1964
- Зборник на документи за државно - правниот развиток на СРМ, 1945 - 1963, Скопје 1970
- Президиум на АСНОМ, Записници, (ред. Весковиќ - Вангели Вера, Иваноски Владо), ИНИ, Скопје 1994

**Статистички прегледи**

- Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност, по општини и населени места, според пописите, Скопје 1996
- Демографски податоци за село - град во СР Македонија (според пописот на населението во 1961 година - РСЗ) Скопје 1966
- Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, Beograd 1954
- Миграциони движења селско - градско население во СР Македонија, РЗС, Скопје 1968
- Населението во градовите на СР Македонија 1948-1981 година, Скопје 1986
- Население по народност во СРМ, Скопје 1973
- Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM, Skopje 1964

- Настаните на скопското кале од 7 јануари 1945 година, документи, Скопје, 1997
- Попис на населението и становите во 1971 година, Скопје 1972
- Статистички албум на СР Македонија: 1945 - 1984 (РЗС), Скопје 1984
- Статистички преглед (1947 - 1952)

**В) ВЕСНИЦИ**

- "Нова Македонија" - орган на НФ (Социјалистичкиот сојуз) на Македонија

## ЛИТЕРАТУРА

- АСНОМ - педесет години македонска држава, (зборник) ИНИ, МАНУ, Скопје 1995
- Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Мисла, Скопје 1990
- Ачкоска Виолета, Аграрно - сопственичките односи, промени и процеси во Македонија 1944-1953, ИНИ, Скопје 1999
- Ачкоска Виолета, Братството и единството 1944 - 1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, ИНИ, Скопје 2003
- Ачкоска Виолета, Еманципацијата на муслиманската жена и меѓунационалната рамноправност, Гласник на ИНИ, 36, Скопје 1-2/1992
- Ачкоска Виолета, Задругарството и аграрната политика 1945 - 1955, ИНИ, Скопје 1994

- Ачкоска Виолета, Задолжителниот откуп во Македонија 1945 - 1953, ИНИ, Скопје 1995
- Ачкоска Виолета, Идејата за Голема Албанија и некои демографски промени во Западна Македонија во век, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје 1999
- Ачкоска Виолета, Иселувањето на Турците од НРМ по Втората светска војна (1945 - 1960), Историја, бр. 1-2,Скопје 2002
- Ачкоска Виолета, Меѓуетничките односи во Република Македонија 1944 - 1991 година, Предавања на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2002
- Ачкоска Виолета, Миграцијата село - град како последица на аграрната политика 1945 - 1953 година, Гласник на ИНИ, 38, Скопје 1-2/1994
- Ачкоска Виолета, Некои фактори на албанизацијата на етничка територија од големата Источна криза до крајот на ЏЏ век, Гласник на ИНИ, 43, Скопје 2/1999
- Ачкоска Виолета, Општвествено-економскиот развој на современата македонска држава (1944-2004), Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 57, Скопје 2004
- Бартл Петар, Албанци од средњег века до данас, КЛИО, 2001
- Borozan Dj., "Velika Albanija", (porijejklo, ideje, praksa), ISI, Beograd 1995
- Брезоски Велимир, КПМ 1941 - 1944, Скопје 2003

- Бубевски Душан, Миграциите на населението во СР Македонија-внатрешни меѓурепублички текови, Скопје 1990

- Велјановски Новица, Документи за југословенско (македонски) - албанско односи и недоразбирања (1948 - 1960)

- Велјановски Новица, Државно - правниот развој на Македонија, Административно - централистичкиот период на државно - правниот развој на Македонија (1945-1953), Скопје 1992

- Велјановски Новица, Македонија 1945 - 1991, државност и независност, ИНИ-ММ, Скопје 2002

- Даскаловски Васа, Тенденциите на демографскиот развој на Република Македонија, Зборник од вториот конгрес на географите на Република Македонија, Охрид 3-5 Ноември 2000

- Демографска истраживања и карактеристике становништва Југославије према националној припадности, Центар за демографска истраживања, Институт друштвених наука, Београд 1978

- Димитров Евгение, Значењето на Првото заседание на АСНОМ за изградбата на државноста на македонскиот народ, Зб. "Развиток на државноста на македонскиот народ", ИНИ, Скопје 1966

- Иваноски Владо, Македонија во борбата против фашизмот, Историја, XXXI/XXXII, бр.1-4, Скопје 1995/96

- Иваноски Владо, Ослободителната војна во западна Македонија 1941 - 1944, ИНИ, Скопје 1973

- Илиевски Борче, Етничките и демографските промени на територијата на денешна РМ во периодот 1912-1994 година (низ

статистички податоци и архивски материјали), докторска дисертација во ракопис, Скопје 2008

- Илиевски Борче, Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското население од Вардарскиот дел на Македонија 1918-1941 година, Годишен зборник на Филозофскиот факулет, кн. 61, Скопје 2009
- Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје 1969
- Јовановиќ Амалија, Социјалните аспекти на планирањето на семејството во СР Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје 1985
- Јосифовски Илија, Македонското, албанското и турското население во Полог, Скопје, 1974
- Кънчов Васил, Македонија етнографија и статистика, Софија 1900
- Карталов Христо, Последици од миграциите и деаграризацијата на селското население во СРМ, Социјална политика, 3-4, Скопје 1979
- Катарџиев Иван, Историја на македонскиот народ, том четврти, ИНИ, Скопје 2000
- Киселиновски Стојан, Ставови-Кавка Ирена, Малцинствата на Балканот (XX век), Скопје 2004
- Киселиновски Стојан, Етничките промени во Македонија, ИНИ, Скопје 2000
- Кљакиќ Д., Времето на Колишевски, ММ, Скопје 1994

- Лимановски Нијази, Исламизацијата и етничките промени во Македонија, Скопје 1993
- Лимановски Нијази, Исламската религија и исламизираните Македонци, Скопје 1985
- Македонците муслимани (Зборник на материјали од првиот научен симпозиум одржан на 3 и 4 октомври 1981 година во Кичево и од другите културно - научни средби на Македонците муслимани) Скопје 1984
- Мацевиќ Мирјана, Наталитетот на населението во Република Македонија, Географски разгледи, книга, 38-39, Скопје 2003/2004
- Миноски Михајло, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943 - 1946), Менора, Скопје 2000
- Михајлов Миле, Прашањето за обединувањето на Македонија во Втората светска војна, ИНИ, Скопје 2000
- Мокров Боро, Наумоска Катерина, Заедништво или потреба, Менора, Скопје 1998
- Ортаковски Владимир, Малцинствата на Балканот, "2-ри Август С" - Штип, Скопје 1998
- Панов Митко, Селата во Република Македонија, книга 1-2, Скопје 1993
- Петроска Блага, Некои согледувања во врска со наталитетот во СР Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, МАНУ, Скопје 1985

- Прва народна влада на Македонија. Изд. Одбор за одбележување на 40-годишнината од формирањето на Првата народна влада на Македонија, Скопје 1985
- Проблеми на демографскиот развој на СР Македонија, МАНУ, Скопје 1985
- Развитокот и карактеристиките на народно-ослободителната војна и на револуцијата во Македонија, (зборник), МАНУ - ИНИ, Скопје 1973
- Развитокот на државноста на македонскиот народ, Скопје 1966
- Razvoj Jugoslavije 1947 - 1981, Statisticki prikaz, Beograd 1982
- Savremeni etnički procesi u Skoplju, Etnološki pregled, 13, Beograd 1975
- Синадиновски Јаким, Националното прашање и меѓунационалните односи кај нас, Студентски збор, Скопје 1988
- Симеуновиќ Владимир, Становништво Југославије и социјалистичких република 1921-1961, (студије, прилози, анализе) Београд 1964
- Sokolov Lazar, Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 - 1953 godine kao odraz ekonomskog razvoja, Skopje 1962
- Стојчев Ванче, Окупацискиот систем во Македонија 1941 - 1944, Григор Прличев, Скопје 1966
- Ташева Марија, Етничките групи во Македонија, историски контекст, Филозофски факултет, Скопје 1997
- Тодоровски Глигор, Осврт за верскиот и општествениот живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето, Гласник на ИНИ, 40, Скопје 2/1996

- Тодоровски Глигор, Демографските процеси во Македонија предизвикани од иселувањето на Турците во педесеттите години - Причините и почетокот на иселување, Гласник на ИНИ, 41, Скопје, 1-2/1997

- Тодоровски Глигор, Западна Македонија за време на окупацијата (1941 - 1944), ИНИ - ММ, Скопје 1998

- Тодоровски Глигор, Окупацијата на западна Македонија, Скопје 1975

- Тодоровски Глигор, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија, со посебен осврт на исламизираните Македонци, ИНИ-ММ, Скопје 2001

- Трифуноски Јован, Албанско становништво у Социјалистичкој републици Македонији, Книжевне новине, Београд 1988

- Јован Трифуновски, "Бошњаци" у Македонији (прилог проучавања послератних миграција становништва у ФНРЈ), Geografski pregled, V, Sarajevo 1961

- Трифуноски Јован, Исељавање турског становништва из Македоније, Гласник Српског географског друштва, Свеска XXXV/1, Београд 1955

- Трифуноски Јован, Албанското население во Скопско поле, Годишен зборник, Филозофски факултет, кн. 7, Скопје 1953

- Трифуноски Јован, Македонска градска насеља, Београд, 1947

- Трифуноски Јован, Народносна структра кичевске котлине, Гласник српског географског друштва, Београд 1966

- Trifunoski Jovan, O plemenskim odlikama Arbanasa (Siptara) u SR Makedoniji, Naucno drustvo Bosne i Hercegovine: odeljenje istorisko filoloskih nauka, Radovi XXVI, 9, Sarajevo 1965
- Трифуноски Јован, Западна Македонија неки карактеристицни проблем, "Балканика", VIII, Београд 1977
- Ќурчиев Александар, Миграцијата село-град и процесот на деаграризција во СР. Македонија (досегашен развиток и прогнози до 2000 година), Годишник на Економскиот факултет, Скопје 1980
- Urosevic Atanasije, Kosovo, "Naselja", kn. 39, Beograd 1965
- Филип Јован, Подводни гребени на политиката, разговори со Крсте Црвенковски, Македонско радио, Скопје 1993
- Филипови} Миљенко, Северна Велешка Села, СЕЗ, књ. 51, Београд 1935
- Cvijic Jovan, Balkansko poluostrvo, Beograd, 1966
- Црвенковски Крсте, Милосавлевски Славко, Нашиот поглед за времето на Колишевски, Мисла, Скопје, 1996